

Џабир Дерала

# УКРАИНА
## ГОДИНА НА ХЕРОИЗМОТ

*На сите деца на Украина*

Џабир Дерала

# УКРАИНА

## ГОДИНА НА ХЕРОИЗМОТ

ЦИВИЛ
2023

# ИМПРЕСУМ

Џабир Дерала: УКРАИНА - ГОДИНА НА ХЕРОИЗМОТ
Прилог кон изданието: 365 воени денови за Украина и светот
Уредување и подготовка на Прилогот: Драган Мишев и Биљана Јордановска, со поддршка од Редакциите ЦИВИЛ Медиа: Дехран Муратов, Дијана Тахири, Зоран Иванов, Ариан Мехмети, Дамјан Варошлија и други; и Редакција Фронтлајн: Јане Ѓорѓиоски, Ивана Терзиевска Зафировска и други
Фотографии на корицата (предна: Бородјанка, Украина; задна: Бахмут Украина): Едуард Крижанівський (транскрипција на македонски: Едуард Крижанивскиј)
Фотографии и мапи во книгата: Wikimedia Commons; редакциски графики и колажи (Јане Ѓорѓиоски, Џабир Дерала); други извори, според лиценцата Creative Commons
Издавач: ЦИВИЛ - Центар за слобода
За Издавачот: Џабир Дерала
Директор на ЦИВИЛ Медиа: Горан Наумовски
Директорка за администрација и финансии: Соња Ефтовска
Лектура: м-р Гордана Ацеска
Графичка обработка: Шорткат продукција, Скопје
Печати: ПроПоинт, Скопје
Тираж: 200 примероци
Контакти: ЦИВИЛ, Максим Горки 31/1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија; +389 2 5209 176 | civil@civil.org.mk
Медиумска платформа, ЦИВИЛ Медиа:
www.civilmedia.mk | www.drejt.mk | www.civil.today | www.greencivil.mk
www.civil.org.mk

Сите права се задржани.

ISBN-10 608-4815-38-3
ISBN-13 978-608-4815-38-9
EAN 9786084815389

# СОДРЖИНА

ВОВЕД: На оваа „линија на фронтот“ **11**
Што им е работа на шпионите? **15**
Тотално апсорбирани од омразата и неспособноста **19**
Диктаторот не му задоцни на Бајден:
Почеток на расплетот? **22**
Што значи падот на руското „сајбер зло“? **26**
Од тешко, потешко **30**
Путин во потрага по нацисталинистичкото
наследство на СССР **34**
Вести од Источниот фронт **41**
Слободата на Украина значи слобода на Европа и светот **56**
Над густите облаци од пропагандна прашина **61**
Вредноста на слободата **68**
Путин, таа грда историска реприза **72**
Војната на Путин против сегашноста и иднината на светот **76**
Кражба на души **80**
Единствените сојузници на Путин се лагите и теророт **84**
Не кажувајте „стоп“.
Преземете акција за да ја запрете војната! **93**
Црната листа на Лудакот **97**
Можеш ли да замислиш? **101**
Или Путин ќе ѝ пресуди на Русија или таа нему **105**
Украина. Еден месец терор. И лаги. **109**
Разгледница од пеколот на Земјата **112**
Руска пропагандна диверзија
со краток рок и низок дострел **116**
Добре дојдовте „зад димната завеса“ **124**
Митовите за руската воена моќ:
(1) Пропагандата - единственото вистински моќно оружје на Русија **130**
(2) Руската ракета „Сармат“ меѓу фактите и пропагандата **135**
За агресија или за европски слободи? Пораката е јасна, изборот е очигледен! **152**
Медиумите се современата Голгота каде што се распнуваат фактите **158**
Ден на срамот и поразот **163**
Руската пропагандна пешадија заглавена во калта **166**

Крајот на светот: Првите 100 дена **173**
Специјалната руска воена и пропагандна операција
против Украина и демократскиот свет **180**
Что вы думаете, рашисти? **189**
Руска пропаганда „скриена“ во агенциските вести **197**
Далеку е Индија **201**
Украинската офанзива и руската информативна
контраофанзива **203**
Три кратки приказни за кредибилитетот **206**
Балансирани до коска **210**
Winter is coming **214**
Роденденска честитка за злосторникот,
повторување на историјата **219**
Злокобниот инфантилизам на воениот злосторник
и неговата братија **224**
Човештвото се бореше против фашизмот вчера,
се бори и денес. Борбата продолжува! **230**
Морална и човечка обврска **233**
Додека ѕверовите танцуваат низ мрачните агенди **236**
Како се шири руската пропаганда? **240**
Очи силно затворени **250**
Што му се случува на мојот пријател? **254**
Зошто судбината на Украина е и судбина на светот? **259**
Сталин и седумте џуџиња... И вести на МРТ. Ракија и салата од
зелка. **265**
Неказнивоста и Гладоморот: 90 години подоцна, крвавата
мисија продолжува **271**
Година на силно отворени очи **277**
За Путин, сè се одвива според планот **281**
„Неутралци“ или бесчувствителни соучесници? **284**
Наспроти сето неизмерно зло, Украина живее. И ќе победи! **288**
ПРИЛОГ: 365 воени денови за Украина и светот **293**

*Со благодарност до сите колешки и колеги од ЦИВИЛ – Центар за слобода, ЦИВИЛ Мониторинг тимот, Редакциите ЦИВИЛ Медиа и Фронтлајн, и Амбасадата на Украина во Република Северна Македонија*

**ВОВЕД**

# На оваа „линија на фронтот“

*Или: Пишувајќи за Хероизмот наспроти неизмерното зло*

*9 февруари 2023*

Ова е книга за тоа како го видовме и го доживеавме хероизмот наспроти неизмерното зло. За вистината наспроти грамадната машинерија за производство на подли и цинични лаги. Овде станува збор за борбата што ја водат Украинците и Украинките за слобода на својата земја. Борбата што ја водат за себе, за своите семејства, за родниот праг. За достоинството.

И за слободата на целиот свет. Бидејќи борбата за слобода на Украина е борба за слобода на целиот свет. Тоа е славна и незаборавна жртва, која ќе остане врежана во помнењето на човечката цивилизација засекогаш.

Книгата што е во вашите раце е неуедначена во стилот и изборот на поединечните теми во текстовите, донекаде конфузна и неуредна. Единствениот „ред“ во оваа книга е хронолошкиот редослед на моите текстови, како и хронологијата на настаните од првиот ден на инвазијата на 24 февруари 2022 до крајот на првата година, што ја подготвија Драган Мишев и Биљана Јордановска, во блиска соработка со моите колешки и колеги од Редакциите ЦИВИЛ Медиа и Фронтлајн – Дијана, Дехран, Зоран, Ариан, Дамјан, Јане, Ивана, Жорж...

Сѐ останато во оваа книга е слично на војната и борбата за слобода. Тешко, хаотично, грозничаво, емотивно. На моменти и длабоко лично.

Истовремено, ова е книга со ставови, анализи и мислења. Сѐ што се наоѓа на овие страници, без оглед на тоа колку, на мигови, изгледа лично и емотивно, произлегува од - проверени факти, сведоштва, документи... часови и часови комуникација, меѓу кои се и многумина што се наоѓаа на првата линија на фронтовите во Украина.

Во оваа книга, всушност, се опфатени микроскопски мали делови од големите теми што ги отвори оваа војна, најголема и најкрвава од Втората светска војна наваму.

Светот што го познававме, замина во историјата во раните утрински часови на 24 февруари 2022 година. Злосторниците на чело со Путин сакаат да му стават крај на светот во кој човечкиот живот има вредност. Пред нас е историската задача да ја спречиме таа наезда.

Збор-два за „жртвите“ на руската пропаганда. Ги имаат фактите за реалноста буквално на своите дланки, но избираат да му веруваат на злото. Со тоа - избираат да му служат на злото. Заедно со пропагандистите во медиумите, тие се соучесници во бруталната рашистичка агресија. Крвта и страдањето на илјадници жени, деца, мажи, нивните очи, коса, заби, раце, коски, нивните крикови и лелек - ќе ги следат овие слуги на злото до крајот на нивниот живот.

На оваа „линија на фронтот“, ние се бориме против токсичните лаги и пропагандата. Затоа, ја подготвив оваа книга, заедно со моите колешки и колеги од ЦИВИЛ и редакциите ЦИВИЛ Медиа и Фронтлајн, да послужи како едно скромно сведоштво за тоа како, на овој дел од фронтот, ја доживуваме бруталната војна против слободата и демократијата, и вистината.

Насловот на оваа книга е извлечен од ставови, доживувања, перцепции, промислувања на настаните... Едноставно, невозможно е, кога ќе

се спомене Украина, да не се помисли на хероизмот на Украинците и Украинките.

Ова е книга што произлегува од работата во безбедното опкружување на новинарска редакција на околу 800 километри од украинската граница. Но таа редакциска работа, од првиот миг на војната, стана нешто многу повеќе од тоа.

Свесни сме дека оваа војна што ја наметна Злосторникот од Кремљ, донесе неизмерно многу страдања и ја засени иднината на животот на оваа планета. И која згасна многу детски животи, а на милиони им го откорна детството од нивните очи.

Војна што Злосторникот ја започна многу порано, пред тенковските гасеници на руската воинствена орда да ја прегазат украинската граница. И војна што го промени лицето на човечката цивилизација.

Им ја посветувам оваа книга на сите деца на Украина.

Слава Україні!

# Што им е работа на шпионите?

*12 јуни 2021*

На крајот на нашите дневни колегиуми во ЦИВИЛ, една наша колешка обично нè прашува дали сакаме да слушнеме некоја „занимливост“. Секогаш има интересни информации, кои потоа ги коментираме, најчесто со многу хумор.

Во тој дух, ќе ве потсетам на една „занимливост“ што помина речиси незабележано во јавноста. Руското МНР протера македонски дипломат од Москва, како „вратка“ за протерувањето на нивниот шпион од нашата земја. Протеруваат наш дипломат само затоа што бил протеран „дипломат“ од нивното Посольство во Скопје, кој се занимавал со недипломатски активности (шпионски). Не дека нашиот дипломат ги прекршил конвенциите, туку само како реципрочна мерка.

Што им е работа на шпионите во денешно време на сезнајниот Гугл?

Иако не е вообичаено властите да споделуваат детали за шпионските активности на

дипломатите што ги протерува, сепак, познавачите добро знаат за што се работи. Најчесто, шпионските активности на некои дипломати се состојат во формирање мрежи на „информатори“ што се наоѓаат на сензитивни позиции во институциите на државата, која е цел на шпионажата.

Најпосакуваните шпионски „дестинации“ се одбраната, безбедноста и разузнавачките агенции, но и здравството, финансиите, правдата и други ресори. Шпионските мрежи продираат во структурите на системот и прибираат информации за постапките, за плановите, ресурсите, но и за приватниот живот на клучните луѓе во институциите.

Кабинетот на експретседателот Иванов, на пример, беше швајцарско сирење, што допрва ќе се открива како што ќе се приближува случајот „27 април“ кон својот крај. Не мора судскиот процес да открие сè, ќе ископаат нешто и медиумите... Пардон, лош е овој пример, Иванов беше доброволен и добар домаќин, тие беа добредојдени кај него, а неговиот кабинет беше користен како „база“.

Шпионите, освен што прибираат сензитивни информации од сите можни сектори, имаат и други „возвишени“ задачи. Па така, работат на врбување луѓе во политичките партии и други структури во земјата домаќин, кои потоа можат

да бидат искористени за „патриотски игри“ како оние на бојкотирачите, тврдокорните и слични радикални групи и „рогоњи“.

За „обработката“ на новинарските „куртони“ (израз на д-р Латас) не мора посебно да се елаборира, тоа е видливо за секој што барем малку знае да чита, доволен е само еден поглед или клик на познатите групации на медиумите.

Важен дел од „дипломатската“ работа на шпионите е поткопување на демократските институции, опструкции на евроатлантските интеграции и меѓународните договори, како што се Преспанскиот и Охридскиот, откривање класифицирани документи за безбедноста и одбраната и слични „спортови“. На тоа се додаваат и задолженијата за координирање на пропагандата. Крајната цел е позната и за неа е многупати пишувано: дестабилизација на земјата.

Што се однесува до протерувањето на македонскиот дипломат, за наивните, пак, останува прашањето дали нашиот дипломат се занимавал со таква или слична, каква било шпионажа, како што протераниот руски дипломат се занимавал со шпионажа во нашата земја. Колку што е познато, одговорот на ова прашање е негативен. Но тоа и не е критериум, нели?

ПС. Гледајте ги реакциите на овој текст. Мене ми се познати однапред. Ќе ви кажам нешто и за тоа во првата можна пригода. Клучни зборови во една таква анализа би биле: замена на тезите и релативизација.

# Тотално апсорбирани од омразата и неспособноста

*15 јуни 2021*

Колку подобро за македонските интеграции, толку полошо за радикалите и криминалците во политиката. Тотално апсорбирани од омразата, ултрадесничарските политичари и нивниот пропаганден ентураж во континуитет ја покажуваат својата неспособност за учество во напредокот на земјата. Но затоа ја користат секоја можност да истурат лавини омраза и дискредитација на сметка на политичарите, експертите и граѓанското општество, кои нудат решенија во клучните социополитички процеси за исполнување на македонските национални интереси.

Нивниот поглед е вкочанет, вперен кон Истокот (читај Кремљ), од каде што доаѓа поддршката во најразлични форми, не само како несмасно груби изјави.

И тогаш, со така вкочанет поглед, сликата се заматува. Од Истокот ништо добро ниту дошло ниту ќе дојде, ама затоа е лош Западот. Во

Русија никој не сака да оди да работи или да живее, но затоа Западот е империјалистички и неморален. Подобро е земјата да се распадне и да влезе во криза, сиромаштија, а зошто да не и војна, отколку луѓето да живеат во мир и стабилност, достоинствено и со почит едни кон други. Главната парола на ударничките трол бригади е: Колку поназад, толку подобро!

Северна Македонија е за првпат на Самитот на НАТО како полноправна членка, премиерот Заев се среќава со првите луѓе на најголемите и најразвиените демократии на светот и добива целосна поддршка за нашата земја. Но тоа „не заслужува" внимание во медиумите блиски до десницата, а уште помалку некоја изјава, макар на пола уста, во знак на поддршка од шефовите на ултранационалистичките партии. Патриоти се, нели? Или патриотизам е исклучиво тоа со кое се „прославија" и во изминатите четири години: организирање и/или поддршка на крвавиот четврток, насилство, бојкотирање, блокирање и опструкции на правдата… (за претходните години и да не говориме).

Можеби американскиот претседател Бајден срдечно се поздравува и разговара со македонскиот премиер Заев, но тоа не е ништо. Сетете се само на „историскиот настан" кога Обама му намигна на експретседателот Иванов на молитвениот појадок во 2011 година. За

колосалните меѓународни „успеси“ на оваа хард-кор клика може да се напишат многу стории. Ете, на пример, кога партискиот шеф на најголемата партија отаде прогресот и разумот, го „поткрепи“ договорот со Бугарија на средба со бугарскиот премиер Бојко Борисов. Обаче, толку пријатна средба, Борисов дури и вода не му даде да се напие.

Се разбира, за нив донацијата од 20.000 вакцини против Ковид-19 од пријателска Грција е безначајна, настрана „фактот“ дека вакцините се „или со изминат рок или се чипирани“. А неуспешните блокади и протести против ни сами не знаат што? Ах, тоа е само загревање пред некои наредни, исто толку „големи“ политички победи.

Сите се предавници, само тие се патриоти. Сите се шпиони, само тие се верни македонски синови и ќерки. Да бидеме коректни, бугарските пасоши не ги спомнуваме, нели? Само дека Бугарите ги мразиме, се разбира, не повеќе од Албанците, а си ги сакаме само „нашите“. Колку и да не нѐ сакаат тие.

# Диктаторот не му задоцни на Бајден: Почеток на расплетот?

*17 јуни 2021*

Како што се открива од онлајн архивите на светските медиуми, Владимир Владимирович Путин е познат по своето доцнење. Уште во првите години на своето владеење со Русија, тој почнал да ја практикува оваа своја „навика“ – да ги остави луѓето да чекаат на него. Веројатно, многумина ќе најдат сличности со ликови што ѝ се познати и на македонската јавност. Но сега тема е Путин…

Така, на средбата со кралицата Елизабета Втора, Путин задоцни „само“ 14 минути во далечната 2003 година. На средбата со папата Франциск во 2015 година дојде со еден час задоцнување. Поранешниот авторитарен владетел на Украина, Путиновиот штитеник, премиерот Виктор Јанукович, во една пригода го чекал дури четири часа. На средби со европските лидери Путин редовно доцни околу еден час. Родителите на децата загинати во авионската несреќа во 2002 година го чекаа два часа на гробиштата. Му доцнеше и на

Трамп. Поранешниот американски државен секретар Џон Кери во 2012 година беше принуден да оди на туристичко разгледување на московскиот Црвен плоштад, цели три часа, чекајќи го Путин да се појави на закажаната средба.

Извори блиски до „дворот“ на рускиот диктатор сведочат дека тој и својата сопруга ја терал до солзи уште во времето на нивната романтична врска пред бракот. Еден и пол час доцнење на романтичните состаноци со неговата тогашна девојка, сегашна сопруга Људмила, биле редовна појава. Често ја оставал да го чека и многу подолго.

Во една ситуација изјавил дека „еден час чекање е знак на почит“, или како што би рекле други – „нека чекаат, има и кого да чекаат“.

Од друга страна, познат е фактот дека Путин секогаш доаѓа навреме за своите телевизиски настапи. Затоа, многумина заклучуваат дека неговото доцнење не е ништо друго освен груб психолошки притисок, лишен од манири, од основна пристојност.

Но што се случи на самитот со американскиот претседател Џо Бајден? Незапаметен досега е случајот Путин да дојде на средба со некој државен лидер предвреме. Според извештаите на светските медиуми, на нивниот самит во вилата Ла Гранж близу Женева, за време на

Самитот Г-7, американскиот претседател дојде точно навреме, но Путин веќе беше таму. Изгледа дека Путин „решил да не ја игра својата вообичаена игра“, како што кажа водителката на Ен-би-си.

Кога сме веќе кај средбата, која, за првпат, кога Путин е во прашање, почна навреме, да се потсетиме што се случи.

Очекувано, средбата меѓу Бајден и Путин не ги надмина високите тензии меѓу двете земји. Бајден, кој во интервју за Еј-би-си, објавено на 17 март годинава, изјави дека Путин „ќе плати за мешањето во американските избори“ и го нарече „убиец“, по средбата со рускиот диктатор не излезе на заедничка прес-конференција. Меѓу другото, овој гест може да се протолкува и како порака дека Путин, едноставно, не заслужува да застане до Бајден.

„Го постигнав тоа за што дојдов“, изјави Бајден по средбата, што зазвучи како ехо на неговата изјава кога слета на британска почва пред неколку дена и, пред американските маринци стационирани на карпестите брегови на Корнвел, Англија, изјави: „Ќе се сретнам со Путин за да му го кажам тоа што тој треба да го знае“.

Путин, кој по средбата сам одржа прес-конференција, изјави: „Мислам дека во оваа ситуација не може да има каков било облик на

семејна доверба. Но мислам дека видовме мала светлина“.

Темите на средбата се веќе познати и ги анализираа и ги коментираа сите светски медиуми. Бајден и Путин, САД и Русија, останаа со длабоко поделени мислења, ставови и позиции. Бајден му ја соопшти засегнатоста на САД со сајбер нападите на Русија врз американските институции, нешто што Путин го негира. Исклучително важен и голем проблем е и состојбата на човековите права во Русија. На овој силен приговор, Путин прибегна кон познатата КГБ-овска тактика со замена на тезите и избегнување на темата.

Сепак, важно е што Бајден се сретна со Путин. Ако поради ништо друго, барем го научи дека треба да доаѓа на средбите навреме. И да го видиме видно растревожен и загрижен. Не било лесно да се биде во кожата на Путин за време на средбата со Бајден. А тоа е добро за демократијата, како во светот, така и во Русија. Средбата Бајден – Путин е своевиден почеток на расплетот во комплицираните и затегнати односи меѓу САД и Русија, но и на Русија со светот. А што значи „расплет“ во случајот со Владимир Владимирович, не е тешко да се претпостави.

# Што значи падот на руското „сајбер зло“?

*19 јули 2021*

На 13 јули паднаа серверите на руското „сајбер зло“. За што се работи? Да почнеме од малку подалеку, ама да не отидеме предалеку…

Познат е рускиот „дипломатски“ став дека сѐ што е лошо за Европска Унија и САД е добро за Русија. Од природни непогоди, до поларизација, политичка и економска нестабилност, радикализација, немири и насилства – сето тоа се состојби и настани кои за руската авторитарна клика се „добри вести“. По долго време, оваа година се бележат првите успеси против авторитарните режими и меѓународното криминално подземје што водат хибридна војна против демократијата.

Антизападните машинерии и меѓународните криминални мрежи (не само руските), вредно работат на поткопување на западните демократии на најразлични начини, меѓу кои највидливи и најнтензивни се кампањите со дезинформации и сајбер нападите.

Светската јавност беше поделена дента кога за време на Самитот Г7 на 16 јуни се сретнаа

двајцата претседатели, американскиот и рускиот. Едни сметаа дека тоа е многу значајна средба, други дека е само уште еден самит на врвот на светот од кој не може да се очекува премногу, трети дека е значаен, но преуранет, особено затоа што Бајден е претседател на САД одвај половина година.

Но од самиот почеток на таа средба што траеше четири часа, светот можеше да забележи дека нешто, сепак, се променило. Рускиот автократ (или: диктатор, како што го нарекува опозицијата по дома) пристигна малку пред Бајден, кој, пак, пристигна точно навреме. Рускиот државник е познат по своето доцнење, од неколку минути до неколку часа, што е дел од неговата *power game* (игра на моќта). На прес-конференцијата по средбата со американскиот лидер, вообичаено студениот Путин покажа јасни знаци на умор и вознемиреност.

На најголемиот американски национален празник, Денот на независноста, 4 јули, руската дарк веб-мрежа наречена REvil спроведе еден од најжестоките во историјата на сајбер нападите (Ransomware Evil: ransomware – софтвер што се користи за уцени и изнудување, evil – зло). Меѓу 800 и 1.500 компании во САД и во целиот свет беа нападнати на тој ден.

Пет дена подоцна, на 9 јули, Бајден во телефонски разговор го предупреди Путин дека ќе го возврати нападот. И дека ова е последната шанса за Путин да преземе чекори да се запрат сајбер нападите од руска страна. Запрашан од новинарка дали ако Путин не преземе ништо во врска со сајбер нападите од руските сервери, тој ќе нареди контранапад, Бајден со насмевка кратко одговори: „Yes!“ (во превод: да!).

Дали по наредба на Путин или поради контранапад по наредба на Бајден, засега не е познато, но руското „сајбер зло“ исчезна на 13 јули наутро. Неизвесно е и дали може да се очекува руското „сајбер зло“ да се појави под ново име со уште поголеми капацитети и пожестоки напади. Непознато (за пошироката јавност) е и дали руското „сајбер зло“ е под директна контрола на Путин или е само интернет разбојничка банда што ужива во неказнивоста на рускиот државен апарат.

Едно е извесно. Хибридната војна влезе во нова фаза. Резултатите од „западната контраофанзива“ допрва ќе се почувствуваат и во преостанатиот дел од светот. Засега, прва жртва на политичко-безбедносниот одговор на руското „сајбер зло“ е REvil. И ова е само почеток.

Знаци за тоа дека хибридната војна навлезе во нова фаза се чувствуваат и во нашата земја. Одговорот доаѓа во вистински миг, затоа што наесен ни претстојат пописот на населението и локалните избори.

# Од тешко, потешко

*27 декември 2021*

Не грижете се, веќе е познато како ќе изгледа 2022 година. Светот ќе продолжат да го тресат постојните кризи, веројатно уште посилно.

Проблематичниот процес на вакцинација во сиромашните држави ќе им даде замав на новите варијанти на КОВИД.

Демократијата и демократските процеси во светот, како и во 2021 година, ќе бележат надолни трендови, отстапувајќи пред наездата на насилството, кршењето на човековите права и деспотските режими. На пример, Извештајот на Фридом хаус 2021, констатира дека „меѓународниот баланс се помести во корист на тиранијата“.

## Постојни и нови кризи

Освен постојните, ќе се разгорат и нови кризи, меѓу кои енергетските, климатските и воените ќе се чувствуваат на секоја педа од планетата. Несигурноста, сиромаштијата, недостигот од храна и распадот на здравствените системи под ударот на пандемијата и на сите други фактори ќе се продлабочат и ќе ги погодат дури и најсилните и најбогатите.

За помалите и сиромашните, оваа година ќе биде тешка на сите можни начини што може да се замислат.

И цените на нафтените деривати ќе растат. Енергијата, мигрантите, пандемијата, економијата и пропагандата ќе бидат оружје за пресметка меѓу конфронтираните страни.

Дезинформациите и теориите на заговор ќе продолжат да ги разградуваат општествата. Тие ќе им дадат „крилја“ на радикалните структури насекаде низ светот. Со тоа, ерозијата на демократијата и демократските институции ќе се забрза и ќе се прелее на улиците.

Оружјето ќе стане секојдневен „одговор“ на проблемите, со што дијалогот ќе биде истиснат од опциите за комуникација меѓу страните во споровите и конфликтите.

Оставаме една тешка и мрачна година, но следната ќе биде уште потешка.

**Фрагилни и пропаднати држави**

Од фрагилни, голем број земји ќе преминат во состојба на пропаднати држави (failed states). Повеќето се држави во Африка, Азија и Блискиот Исток, но и Европа се наоѓа на патот на овој бран (читај: Западен Балкан).

Според глобалниот Индекс на фрагилни држави, „неопходен предуслов за отпорност е залиха на социјален капитал.

Земја што не може да преземе колективна акција, популација што не е спремна да ја сподели жртвата – не може да биде отпорна, без оглед на тоа колку е добра економијата или колку доктори и респираторни апарати може да има.“ Бравурозна констатација, вреди да се запомни.

## Хибридната војна меѓу Истокот и Западот

Хибридната војна меѓу Истокот и Западот влезе во нова, пожестока фаза. Од конфронтацијата меѓу САД и Кина веќе се наѕираат и првите последици. Во 2022 година кинеската економија ќе ги покаже првите посериозни знаци на нестабилност, а тоа секако ќе се одрази на голем број економии во целиот свет.

Светот во овој момент одбројува денови до можната агресија на Русија врз Украина. Тоа ќе биде војна што нема да се задржи само во тој регион. Целиот свет ќе биде погоден од, сега веќе извесниот, воен конфликт.

## А Северна Македонија?

Во Индексот на фрагилни држави, Северна Македонија се наоѓа на 108. место од 179 земји што влегуваат во истражувањето. Но тоа нема

потреба да ги загрижува ниту политичарите ниту општествените фактори.

Ние и онака живееме на друга планета.

Каде што граѓанките и граѓаните се спремни заеднички да ги поднесат жртвите. Тие се медиумски и политички описменети и свесни. Иако се сиромашни. Политичарите се одговорни, корупцијата е искоренета, а сите предизвици се дочекуваат со план и стратегија чија имплементација е беспрекорна. Нели?

# Путин во потрага по нацисталинистичкото наследство на СССР

*13 јануари 2022*

Разговорите за војна и/или мир што, по барање на рускиот државен врв, ги започнаа САД и Русија на 10 јануари во Женева, се најдобрата вест што можеше да ја прочита светот на почетокот од неизвесната 2022 година. Осум часовните тензични разговори меѓу американските и руските дипломати не доведоа до компромис. Разликите се непомирливи. Сè уште. Без оглед на тоа, добро е што проговори дипломатијата, а не заглушувачкиот татнеж на воените машинерии. Исходот од разговорите што продолжија меѓу НАТО и Русија во Брисел на 12 јануари, беше ист.

**„Русија секогаш само се брани, никогаш не напаѓа"**

„Нема причина за страв од некој вид сценарио на ескалација" – им изјави на новинарите Сергеј А. Рјабков, руски шеф на делегацијата од руското Министерство за надворешни работи,

видно изморен од долгата средба со делегацијата што ја води заменичката на државниот секретар на САД, Венди Шерман. Тој кажа и дека Русија нема намера да ја нападне Украина. Никој и не се сомневаше дека тоа ќе го каже.

„Русија секогаш само се брани, никогаш не напаѓа“ – би гласел ироничниот превод на оваа изјава.

Светот ги слушна истите изјави и од Александар Грушко од руското МНР, по четиричасовните тензични разговори во Брисел меѓу НАТО и Русија. Уште пред првата „рунда“ во Женева, беше очигледно дека нема да се приближат ставовите ниту во Брисел, а ниту по разговорите под покровителство на ОБСЕ во Виена, на 14 јануари. Тие беа „фотокопија“ од ставовите на шефот на руската дипломатија, Сергеј Лавров, што ги прочитавме во интервјуто за „Росија Сегодња“ на 31 декември 2021 година.

## Само Путин знае (ако знае)

Веројатно ќе има уште средби, освен ако Путин не издаде команда за „одбрана“ и не навлезе со своите војници на украинска територија. Во ексклузивното интервју за авторот на овие редови, украинската амбасадорка информира дека во должина на границата, во моментов (13

јануари 2022) се распоредени 122.000 руски војници.

Едно е извесно – руска воена инвазија нема да се случи сè додека дипломатите седат на зелената маса.

Сепак, додека руските дипломати неубедливо изјавуваа дека Русија нема намера да ја нападне Украина, руските воени хеликоптери, на 10 јануари, надлетуваа над неколку зони на границата со Украина. Тоа беше сигнал дека воената операција за напад на Украина се во тек. Утредента, на 11 јануари, руските тенкови и пешадија изведоа воени вежби со боева муниција.

Што навистина ќе се случи, веројатно знае (ако знае) само Владимир Путин, неприкосновен владетел на Русија од 1999 година.

## Трикови и тактики

Впрочем, некогашниот агент на КГБ ужива во тоа да се обвива со превез на мистериозноста. Путин постојано ја држи светската јавност во состојба на неудобно исчекување. Неговите изјави често ги шокираат западните дипломати.

Што и да кажат руските претставници Рјабков, Грушко или некој друг на преговарачката маса во Женева, Брисел, Виена или на кое било друго место, на крајот тие изјави се само дел од

триковите и тактиките, а не се цврсто утврдени принципиелни ставови на Путин и неговите воени и пропагандни генерали.

Со други зборови, изјавите од Кремљ или од самиот Путин се само тактички потег на шаховската табла. Не вистински став, туку само маневар со кој се предизвикува илузија за да се зашемети противникот. Бидејќи ставовите и принципите се поврзани со стратегијата за хегемонија и владеење на цврстата рака.

**Целосно непомирливи позиции**

Но колку и да сака да остане мистериозен, Путин не може да ги скрие своите вистински намери, планови и фрустрации. Светот го познава веќе 22 години.

Во анализата на ЦивилМедиа, како и во интервјуто со украинската амбасадорка Наталија Задорожњук, се откриваат сите важни позиции на Русија, од една страна, и ставовите на САД, НАТО и западните демократии, од друга страна. Тоа се целосно непомирливи позиции.

Ако до воена агресија не дојде, тоа ќе биде само поради процената на Путин дека санкциите од Запад и големиот број ковчези од боиштето ќе му донесат повеќе штета отколку корист за неговата клика. Ништо друго.

Агресијата врз Украина трае од 2014 година. На тоа му претходеа многубројни провокации и притисоци од Кремљ и авторитарното владеење на рускиот марионетски претседател Виктор Јанукович.

По Мајданската револуција (2013-2014) во која загинаа околу 80 луѓе во судирите меѓу полицијата и демонстрантите, наместо да продолжи по патот на слободата и евроатлантските интеграции, Украина беше цел на воена агресија.

## Главното руско барање: Повлекување на НАТО во границите пред 1997 година

Путин не може да им прости на западните демократии за влијанието што го извршија, а кое доведе до распад на СССР и Варшавскиот пакт. Во долгите години од неговото авторитарно владеење со Руската Федерација, студениот и пресметлив Путин израсна во архинепријател на демократијата и на Западот. Најголемата, ако не и единствена цел му е да ја врати „старата слава“ на Советскиот Сојуз во чии пазуви тој го започна својот поход кон врвот како талентиран агент на КГБ.

Главното барање на Русија се состои во тоа НАТО да се повлече во границите пред 1997 година. Оттогаш досега, членки на НАТО станаа 13 земји, меѓу кои и Северна Македонија и сите балкански држави, освен Грција. На таа листа

се и државите на поранешниот Варшавски пакт и поранешните советски републики кои Сталин ги анектира во 1940 година.

Историјата забележа дека окупацијата на прибалтичките држави во 1940 година беше дел од нацисоветската алијанса меѓу Сталин и Хитлер и пактот што го потпишаа Молотов и Рибентроп. Путин се обидува да го врати влијанието во земјите што се наследство од ерата на нацизмот со кој Сталин беше во срдечна прегратка до почетокот на операцијата „Барбароса“ на 22 јуни 1941 година.

По овој краток поглед кон историјата, може да стане само уште појасно со какви амбиции (на Путин) се соочува светот.

## Македонскиот контекст

Јасно е и зошто Русија, преку својот министер за надворешни работи Сергеј Лавров и Руската амбасада, вредно работеа на минирање на сите процеси за демократизација и излегување на Северна Македонија од меѓународната изолација во која ја турна режимот на поранешниот премиер Никола Груевски.

Во една ситуација во мај 2018 година, среде Скопје, ни помалку ни повеќе, туку на настан на Факултетот за безбедност(!), тогашниот руски амбасадор Олег Шчербак отворено ѝ се закани на нашата земја, на нејзината суверенoccт и безбедност, доколку продолжи со

приближувањето кон НАТО. Тоа е само еден од многубројните примери за грубото руско мешање во внатрешните работи на Северна Македонија. И ехо на отворените закани што доаѓаа и од самиот Лавров.

*

Украина буквално со крв ја плаќа својата слобода и сувереност, под постојан напад од Путиновиот милитантен режим и со руска чизма на голем дел од својата територија. Околу 14.000 луѓе, од кои 3.300 цивили, загинаа во борбите меѓу руската армија и проруските сепаратисти во окупираните подрачја на Украина од 2014 година досега.

Ако Путин одлучи да нападне, воено-политичкиот пожар овој пат се заканува да го зафати целиот свет.

# Вести од Источниот фронт

*За војната и мирот: Историјата, сегашноста и перспективите на руско-украинската војна, една од најопасните закани за светскиот мир*

*28 јануари 2022*

Светскиот мир виси на конец. Руската армада е на границите на Украина, спремна да ја обнови агресијата започната во 2014 година. Не треба да се биде Магелан за да се открие дека руската воена машинерија е закана за целиот регион на поранешниот Советски Сојуз, со гласно изразени апетити насочени кон земјите членки на поранешниот Варшавски пакт.

Руско-украинскиот конфликт е само еден од 57-те оружени конфликти во светот денес, но ако избие, ќе биде еден од најопасните за светскиот мир. Што се случува на „Источниот фронт“?




*Декласифициран документ на американското разузнавање: процена на движењето на руската армија на 3 декември 2021 година (извор: Wikimedia Commons)*

## Ѕвечкање на оружјето и дипломатско-пропагандни „игри“

Русија не отстапува од своите апсурдни барања НАТО да се повлече во границите пред 1997 година. САД и НАТО го задоволија барањето на руската страна и доставија писмени гаранции (26 јануари) во кои на Русија ѝ се гарантира безбедноста и сувереноста и се повикува на повторно воспоставување на дипломатските односи.

Русија постојано се обидува да се прикаже како жртва, како таа да е нападната. Тоа најдобро го опишува украинската амбасадорка во Северна Македонија, Наталија Задорожњук, во интервју

за ЦивилМедиа (13 јануари 2022) во кое, меѓу другото, вели:

„Русите самите провоцираат, напаѓаат, окупираат, убиваат и притоа чувствуваат „опасност“. Би било смешно да не е толку тажно!“

Рускиот шеф на дипломатијата Сергеј Лавров одговори на прес-конференција веќе наредниот ден (27 јануари), изјави дека документот е основа за натамошни разговори, но дека не дава одговор на главните барања на неговата земја (повлекување на НАТО и Украина никогаш да не биде дел од таа структура).



*Министерот за надворешни работи на Руската Федерација, Сергеј Лавров (извор: веб-страницата на руското МНР)*

Лавров се повикува на 90-тите години од минатиот век кога, според неговото разбирање

на нештата, НАТО „свечено ветил“ дека нема да се шири повеќе:

„Во раните 90-ти години, поточно во 1990 година кога Германија беше повторно обединета и прашањето за европската безбедност беше поставено, тие свечено ветија дека НАТО нема да се шири ни инч повеќе кон исток, преку реката Одра:“

Претходно, американскиот претседател Џо Бајден ги повика лидерите на ЕУ на доверлива видеоврска (24 јануари) и ги зацврсти позициите и единствениот став на сојузниците од Стариот контитент. Веднаш по таа видеосредба, низ светот проструија „вестите“ дека во ЕУ и НАТО нема единство, ни оддалеку.

Но и тоа е дел од „играта“ во која креирањето на јавното мислење и перцепциите може да одиграат важна улога на зелената маса, но и на потенцијалното боиште. Вистината е некаде на средината.

Ниту земјите членки на ЕУ не се единствени (а кога биле?) ниту разликите во поглед на ѕвечкањето на руското оружје се толку големи како што руската пропаганда сака да го прикаже тоа.

**Кога започна конфликтот?**

Во разни варијанти, од осамостојувањето до 2014 година со Украина владееја проруски

марионетски гарнитури. Последната таква фигура беше Виктор Јанукович, чие владеење беше нагласено проруско и авторитарно по угледот на неговиот „тутор“, Владимир Путин. Крајот на авторитарно владеење на Јанукович го означи Револуцијата на достоинството, познато и како Мајданска револуција.

Веднаш по воспоставувањето на новата демократска власт, Украина како слободна, независна и суверена земја, веќе го започна процесот на своите евроатлантски интеграции. Тој процес го запре воената агресија од Русија. Војната, сега уште пострашна и поголема од онаа во 2014 година, тропа на вратите.

Перцепцијата на просечниот консумент на медиумскиот инфотеинмент е дека кризата започна со натрупување на руските трупи и тешко вооружување на украинската граница во ноември и декември 2021 година. Но воениот конфликт започна со руската инвазија на 20 февруари 2014 година. Русија го окупира полуостровот Крим, го поттикна и до денес го одржува оружениот конфликт преку добро снабдените проруски паравојски во источниот дел на Украина.

Руската агресија беше „покриена“ со Калаш-референдуми. Под закана со оружје, меѓу другите и од паравоените групи наречени „Руска православна армија“, по окупацијата на

институциите во источните делови од земјата и на Крим, проруските милитанти спроведоа „блиц“ референдуми за отцепување од Украина.

Украинците со крв ја бранеа својата слобода и суверенитет. Така, во судирите во Одеса во 2014 година загинаа 42 лица (Извештај на ОХЦР при ОН). Од почетокот на агресијата врз Украина, оружените судири однесоа околу 14.000 жртви.

## Решение на кризата е можно, но и воените сценарија се во игра

Руската чизма веќе осум години гази на 7,2 % украинска територија, а од ноември 2021, Путин „турира“ со тенковите и ’ржи со повеќе од 120.000 војници покрај украинската граница, заканувајќи се со целосна инвазија.

Целосно решение на оваа криза е можно само со целосно повлекување на руските трупи од украинска почва, но и со повлекување на руските хибридни напади и финансирањето на проруските паравојски во источниот дел на Украина. Што нема да се случи.

Военото сценарио не е исклучено, ниту сега ниту во иднина, но и загубите на руска страна ќе бидат катастрофални. Од повеќето можни воени сценарија, две се најчесто во оптек. Според првото, руската армија ќе се обиде да продре до Кијив, ќе ја сруши сегашната и ќе воспостави марионетска гарнитура на власт.

Второто сценарио предвидува продор во деловите што се под контрола на проруските паравојски во источниот дел од Украина и поврзување на тие територии со Крим, кој сега е под окупација на руската армија.

Веројатно, Путин е свесен дека целосната инвазија ќе ја чини Русија и него самиот премногу скапо, и тоа на многу долг рок, со сите импликации што не се само воени и политички, туку и економски, социјални и енергетски. Но тој и структурите што се градат уште од времето на Ленин и Сталин нема да се откажат од хибридната (порано попозната како „специјална“) војна со Западот и креирањето проруски режими секаде каде што за тоа ќе се создадат услови.

## Меѓу реалната воена моќ и „маскировката“

Паралелно со ѕвекотот на конвенционалното оружје, руската пропаганда и хибридните напади (без и со воени дејства) се засилуваат до таа мера што и најнаивните веќе јасно ги чувствуваат тешките последици од „долгата игра“ на поранешниот оперативец на КГБ. Тие последици веќе одамна се чувствуваат многу пошироко и многу подлабоко отколку само во регионот на поранешниот Советски Сојуз. Пример за тоа е Западен Балкан, каде што јавноста секојдневно се „бомбардира“ со дезинформации и проруска пропаганда.

Како што стојат работите, станува сѐ поочигледно дека руската страна располага со подобра пропаганда отколку со реални капацитети да ги оствари своите закани. Путин е на чело на воена машинерија со изразито офанзивен карактер, но со безброј слабости што не ѝ даваат можност за целосна контрола на големи територии.

Имиџот на руската огнена моќ повеќе е „маскировка" отколку реалност. Според воените експерти, руското вооружување ни оддалеку не го надминува ни кинеското, а камоли американското (Путиновата „маскировка" и реалната (не)моќ на руската воена машинерија).

Во секој случај, руската армија е доволно голема и моќна за да предизвика огромни и трагични штети. Руското оружје е издржливо и има низа предности, но не доволно за да претставува долготрајна и ултимативна закана за воените ривали.

(Пример: Наспроти големиот број слабости, еден од подобрите примери за достигнувањата на руската воена технологија е тенкот Т-72, кој на производната лента застана во 1972 година. Досега се произведени повеќе од 50.000 тенкови Т-72.)




*Рускиот Т-72 (извор: Wikimedia Commons)*

Известно е дека во воен конфликт, соочена со украинската одбрана на домашниот праг, помогната и од НАТО-сојузниците, руската страна би претрпела несогледливи загуби во секоја смисла на зборот. А тоа ќе му нанесе и фатална политичка штета на студениот автократ во Кремљ. Затоа, на политичарот со покерашки студен израз на лицето му е потребен широк дипломатски, воен и „хибриден“ фронт за да извлече што е можно повеќе од Западот, со исклучително високи влогови, во партија со крајно неизвесен крај.

## Украина не се враќа во руското јато; кои се перспективите?

Без оглед на гигантските воено-политички операции за враќање во „јатото“, Украина веќе одамна е далеку од Русија. Ако некогаш и имаше можности да ја држи под контрола,

преку марионети како Јанукович, по инвазијата во 2014 и најновите закани со стоилјадна војска и артилерија, Русија ја изгуби Украина на неизвесно долг рок.

Воедно, треба да се има предвид и растечката воена моќ на Украина. Кога во 2014 година Русија изврши агресија, украинската армија беше слаба и зависеше од слабо обучените и уште послабо вооружените доброволци. Тоа беше последица од деценискотo запоставување што го спроведуваат руските марионетски власти.

Денес украинската армија е модерна, добро обучена и вооружена. Само американската помош на Украина од критичната 2014 година досега изнесува 5,4 милијарди долари, наменети како за мирнодопски развој, така и за одбраната на земјата. За кратко време, Украина успеа да постигне високи НАТО-стандарди и веќе е подготвена за членство во Алијансата, што веројатно и ќе се случи во перспектива.

Сепак, таа перспектива останува неизвесна. Многу „ако“ стојат меѓу сегашните состојби и украинските аспирации за слобода и евроатлантски интеграции. Зависи од исходот на сегашната криза, од воено-дипломатските преговори и спогодби што претстојат, ако Украина се ослободи од руската воена

окупација на дел од својата територија, регионалниот контекст и руската експанзија и хегемонија во други екссоветски републики… Сето тоа и многу повеќе се бариери за чие надминување постојат безброј опречни сценарија.



*Дел од „пакетот“ американска воена помош за Украина, 20 јануари 2022 година. (photo source: Wikimedia Commons / photo by Mauricio Campino)*

## Русија зависи од Украина, не обратно

Украина ѝ е важна на Русија во секој поглед – историски, политички и економски. Ако се задржиме само на економските интереси, и тоа само во една категорија, може лесно да се заклучи колку, всушност, Русија зависи од Украина, а не обратно.

Половината од руските гасоводи минуваат низ Украина. Гасот што Русија го претвори во

оружје на својата деструктивна политика, нема вечно да биде брана за остри мерки против Путин. Тогаш, на Путин ќе му дојде редот да оди на сè или ништо, со други зборови, ќе стане крајно опасен.

Губејќи ја Украина, единствено што му преостанува на Путин е да го прошири фронтот и да ги „изрекетира“ ЕУ и САД за отстапки на кои никој со здрав разум не би се согласил. Дури и да сака Западот да направи отстапки, не постојат услови за задоволување на руските апетити во услови на демократски поредок во делот од светот на кој Путин атакува подолго од една деценија. Сега Путин е принуден, ако сака да опстане, да се коцка со трпението на НАТО и на Западот, за да купи време за себе и за руските олигарси. Што не е едноставно.

## Европското „слепило“ низ историјата

Можеби за оние што се пречувствителни, споредбата што следува ќе звучи премногу остро, но ситуацијата во последните десетина години наликува на онаа во 30-тите години на 20 век. И во тоа време, демократскиот дел од светот со години ги затвораше очите пред растежот на нацизмот во сопствените општества, а уште повеќе пред воената експанзија на диктаторските режими во Италија и Јапонија, а набрзо потоа и на

Германија (Силите на Оската), која, под јаремот на Хитлер, тргна во освојување на целиот свет.

(Во 1931 година Јапонија ја нападна Манџурија. Во 1935 година Мусолини нареди инвазија на Етиопија. Во 1936 година се удрија темелите на Оската. Во 1938 година Хитлер е топло пречекан во Австрија (Anschluss), а малку подоцна, истата година, Судетската област во Чешка влезе во состав на Германија.)




*Хитлер и Сталин во карикатурата на Клифорд К. Бариман во „Вашингтон стар“, 1939 година, наслов: „Се прашувате колку ќе трае медениот месец?“ (извор: Wikimedia Commons)*

Тие политики на затворање на очите од едната и агресија и геноцид од другата страна, го втурнаа светот во војна со над 60 милиони жртви. Во тој период, воениот експанзионизам на Советскиот Сојуз под челичната канџа на Сталин, кој ѝ се придружи на Оската со

Минхенската спогодба (1938) и Пактот за ненапаѓање (1939), некако помина под радарот на историографијата, барем онаа што беше и е под влијание на Русија.

## Злокобната предност на авторитарните режими

Путин отвора и затвора воени жаришта според своја волја. Тој не подлежи на каков било облик на демократска контрола. Џојстикот на моќта е во неговите раце и тој ужива во својата неприкосновена моќ, заштитена со моќниот репресивен апарат, самиот да одлучува за војната или мирот во светот.




*„Цар на Русија и Крим“, карикатура од Велеман, 2014 (Wikimedia Commons)*

Неволјата со авторитарни режими е во тоа што тие секогаш имаат една, да ја наречеме, злокобна предност. Демократските држави се бавни и нерешителни кога се работи за екстремни потези во политиката, како што е војната. Одлуката за војна или мир во недемократските држави зависи од волјата на еден човек или мала група моќници што не одговараат пред никого освен пред сопствените апетити. Или, едноставно, се помрачени умови.

Како и некогаш, така и сега, авторитарните режими имаат услови побрзо да дејствуваат, без притоа да бидат критикувани од домашните институции и јавноста, бидејќи ги контролираат. Рецептот е едноставен и функционира одлично!

## NOTA BENE

Пропагандата може да ги замагли фактите, но не може да ги избрише. Во фактите не мора да се верува, тие може да се проверат. Ни пропагандата не може да ѝ побегне на реалноста.

# Слободата на Украина значи слобода на Европа и светот

*31 јануари 2022*

Самостојноста, сувереноста и мирот на Украина се во интерес на Европа и на светот. Ова е време кога македонските граѓанки и граѓани имаат морална и човечка обврска да ја искажат својата солидарност и поддршка за пријателска Украина.

Најмалку што може секој од нас да стори е да ги отфрли дезинформациите и пропагандата против сувереноста и слободата на Украина. Слободата на Украина значи слобода и на Европа и во светот.

**Богата и разновидна соработка и размена**

Украина, 24 пати поголема и со 20 пати поголемо население од Северна Македонија, секогаш беше тука, на рамноправни и пријателски основи, да биде ненаметлив, а значаен партнер.

Соработката и поддршката меѓу украинската и македонската држава е повеќеслојна и богата.

За да се стекне макар и основна претстава за разновидноста и богатството на македонско-украинската соработка, може да се прочита и интервјуто со амбасадорката на Украина во Северна Македонија, Наталија Задорожњук.

Економија, трговија, култура и уметност, образование и наука, здравство, воено-техничка соработка, туризам... Практично нема област во која соработката и размената со оваа голема и богата земја не е развиена. И сето тоа се спроведува без помпезност и засновано врз принципите на меѓусебното почитување, рамноправност и пријателство.

## Пријателство

Украина е голем пријател на Северна Македонија. Близината меѓу двете држави се градеше од самите почетоци на нивната самостојност, а официјално, дипломатските односи меѓу двете земји се воспоставија во 1995 година.

Иако и двете земји имаат турбулентна политичка реалност од првиот ден од осамостојувањето, Северна Македонија од СФРЈ, Украина од СССР, двете држави ја препознаваат потребата од зближување и блиска соработка и склучуваат многубројни меѓудржавни договори за соработка и меѓусебна поддршка.

## Меѓудржавни договори и соработка

На официјални меѓудржавни нивоа, Северна Македонија и Украина имаат постигнато 48 договори за соработка, партнерства и поддршка, практично во сите области во кои може да соработуваат две држави.

Економската и трговската соработка е плодна и датира од самите почетоци, дури и пред воспоставувањето дипломатски односи. Во областа на туризмот, културата, уметноста, образованието и науката, се спроведоа и сè уште се спроведуваат голем број проекти, размена и поддршка меѓу низа различни институции, здруженија, мрежи и тимови од двете земји.

Двете земји постигнаа низа договори за соработка и доменот на правните, даночните, архивските и низа други регулативи за олеснување на соработката на правните и приватните лица, институциите и стопанските субјекти. Тука спаѓаат и техничките регулативи и потрошувачки политики во областа на правата на потрошувачите. Понатаму, постигнати се договори и постои соработка во сферата на заштитата на животната средина.

Соработката во областа на здравството е видлива и долгорочна. Во нив спаѓа и соработката меѓу двете земји во областа на борбата против канцерот.

## Заеднички евроатлантски интеграциски процеси

Во поглед на националните, стратегиски интереси, двете земји се посветени на евроатлантските интеграции и соработуваат во процесите за интеграција во ЕУ и НАТО, а повеќе од 20 години е стара и военатa и воено-техничката соработка меѓу двете земји.

Украина како општество, без оглед на многубројните предизвици на внатрешен план, покажала и докажала дека е мирољубива земја што негува добри и пријателски односи со сите земји во своето опкружување и во светот.

## Развојот, стабилноста, мирот и слободата се во интерес на сите

Затоа, дури и оние што се сомневаат во идеите за мир и слобода за сите нации во светот, па го гледаат само сопствениот и интересот на својата заедница, ќе согледаат дека развојот, стабилноста, мирот и слободата на Украина е и нивни интерес.

Само во мирни, стабилни и слободни држави има перспективи за работа, развој и подобрување на стандардот. Конфликтите и војните носат немаштија, глад, болести, страдања и смрт.

Во денешниот свет на глобални комуникации и меѓусебна зависност на државите, економиите

и заедниците што ги формираат луѓето - воена агресија на само 1.000 километри оддалеченост може да биде тежок удар за секого и во нашата земја и во земјите во регионот, Европа и светот.

Оттаму, самиот наслов на овој текст не е празна парола, туку е точна констатација. Слободата и мирот за Украина навистина значат слобода и мир за сите во регионот, во Европа и во светот.

# Над густите облаци од пропагандна прашина

*10 февруари 2022*

Имав прекрасна можност и чест да бидам водител на панел-дискусијата „Руско-украинската криза и Северна Македонија“ (9 февруари 2022) на која учествуваа извонредни учеснички и учесници, меѓу кои и украинската амбасадорка во нашата земја, Н.Е. Наталија Задорожњук.

**Цивилизациска војна**

Во десет минути, амбасадорката Задорожњук направи одличен политички и историски пресек на една долготрајна криза, ја претстави ситуацијата со Русија преку факти и податоци, кои, за жал, малку се присутни во медиумскиот простор во нашата земја. На крајот од своето излагање, амбасадорката рече:

„Или сите ние демократски цивилизирани земји ќе се обединиме врз основа на демократијата, државниот суверенитет, правото на секоја земја да си го избере својот пат на развој, ќе дадеме силен отпор на обидите светот да се подели на зони на влијание – или ќе изгубиме во оваа, како јас би ја нарекла, цивилизациска

војна. Но сигурна сум дека заедно ќе победиме.“

Значајни за јавноста беа и излагањата на проф. Весна Попоска од Универзитетот „Визион“, Росана Алексоска од МОСТ и новинарските ветерани и аналитичари Александар Николиќ Писарев и Љубомир Костовски. Беше вистинско задоволство да се слушне ова изобилство од податоци и анализи. И, за жал, ова е ретка можност во денешно време да се слушнат ставови, информации и анализи, издигнати над густите облаци од пропагандната прашина.

**Неколку факти од „Источниот фронт“**

Украина е самостојна држава. Русија изврши воена агресија и окупира дел од територијата на оваа земја. И сега, Русија вели дека е нападната.

Да се потсетиме на фактите од „Источниот фронт“. Руско-украинската криза започна кон крајот на 2013 и кулминира во 2014 година со воената агресија и анексијата на полуостровот Крим и воено-политичката и пропагандна поддршка на проруските паравоени формации во источните делови на Украина.

Во моментов, 7,2 % од украинската територија е под окупација, на границите со Украина се распоредени повеќе од 100.000 руски војници и тешко вооружување, а во тек се големи

дипломатски напори да се одврати Русија од целосна инвазија на Украина. Повеќе од 15.000 луѓе го изгубија животот во борбите од 2014 година до денес.

Веројатно со најдобри намери, францускиот претседател Емануел Макрон прави дипломатски маневри во обид барем на кратки патеки да го зачува мирот, преку инсистирање на Договорот Минск-2, прилично нефункционален документ, кој само им даде време на проруските паравојски да се прегрупираат и да продолжат со окупација на дел од украинската држава, со силна поддршка од Кремљ. Типична ситуација со мировните договори, особено ако Русија е на едната страна на потписниците.

Оваа тешка приказна е дел од историјата и сегашноста на украинската нација, која и досега е алармантна и мрачна, а допрва може да се претвори во хорор. И тоа не само за двете земји, Украина и Русија, туку за целиот свет.

**Ранливоста на Западен Балкан**

Оваа криза има силно влијание врз целиот свет, а последици веќе се чувствуваат во Северна Македонија, како и во земјите на Западен Балкан. Пред сè, земјите на Западен Балкан се ранливи по многу основи. Тие не се под чадорот на ЕУ, која има многу поголема економска и

политичка моќ да ги заштити своите земји членки.

Добрата вест е дека дел од земјите на Западен Балкан се членки на НАТО, но добрите вести завршуваат приближно таму. Бидејќи, живееме во ера во која пропагандата и хибридните безбедносни закани можат да направат хаос, без ниту еден испукан куршум.

Тоа што луѓето најлесно го разбираат се последиците за економијата, нивниот стандард, снабдувањето со енергија... Многу помалку ги разбираат начините на кои пропагандата ги уништува сигурноста и спокојот. Силниот пропаганден притисок ги прави сите земји во регионот подложни на политичка нестабилност и безбедносни кризи.

Општеството и јавноста се поделени на проруски и прозападни, луѓето без двоумење се впуштаат во „војни на зборови“, не можејќи да ги разделат реалноста и фактите од пропагандата и дезинформациите.

## Секој може да ги дознае фактите, ако сака

Деновиве, од повеќе страни пристигнуваат честитки и признанија за трудот што го вложува екипата на ЦИВИЛ во разбивање на дезинформациите и митовите околу руско-украинската приказна. Еден новинар, чие мислење и текстови особено ги ценам, му се јавил на мојот колега Мишев и му рекол дека

изгледаме како да имаме дописништво во Украина. Немаме, но затоа се трудиме да ги пронајдеме фактите и вистинските извори. Прашуваме, проверуваме и повторно прашуваме. И дознаваме.

Секој може да ги дознае фактите во денешно време, само треба да посака. ЦИВИЛ како организација и ЦивилМедиа како медиумска платформа на македонски, албански и англиски јазик, секојдневно објавува вести од тој регион. Голем број анализи, изјави и интервјуа беа направени со користење на релевантни извори, кои пред македонската јавност ја претставуваат состојбата каква што е, лишена од пропаганда и манипулации со фактите.

Изворите на ЦивилМедиа се, меѓу другите, независните медиуми, експерти и институции и во Русија и во Украина, вклучувајќи ги тука официјалните веб-страници на руското и украинското МНР. Се разбира, авторките и авторите што пишуваат за медиумската платформа на ЦИВИЛ како извори користат литература и релевантни медиуми, експерти и државни институции и од земјите на Западен Балкан, ЕУ и САД.

Сето тоа заедно е еден чесен и професионален обид да се придонесе кон објективно информирање и дебата заснована врз факти.

Панел-дискусијата на ЦИВИЛ открива дека нашето општество има извонреден потенцијал, експерти и аналитичари со продлабочени знаења и разбирање на состојбите и процесите. Само треба да им се даде простор во јавноста.

**Ритамот на злокобниот танц**

Слободољубивиот дел од светот е свесен дека слободата и мирот на Украина значат слобода и мир за Европа и светот. Светскиот мир виси на конец. Но мирот не зависи од тоа дали една суверена држава сака да се приклучи кон некоја меѓународна асоцијација, туку од државата што поставила тенкови на границите со соседната држава. Зависи и од тоа колку светот ќе се однесува исто како и во годините пред почетокот на Втората светска војна. И колку јавноста во демократските општества ќе дозволи да бидат злоупотребени инструментите на демократијата во полза на руската пропаганда.

Проблемот со дезинформациите не е во тоа што нема информации и експертиза, нив очигледно ги има во изобилство. Луѓето, едноставно, се жртви на пропагандата, која ги наведува да им се препуштат на емоциите, колку и да се тие непријатни и мрачни. Реалноста е толку „вистинита“ колку што се совпаѓа со нашите предрасуди. За жал.

Некој ќе рече – одлуката да не им се верува на фактите не ја намалува нивната точност. Тоа се подразбира, но суштината не е во вредноста на фактите и вистината, тоа е неспорно, туку дали и колку луѓе им веруваат на невистините што ги потврдуваат нивните предрасуди.

А предрасудите, пак, се откриваат и се искористуваат, но и се создаваат или се поттикнуваат претходно и паралелно со пропагандните операции во образованието, медиумите, културата, религијата, естрадата... Комплексно, нели? Имено, политичките состојби и процеси зависат од тоа колкав број луѓе ги затвориле очите пред разумот и им се предале на базичните емоции (стравот, лутината, тагата и љубовта) што ги предизвикале дезинформациите и другите пропагандни операции. Во тие бројки и пропорции се крие ритамот на злокобниот танц.

# Вредноста на слободата

*20 февруари 2022*

Додека на границите татни руската воена машинерија, а паравојските под диктат на Владимир Путин секојдневно ги кршат договорите за прекин на огнот, Украина го одбележува 20 февруари, Денот на хероите на небесните стотина. Овој ден е посветен на сеќавање на жртвите на режимското насилство на Виктор Јанукович за време на настаните што го променија текот на украинската, но и европската историја.

Историјата ќе забележи дека повеќето од Небесните стотина ги дадоа своите животи за време на Револуцијата на достоинството (ноември 2013 година – февруари 2014 година). Други го загубија животот подоцна – во март и април 2014 година, бранејќи ги идеалите на демократијата, човековите права и слободи, европската иднина на Украина.

## Мајданската и Шарената револуција

Деновите кога започна Револуцијата на достоинството (Мајдан) во нашата земја

владееше авторитарниот режим на Никола Груевски.

Отпорот беше разгорен. Локалните избори во 2013 година и предвремените парламентарни избори во април 2014 година ги покажаа сите одлики на еден антизападен, авторитарен и клептократски режим. Тој режим не се воздржуваше од брутална примена на структурното насилство врз граѓанките и граѓаните и од изборни кражби со индустриски размери. Две години по Мајдан, во 2016 година се крена Шарената револуција и доведе до пад на режимот.

Сите што зедоа учество во граѓанскиот отпор против насилничкиот режим на Груевски и Фамилијата (како што се нарекуваше оваа авторитарна клика) ги следеа настаните во Украина и беа солидарни со тамошните борци за човечко достоинство. Јанукович беше украинскиот Груевски. И двајцата беа тоа што и денес претставува унгарскиот Орбан. Сите заедно се сенки на тиранинот во Кремљ.

## Мајданскиот „пијано екстремист“

Се сеќаваме на Богдан Днипров, „пијано екстремистот“, кој својот „екстремизам“ го искажа со свирење пијано за време на протестите на Мајдан. Режимските новинари и во Украина и во Македонија им даваа идентични називи на мајданските и шарените

револуционери: агенти, предавници, шпиони, платеници. Кај нас ги користат до денешен ден.

Украинските револуционери на достоинството се бореа за човекови права и слободи, човечко достоинство и за Украина независна од хегемонијата на Путиновата режимска клика.

## Сто и седум жртви

Сто и седум жртви однесоа судирите со силите на режимот на Јанукович. Најмладиот, Назариј Војтович, имаше 16 години, најстариот, Иван Наконечниј, беше 83. Тие, заедно со стотиците илјади демонстранти, излегоа на улиците да ги одбранат слободата и достоинството. И не го жалеа животот, не подлегнаа на пропагандата, не се исплашија од оклопните возила и полициската бруталност.

Бројката од 107 жртви не е конечна. Истрагата е во тек.

## Тешкиот пат на Украина до слободата

Годините што следуваа за Украина беа тешки. По падот на марионетскиот режим на Јанукович, Русија изврши агресија врз Украина и го окупира полуостровот Крим, а во источните делови на земјата инсталира паравојски во „приватно-државна сопственост“ (паравојските „Вагнер“, „Руска православна армија“ и други). Од почетокот на руската агресија на украинско тло, животот го загубија 15.000 луѓе.

Истовремено, поголемиот дел од Украина живее во слобода и развој. Демократските власти во Кијив со решителни чекори ја водат земјата кон евроатлантските сојузи, нешто што стана дел и од самиот устав на Украина. Притоа, на сè поголем број луѓе во светот им станува јасно дека слободата на Украина значи и слобода на Европа и светот.

## Најголемата војна на европско тло во изминатите 80 години

Путин, свесен дека украинската слобода и независност значат крај за неговиот деспотизам што трае повеќе од две децении, ја покрена воената машинерија во обем невиден од Втората светска војна наваму. Тој веќе започна операции што јасно покажуваат дека е спремен да изврши тотална инвазија со „блицкриг“ (Blietzkrieg) и така да ја поведе најголемата војна на европско тло во изминатите 80 години.

Затоа, Денот на херојството на херојските стотина е важен за секој човек што ја знае вредноста на слободата, на човековите права и слободи, на човечкото достоинство.

**#StandWithUkraine**

# Путин, таа грда историска реприза

*Или: Човекот што го изгуби контактот со реалноста, изврши инвазија врз Украина. И врз светскиот мир.*

*22 февруари 2022*

Тоа што подолго време го тврдеа американскиот претседател, експертите и разузнавачите, се покажа како точно. Путин цело време се подготвуваше за воена агресија и никогаш немаше намера да дозволи да дојде до дипломатско решение. Сценариото беше познато до детали, колку и да не сакаше светот (особено Европа) да верува во тоа.

Сцена по сцена, акт по акт, се напуштаа сите надежи дека Путин можеби и ќе се вразуми и ќе остане да плови низ дипломатските води. Без оглед на тоа колку тоа го правеше несмасно и со фантастични барања. Голем дел од европските политичари, пак, како да се надеваа дека ако силно ги стиснат очите, некако ќе помине злокобниот татнеж на војната. Без оглед на фактот што во Украина, среде осумгодишна (не)декларирана војна,

веќе загинаа повеќе од 14.000 луѓе и секој ден гине понекој украински војник или цивил.

Сепак, американскиот претседател Бајден знаеше барем малку повеќе од сите други. Така и би – Путин тргна во нова етапа од својот воен поход на Украина, започнат во 2014 година. Тоа навистина и можеше да се очекува од човекот што сите овие години се обидува да го „продаде“ лажниот империјален сјај на Русија, а себеси се доживува како современ руски император.

За да го оправда својот чин, веројатно пред себеси, бидејќи и онака никој нормален во светот не му верува, тој одржа гневен и театрален говор во кој ја објави својата одлука да ги признае украинските области Донецк и Луганск како „независни и суверени народни републики“. Веднаш потоа следуваше и потпишување декрети за признавање и поддршка на „народните републики“. Со тоа, падна и „непредвидливата“ одлука и за испраќање руски „миротворни“ сили на териториите, кои од 2014 година ги окупираат токму марионетите на Путин и паравојската што тој силно ја помага и ја вооружува.

Се разбира, Путин го „поткрепи“ признавањето со само нему својствен „државнички“ чин да ги заштити Русите од „геноцид“ во Украина. Колку пригодно, неговите кучиња на војната од

„независните народни републики" во Донецк и Луганск побараа заштита и, ете, ја добија. Театар за мали деца. Само крвав.

Во мугрите (22.2.2022), руските тенкови навлегоа на украинска територија во областа Донецк и го означија почетокот на инвазијата по која во светот веќе ништо нема да биде исто.

Во својот говор, кој ѝ претходеше на инвазијата, Путин изрече дури повеќе лаги отколку што е вообичаено за него. Можеби најдобриот опис на овој говор даде поранешниот шведски премиер Карл Билд, кој напиша:

„Ако го споредам со говорот во март 2014, кога Русија го анектира Крим, ова беше многу побурно, раштркано и неповрзано. И поопасно. Сега тој го доведува во прашање самото постоење на Украина како нација. Тоа е човек со огромна моќ што го изгубил контактот со реалноста."

За Путин фактите никогаш не се важни. Тој се чувствува доволно моќен да изгради сосема поинаква реалност, онака како што тој ја замислува во својата глава. За него, фактите се неспоредливо послаби аргументи отколку неговите тенкови, ракети и бомби. Манипулација или негирање на фактите и пумпање на мускулите – на тоа се темели неговата стратегија во долгогодишната пропагандна и хибридна војна против Западот.

Сега е веќе сосема јасно, човекот што го изгуби контактот со реалноста, а кој никогаш немал контакт со фактите – нема да се откаже од својот сон за враќање на „империјалниот сјај“ на Русија. Тој сака да ја прекрои историјата онака како што тој самиот ја разбира во бесмислениот есеј „За историското единство на Русите и Украинците“ (јули, 2021). По цена на уништување на човештвото. Како што рече и на Меѓународниот форум за политики во Сочи (октомври, 2018):

„Агресорот треба да знае дека одмаздата е неизбежна, дека ќе биде уништен, а ние би биле жртви на агресијата. Ќе одиме во рајот како маченици, а тие само ќе паднат мртви. Нема да имаат време ни да се покајат за ова.“

Се разбира, во имагинарниот свет на Путин сите се агресори, само тој се брани. Сите ќе умрат, а тој ќе оди во рајот. Веќе видено низ историјата, сега ја гледаме грдата реприза. Ако продолжи како што тргнал, ова веројатно ќе биде последна реприза за човештвото.

#StandWithUkraine

# Војната на Путин против сегашноста и иднината на светот

*24 февруари 2022*

Рускиот претседател Владимир Владимирович Путин започна целосна инвазија од копно и од море врз мирољубивата, независна и суверена Украина. На Путин не му е доволно што од 2014 година окупира повеќе од седум проценти од територијата на украинската држава, па реши да го враќа „империјалниот сјај“ на Русија со воено разоружување на целата земја. Украина одговори на агресијата и веќе започна со одбраната. Но ова не е (само) воена агресија на Русија врз Украина.

Путин е во војна со сегашноста и иднината на светот. Војна на сталинистичкото минато на Русија со современиот демократски свет. Војна во која Путин со својата воена и пропагандна машинерија се обидува да го врати светот во деновите на почетокот од Втората светска војна.

Прва и најголема жртва на војната на Путин се украинските цивили, кои од раните утрински

часови ги слушаат сирените за тревога. Веќе во првите часови од војната има многу разурнувања и човечки жртви.

Меѓу жртвите, веќе одамна, со години, се наоѓаат фактите и вистината. Од првите часови на војната, пропагандата доби на интензитет повеќекратно. Сајбер војната се разгоре паралелно со разурнувањата на линиите на фронтот. Паѓаат веб-страниците на украинските институции и медиуми, сајбер нападите се бележат и насекаде низ светот.

Прашање на денови, ако не и на часови е кога последиците од хибридната војна ќе се почувствуваат во секој дом на европскиот континент и во остатокот од светот. Тоа ќе биде начин Путин да го убеди светот во неговата „вистина“.

Путин, тој студен деспот, лишен од морал, со тактики од времето на советскиот сталинизам, само усовршени, ги прегази сите договори и меѓународното право. Сега и за најнаивните стана очигледно дека тој само се подбива со дипломатијата и дијалогот што му го предложи Западот.

Путин конечно влезе во последната фаза од реализација на својот сон – враќање на Советскиот Сојуз, онака како што тој си го замислува, седнат на тронот на узурпираната

врховна моќ во Русија пред повеќе од две децении.

Да, Путин изврши целосна агресија врз Украина, но и врз светот и современите демократски вредности. Требаше да се очекува тоа од него, иако светот, особено Европа, изгледаат како да се изненадени.

Во своите мрачни и неповрзани говори во последните неколку дена, Путин ја обвинува мирољубивата и независна Украина за нацизам. Вистината е дека агресијата врз Украина се извршува во истиот манир како војната во Полска, 1939 година, кога земјата ја поделија нацистичкиот режим од запад и сталинистичкиот од исток.

Путин ја обвинува Украина за геноцид. Вистината е дека режимот што тој сонува да го врати спроведе геноцид со изгладнување на Украина, Холодомор, во 1932-1933 година, кога од глад умреа 3,9 милиони луѓе. И сега спроведува воена агресија со воена машинерија невидена во последните 80 години во светот, која нема никаква друга смисла и намена освен да предизвика незамисливо разорување, страдање и смрт. Геноцид.

Ова е последната најкрвава етапа од бизарниот пат на рускиот диктатор и агресор. Како и секој автократ, Путин е заглавен во лавиринтот на сопствените трагични бесмислици. Трагични за

Украина, трагични за Русија, трагични за светот.

Веројатно, историјата ќе забележи дека со оваа агресија, Путин ѝ помогна на Европа да се разбуди, барем за миг, од својот долг дремеж. Со години Европа и Западот (можеби се преправаше дека не гледа) се полигон за мешањето на Путиновата клика во нивните внатрешни работи, во економијата, политиката, изборните процеси, медиумите, културата и односите меѓу заедниците.

Европа треба да научи дека ако нешто не сака да се случи, не значи дека тоа нема и да се случи.

Дали Европа и светот ќе научат нешто од сопствените грешки и ќе останат фокусирани, обединети и решителни или силно ќе ги стиснат очите и ќе му дозволат на Путин да го врати тркалото на историјата за речиси еден век? Невозможно е да се даде одговор на ова прашање на првиот ден од нападот, но добро е да се постави.

Иднината е неизвесна, а минатото се врати на прагот на нашите домови. Бројчаникот на смртта се врти сè побрзо.

# Кражба на души

*2 март 2022*

Ги гледам просоветските тролови како се нафрлија на медиумските прилози, вестите, анализите и колумните поврзани со руската агресија врз Украина и врз мирот во целиот свет. Тие не ги гледаат, не ги читаат и не ги слушаат вестите. Не ги прифаќаат.

Седнати се во тобоганите на пропагандата која трае со години. Тоа им е најудобно. Не мора да се платени, напротив, убеден сум дека најдобар дел од нив се „корисни идиоти“ (израз што му се припишува на Ленин). Пропагандната доктрина стара еден век, која не само што не е напуштена никогаш туку е и постојано усовршувана, однесе неброени животи низ светот. Буквално.

## Не е срамота да се промени мислењето

Не мора да значи дека дистрибутерите на таа пропаганда се неинформирани и необразовани луѓе. Напротив, уште од првиот миг на создавањето, а така и сега, цел на пропагандата со која се „произведуваат“ корисни идиоти на „спротивната страна“ се „независни и критички“ умови, академици, интелектуалци, креатори на јавното мислење.

Без навреда и со најдобри намери, ја нудам оваа добра тема за размислување за време на паузата со „десетка“ со или без кромид, *„смути* и *веѕи* сендвич“ или што и да е дел дневната рутина.

Не е срамота да се промени мислењето. Срамота е да се биде во ситуација да влијаете врз јавното мислење или врз мислењето во вашата непосредна околина, а тоа да се искористи за да ѝ се робува на деструкцијата. Погледнете ги вестите, но ослободени од емоциите на страв што ви ги предизвикува пропагандата. И не додавајте „ама“ и „што со“ во вашите мисли, само погледнете ги вестите.

## Вистинските патриоти

Не е тоа филм, тоа се факти. Нема оправдание за која било агресија, нема оправдание за убивање цивили, меѓу кои жени и деца. Точка.

Погледнете ги десетиците илјади демонстранти во Русија. Не се тоа платеници, туку патриоти. Вистински патриоти. Тоа се луѓе што тргнале во благородна цел – да ја спречат војната и да му кажат на светот дека не сакаат да ја споделат одговорноста за страдањата што ги предизвикува „императорот“ од Кремљ.

## Жртви на системот

Со години се работело и сега се работи на вас. Време е да ја сопрете кражбата на вашата душа.

Не предавајте им се на оние што бесплатно ги користат вашите мозоци, како што „копачите“ на криптовалути крадат струја или сајбер криминалците што нечујно влегуваат во вашите компјутери и ги крадат вашите информации, пари и приватност.

И да им одговорам на сите од ова место. Не, не мора никој да нѐ „ангажира“ за да бидеме искрено загрижени и солидарни со било кој човек на светот, со било кој бегалец од страдањата што ги носат диктаторите, немаштијата и војните. Нема потреба од задоволување на посебни критериуми за да сочувствуваме со неизмерната болка што ги носат човечките загуби од војната. Напротив, тоа е човечки, толку човечки! Кој не го разбира тоа, има ужасен проблем.

Да се вратам, накратко, кај „обичните“ тролови. Тие не се многу писмени. За жал, со секој свој коментар го откриваат своевидниот криминал што со генерации го извршуваат политичарите и медиумите, но и институциите за образование и култура, оние што ги креираат политиките во општеството.

Накратко, тие се жртви на главните носители во процесите во кои се креира политичката култура на едно општество. Можете да ги наречете и жртви на системот.

Во една војна, вистинска и крвава или хибридна, не се виновни пешадинците, виновни се генералите. Кажете им не. Имате право на тоа и не е срамота.

# Единствените сојузници на Путин се лагите и теророт

*4 март 2022*

Кога секоја минута е исполнета со безброј грозоморни настани и секоја наредна минута може да донесе вести полоши од претходните, поимот за време станува сосема поинаков. Ако надежта го движи човекот, тогаш времето, секоја измината минута од една војна, станува како жив песок. Прво ја проголтува надежта, а потоа и самиот живот…

**Твит.**

Голем дел од жителите и политичките лидери на оваа планета изгледаа шокирани од бруталната руска агресија врз Украина на 24 февруари. Сепак, моето скромно мислење е дека тоа беше повеќе глумење шокираност, бидејќи агресијата ни оддалеку не беше неочекувана. А и не е дека не знаеле. Една недела по нападот, сега веќе и лидери на помали земји како Северна Македонија, споделуваат информации дека уште на почетокот на ноември било познато дека Путин

сигурно напаѓа, како што изјави Пендаровски. И Зеленски во интервју за Си-ен-ен откри дека неговите ретерирачки изјави до последниот момент биле тактички потег.

Урсула фон дер Лејен направи неколку објави на Твитер доцна ноќта на 26 февруари, на крајот на третиот ден од руската воена агресија врз Украина. Меѓу другото, таа напиша:

„Прво, ќе се посветиме одреден број руски банки да бидат отстранети од SWIFT. Тоа ќе ги спречи да оперираат во светот и ефективно ќе ги блокираат рускиот извоз и увоз.“

Иако ретко се впуштам во дијалог на социјалните мрежи и претпочитам мојата јавна комуникација да ја „ограничам“ на пишување или говорење во медиумите, сепак, одлучив да им се приклучам на 1.325-те коментари колку што г-ѓа фон дер Лејен доби само во првите два часа по нејзиниот твит.

„Не е доволно“ – ѝ напишав – „Далеку, далеку од доволно. Отстранување на „одредени руски банки“ од SWIFT е предолга игра. Задоцнета. Како и да е, тоа е малку повеќе од прилично ништо што вие направивте досега. (Вие, мислам на #ЕУ). #StandWithUkraine“

**Иронија.**

Во секој случај, мора да се одбележи решителноста на Европска Унија. Иако беа

замелушени во првиот ден и пол, тие покажаа извонредна координација веќе кон крајот на вториот ден. Го усогласија и го заостриja тонот на своите твитови. Твитови? Како тоа им помогна на Украинците што беа соочени со крвавата агресија? Не многу.

Сепак, со оглед на познатиот политички „менталитет“ на ЕУ, сепак реакцијата беше молскавична, колку и да има (заслужена) иронија во овој став.

**Бајден.**

Американскиот претседател, сепак, беше побрз од сите – воведе (некакви) мерки три дена пред инвазијата, веднаш по бизарниот чин на признавање на „независните народни републики“ на тлото на Украина.

Бајден продолжи со воведување мерки и санкции, прво за гасоводниот оператор Нордстрим 2, во партнерство со германскиот канцелар Олаф Шолц. Дента кога Путиновата солдатеска згази на украинска почва, Бајден го свика Националниот совет за безбедност и воведе нови санкции.

Во своето обраќање до нацијата на 2 март (6-ти ден од агресијата), Бајден рече дека Путин ќе ја плати цената на долг рок. Во меѓувреме, агресијата го зема својот крвав данок секоја минута. И сè што остава се само длабоки и трагични лузни на долг рок.

**Нуклеарна војна.**

Трет ден од инвазијата, прв ден од бурната реакција во светот. На 27 февруари, Путин нареди руските нуклеарни сили да се стават во борбена готовност. Ако на денот на инвазијата (24 февруари) не беше јасно, сега веќе стана јасно дека живееме во свет што се промени преку ноќ. Полош свет тешко дека можевме да замислиме, освен оној по нуклеарна војна.

**Уништување.**

Агресијата станува сè пожестока од час во час. Претседателката на Грузија, Саломе Зурабичвили, за Си-ен-ен изјави дека не верува дека Путин има цел само да заземе одредени региони на Украина, туку дека ја „уништува целата земја.“ Да. Токму тоа се случува. Уништување на цела една земја. Ако на Сталин не му успеа со Холодомор, Путин сака да го стори тоа со оган, неповратно и засекогаш.

**Жртви. Протест.**

На крајот на третиот ден од инвазијата светот се крена на нозе. Милиони луѓе излегоа на улиците низ целиот свет. Се кренаа и Москва и уште педесетина градови низ Русија. Тогаш веќе имаше стотици цивилни жртви од очигледното таргетирање на цивилни цели. Меѓу цивилните жртви има и деца. Руските гранати и ракети погодија станбени згради, трговски центри, училишта, градинки, болници,

породилишта… Милион бегалци за седум дена… Прва жртва: вистината.

**Целиот свет задоцни со Украина.**

Осудите, острите твитови, делумните банкарски блокади и санкции, па дури ни резолуцијата на ОН, заканите со истраги за воени злосторства, како ни милионите демонстранти низ светот и во Русија не го сопреа Путин да продолжи со разорување на земјата и убивање цивили. Рускиот тиранин сѐ уште зборува за неговата „борба против неонацистите“ на Украина, која ја предводи човек со еврејско потекло, чии предци паднале како жртви на холокаустот.

Со 90 % од воените сили што беа на границите навлезени во Украина на почетокот на осмиот ден од агресијата, со користење оружје забрането според меѓународните конвенции – Путин продолжи со деструкција и убивање цивили.

„Оваа војна е за целиот свет“, рече легендарниот претседател на херојската Украина, Володимир Зеленски за Си-ен-ен, војна за демократија и слобода. Но тој со право кажа и дека „целиот свет задоцни со Украина.“

**Отворени очи.**

Русија останува во медиумски мрак. Путин се закани со 15 години максимална затворска

казна за оние што ќе шират „лажни вести“ за „праведната специјална операција“ што тој ја води во Украина. Тоа не му помогна многу. Густиот чад од воениот пожар во кој гинат и малите деца, не може веќе да се скрие. На сѐ повеќе луѓе во Русија им станува јасно: Единствените сојузници на Путин се лагите и теророт, ништо друго.

**Резолуција.**

Генералното собрание на Обединетите нации направи изненадувачки крупен чекор. На вонредната седница на 2 март, со огромно мнозинство на земји членки (141 од 193) донесе резолуција со остра осуда на руската агресија. Само Русија, Белорусија, Еритреја, Северна Кореја и Сирија гласаа против. Кина и уште 34 земји без воздржани. Историски момент кој на многу долго време ја изолира Русија од светот во секоја смисла на зборот. Една огромна црна дамка на светската мапа од новата мрачна ера.

**Злосторства и истрага.**

Меѓународниот кривичен суд започна процедура за истрага за воени и злосторства против човештвото на 1 март. Руските агресори, веќе во првите 72 часа по почетокот на инвазијата, извршија многубројни воени злосторства и грубо го прегазија меѓународното хуманитарно право,

вклучително и женевските конвенции. Овие злосторства само се зголемуваа од час во час, и тоа натрупување на злосторства трае и во мигот кога овој текст се подготвува.

Кога злосторствата ќе стивнат, се очекува казна. Која најчесто изостанува или се губи во лавиринтите на политичките преговори, продажби и препродажби.

Тоа не е доволно. Меѓународните институции и Меѓународниот кривичен суд мораат да ги согледаат размерите на злосторствата што се случија веќе во првите часови и денови на агресијата. На секој човек со здрав разум веќе сега му е јасно што може да се очекува доколку руската агресија продолжи и што ќе се случува во окупираните области на Украина.

**Реликт од минатото. Растроен. Со ракета на големото црвено копче.**

Иако целиот свет се крена против него, дури и огромното мнозинство од државите, Путин посегна со ракета кон големото црвено копче и се закани со нуклеарна војна.

Тој е реликт на едно мрачно минато. Еден твитерџија добро забележа дека во својот кабинет има два (инаку се три) старомодни фиксни телефона, малку пожолтени од времето и факс-машина (за помладите: тоа е еден одамна надминат уред за телефонско испраќање документи). Но тоа е најмалку

важно, иако е симптоматично. Важно е што станува сѐ поочигледно дека Путин има проблеми со присебноста, чувството за одговорност и разбирањето на реалноста. Длабоко е растроен. Иако, да го повторам ставот на Зеленски, светот задоцни.

## Како да се преговара со Путин?

Како да се преговара со ваков лик? На првиот ден од инвазијата не му крена слушалка на украинскиот претседател Зеленски. Вториот ден рече дека сака да преговара, ама само под негови услови што значеа капитулација на Украина. Третиот ден рече дека не е проблем, сака да разговара за мир. Четвртиот ден посегна по црвеното копче, рече дека сѐ уште сака да преговара, ама истото попладне испрати 4,5 километри долга колона тенкови на Кијив (во моментот на пишување на овој текст се на околу 50 км од главниот град).

Овој лик е опасен колку што е луд. Ако некој и реши да преговара со него, подобро му е да носи флаширана вода, сендвичи од дома и гас-маска, а секако и панцир, бидејќи студениот психопат од Кремлин е познат по тоа што многу сака да ги убива своите опоненти (со огнено оружје, јаже или отров).

Значи, да го одговориме прашањето од погоре - Како да се преговара со Путин? Одговорот е - Никако. Што и да се договорите со него, тој ќе

најде „добар“ изговор да го изигра договорот. И тоа некои го нарекуваат „стратегија“, но тоа е посебна приказна (дијагноза).

**Излез.**

Има ли излез од состојбата во која е светот денес? Теоретски, да: Светот да извлече поука од оваа мрачна епизода што го доведе до работ на целосното уништување и да се реорганизира од корен – да стане поправеден и мирољубив.

Сега следува горчливо и громко и саркастично смеење. Светот нема никогаш повеќе да биде ист. За да биде подобар, ќе треба да почекаме тоа да го направат следните генерации, кои веројатно сѐ уште не се родени. Значи, ние нема да дочекаме. Да се надеваме дека рускиот политички Брут ќе ја заврши работата пред Путин да го уништи светот.

# Не кажувајте „стоп“. Запрете ја војната!

*Пред Лудиот да го претвори целиот свет во пекол*

*5 март 2022*

Светот гледа додека Путин води тотална војна против Украина и спроведува геноцид. Се чини дека сè во меѓународната политика е подготвено да го види падот на една нација и неискажливото човечко страдање и крвопролевање. Во секој час од денот се објавуваат силни изјави и говори, уште посилни твитови.

Со изненадувачка брзина, Европа се придвижи кон блокирање банкарски сметки, укинување бизниси и забрана на воздушниот простор за руските авиони. Таа, исто така, брзо се придвижи кон отворање на границите за поплавата од украински бегалци, кои бегаат за да си ги спасат животите (можеме да додадеме, политиката на отвореност и поддршка кон бегалците никогаш не беше видена како одговор на сириската криза). Но ова не е доволно. Далеку од тоа.

Светот, кој себеси се нарекува „слободен“, треба да се разбуди и да го запре претстојниот геноцид врз Украинците. Не е доволно да се мавта со прстот, велејќи дека Путин ќе сноси последици. Зашто, на крајот најмногу последици ќе сносат руските граѓани. Како што видовме, Путин е длабоко посветен на јакнење на својата моќ и на својот застрашувачки тоталитарен режим. Како што знаеме, тој ќе се вкопа уште подлабоко во потрага по поранешната слава на царска Русија. Неговите олигарси ќе изгубат неколку милијарди долари, но нивната огромна моќ да ги контролираат парите и луѓето ќе остане недопрена.

Сите мерки преземени од западните администрации досега се чини дека влијаат врз Русите, кои самите долго време беа и се жртви на постојани дезинформации, манипулации и неописливо кршење на човековите права. Тие не се и никогаш не треба да бидат таргет. Стотици илјади, всушност, ги ризикуваа своите животи за да излезат на улиците за да му кажат не на својот тиранин – диктатор. Токму на овие храбри Руси – нашите другари во борбата против тиранијата која има глобален карактер – им е најпотребна нашата поддршка, за конечно да го урнат милитантниот тиранин во Кремљ.

Путин можеби е многу нешта, но не е глупав. Тој беше добро подготвен за одговорот на Западот.

Тој има кеш, криптовалути и финансиски резерви. Неговиот внатрешен финансиски систем е исто така релативно недопрен.

Тој и неговата клика ја имаат моќта, оружјето и најмногу од сѐ – нечовечноста што ја манифестираат повторно и повторно, способни да ја ослободат својата бесна воена машина и да ги претворат смртта и страдањата на цивилите во оружје на војната.

Нацистичкиот стил на Путин во спроведување на инвазијата подразбира срамнување станбени згради, болници и училишта, извршувајќи неискажливи воени злосторства. Меѓународниот одговор се состои во „уништувачки санкции“ во форма на изјави, резолуции и финансиски мерки.

Дали мерките што ги презема Западот се доволни? Не. Дали е возможен воен одговор? Исто така, не. Дали Западот може да направи повеќе за да им помогне на Украинците да се одбранат? Дефинитивно, да. Дали е сѐ уште можно? Исто така – да, иако прозорецот на можности се стеснува од минута во минута.

Путин прави што сака, не само на рускиот народ, и не само на соседна Украина, која е на работ на збришување од лицето на земјата, туку и на целиот свет. Западните политички и бизнис-елити некако се заробени во мрежата на интереси, бирократија и – пред сѐ, страв.

Непосредните чекори за спречување на натамошното уништување на Украина вклучуваат нејзино членство во ЕУ, воспоставување целосна блокада на Русија и масивно вклучување на НАТО и ЕУ во задоволувањето на потребите и обезбедувањето заштита на бегалците, кои како поплава преминуваат преку европските граници. Путин, преку својот сојузник Белорусија, веќе се обиде да ја дестабилизира Полска преку употреба на бегалци што чекаат на границата. Европа не смее да дозволи настраданите Украинци да станат причина за натамошна радикализација во Полска, Унгарија и другите земји од ЕУ.

Ние, исто така, мора да направиме сè што можеме за да ги информираме Русите за тоа каква смрт ѝ се носи на Украина и да им дадеме до знаење дека се поддржани не само од европските нации туку и од сите мирољубиви луѓе, кои ги охрабруваат да маршираат кон Кремљ и да го соборат Лудиот.

Сето ова мора да се направи пред Лудиот да го претвори светот во жив пекол.

.

# Црната листа на Лудакот

*7 март 2022*

Чест е да се биде во црните листи (тефтерчиња) на злотворите. Многупати сме се нашле во нив. За моите знајни и незнајни другарки и другари тоа е признание дека правиме нешто добро. Никогаш нема нè исплашат црните листи на црните сенки на човештвото.

Путиновата пропаганда обвинува за русофобија!? И предупредува (се заканува) дека грижливо ги документира тие што манифестираат русофобија!!! Злокобно предупредување дека секој што размислува различно од тиранинот од Кремљ го очекува одмазда.

**Русофобија или стремеж за мир и слобода?**

Русофоби ли се и милионите Руси што не сакаат војна против соседна, братска и мирољубива Украина? Тие сакаат да го видат Путин на обвинителната клупа, да одговара за своите злосторства против рускиот и сите други народи што ги упропасти и сега ги упропастува. Тоа ги прави русофоби? Затоа што сакаат мир, слобода и правда?

Русите, русофоби ли се? Ние што израснавме, меѓу другите, и со Тургењев, Чајковски, Пастернак и стотици други, русофоби ли сме? Или тоа најмрачната сила во новата историја на светот реши да се пресмета со светот?

## Црни листи

И прави црни листи режимот на светскиот тиранин. Што друго му е работа? И предупредува дека прави црни листи… Знаеме, не мораше да троши зборови да ни каже дека прави црни листи.

И знаеме дека е свесен: Стогодишната доктрина за водење „специјална војна“ со *дезынформáция* и *маскировка* веќе не функционира. И црните листи веќе одамна го немаат истиот ефект како во времето на Варшáвский договóр.

Во денешно време, црната листа е список на сите што се борат, како што знаат и умеат, за слободата на Украина и на светот, но и за слободата на Русија. Слобода од тиранијата.

## Украинските борки и борци се борат за сите нас

Да, тие украински борки и борци што денеска ќе ја држат линијата на одбраната во Кијив, Мариупол, Одеса…

Тие се борат и за нашата слобода, за слободата на светот, за слободата на нивните соседи Руси.

И да не заборавиме, жртви на бавноста, инерцијата, конформизмот и бирократијата се и оние деца што денеска ќе ги разнесат Путиновите ракети. Путин е директно одговорен, но ќе беше поинаку да не беше светот себичен.

## Ние не сме русофоби. Путин е.

Путин е тој што не го сакаме, ние и безбројните милиони Русинки и Руси, затоа што е убиец и затоа што веќе го уништи животот на милиони луѓе низ Европа и Азија. Сега сака да ја уништи и украинската нација. Се заканува дека ќе го уништи целиот свет, со бледата рака на црвеното копче.

Ние не сме русофоби. Напротив, Русија ја почитуваме, а многумина од нас и ја сакаат искрено. Путин ја мрази Русија и се плаши од неа. Се плаши од Русија слободна, мирољубива, развиена и отворена. Токму Путин и неговата клика се своевидни русофоби.

## The Madman

Многумина во светот го нарекуваат Лудакот (The Madman), но тој е само безгранично крвожеден, зол и себичен. Можеби е и навистина луд. Уште една причина повеќе да се тргне од местото на кое се наоѓа.

Путинистите нека не се тревожат од овој назив. Феноменот на Лудакот не е нов. Во

седумдесеттите години од 20 век, Ричард Никсон играше на таа карта (The Madman theory). И не донесе ништо добро за светот. Сега, Путин се обидува да ја игра истата игра. Не е единствен во светот, но затоа е и најопасен Лудак (со или без наводници) досега.

## Избор

Светот со Путин на обвинителната клупа или во Аркам (Arkham Asylum) ќе добие шанса да биде подобар. Светот со него на командната позиција има шанси само да пропаѓа или целосно да биде уништен.

Ние, на црната листа, избравме. Ова се денови кога сите треба да се одлучат, да се „качат“ на црната листа на Лудакот или да застанат во поворката зад него и да нè одведат сите заедно во амбисот од кој нема враќање.

# Можеш ли да замислиш?

*Посветено на малата Тања од Мариупол, Украина*

*8 март 2022*

Можеш ли да замислиш да излезеш сама на рекреација, до врвот на ридот, во близина на твојот град или село, а притоа да заборавиш да си земеш шише со вода?

Си пешачела веќе половина час меѓу дрвјата, си направила неколку селфи фотографии во природа, си ги споделила на Инстаграм и сакаш да си се наградиш со голтка вода. Го нема шишенцето! Леле! Си го заборавила дома, кога ги менуваше патиките за пешачење, бидејќи овие ти се поудобни. До врвот има уште 300-400 метри воздушна линија, но сигурно имаш за качување барем уште половина час. Беља!

Имаше ли некое поточе на патеката? Како ќе издржиш уште половина час без вода, додека се качуваш по стрмната патека? Ќе има ли некој горе со тезга, да си купиш вода? Дали можеби е подобро да се вратиш дома? Овие и многу други

прашања и нервози ти се свртат низ глава. Многу непријатно, навистина.

*

Сега замисли си дека имаш шест години. Девојче, заробено во урнатините на сопствениот дом.

Наоколу паѓаат бомби, се тресе земјата. Се слушаат и рафали. Крикови.

Ја гледаш мајка ти. Неподвижна е. Ја поттурнуваш, ѝ зборуваш. Поминуваат часови. Мајка ти е неподвижна.

Мајка ти е мртва.

Со време се навикнуваш на гладта и на неподвижното тело покрај тебе. Не можеш да излезеш, ѕидовите се навалени, вратата е блокирана.

Плачеш. Заспиваш во солзи. Се будиш. Гладна. Ти се пие вода.

Со секоја измината минута, сѐ повеќе сакаш да се напиеш вода. Ја голташ сопствената плунка, се облизнуваш. Бараш вода низ усната шуплина, сѐ додека усните, устата и грлото не ти се исушат толку многу што дури и кога дишеш те боли.

Почнува да те боли главата. Не можеш веќе ни да се движиш од силни грчеви во нозете и рацете.

Имаш само шест години, не знаеш дека тоа се симптоми на дехидрација.

Повторно ѝ се жалиш на мајка ти. Таа молчи. Студена е. Од нејзиното тело се шири силен мирис. Ѝ се лутиш, ѝ велиш дека ти се пие вода. Таа молчи. Солзите ти го стегаат грлото. Жедна си. Толку жедна не си била никогаш. Нејасно ти е. Сѐ ти е нејасно.

Зима е. Студено.

Од жедта почнува да ти студи уште повеќе. Пак плачеш, но не можеш да си го слушнеш гласот, затоа што си речиси глува од експлозиите. Немаш солзи. А плачеш.

Ти се мати во главата. Сѐ те боли и многу ти е студено. Тонеш.

По некое време, не знаеш колку, ги отвораш очите.

Мајка ти излегува од бањата, си ја брише мократа коса со снежно бел пешкир. Ти се смешка. Ти носи чаша вода. Посегнуваш со малото раче кон чашата, но многу си уморна. Чашата ти е на дофат на раката, но не можеш да ја допреш. Мајка ти те допира со другата рака по образот.

Ги затвораш очите.

Умираш.

Имаш шест години. Си умрела од жед, покрај својата мртва мајка, затрупана во урнатините на твојот сопствен дом. Сама. Придружена од звуците на експлозиите од руските ракети и бомби. Сама и жедна, во Украина, март, 2022.

# Или Путин ќе ѝ пресуди на Русија или таа нему

*22 март 2022*

Дури и најголемите поддржувачи на Путин, кои слепо веруваа во него и на различни начини со најразлични мотиви го овозможуваа неговото тоталитарно владеење, се згрозени од неговите злосторства.

Генерали, бизнисмени, новинари, политичари, интелектуалци, уметници, граѓанки и граѓани од најразлични патеки на животот и професијата, занемеа пред вестите за систематско уништување на цивилни цели. Сè понеизвесна е судбината на „царот“ во Кремљ. Тој е опкружен со тишината на оние што не сакаат да имаат повеќе ништо со овој злосторник.

Како во најмрачните времиња на сталинизмот, тој по најмалку еднаш во денот носи одлуки со кои некој е сменет, оддалечен или ставен во притвор. Сè започна со крајот на првата недела од агресијата кога стана јасно дека „блицкригот“ не успеа. Украинките и Украинците херојски застанаа во одбрана на својот домашен праг против неспоредливо посилниот агресор.

Колку и да се труди, Путин, кого руската продемократска јавност го нарече Путлер уште првиот ден од инвазијата, не може да ги прикрие крвавите траги од своето злосторство – нападот со најтешкото замисливо оружје против деца, трудници, жени, стари луѓе. Невооружени цивили што се кријат во импровизираните скривници гинат секој ден и секој час.

Путин е соочен со повеќе фронтови од кои на два бележи погубни порази. Едниот е на фронтовите во Украина во кои, наспроти варварските крвави напади врз жени и деца, неговата воена машинерија не бележи напредок. Вториот е фронтот со неговите довчерашни поддржувачи што не сакаат да го споделат историскиот срам, но и одговорноста за бруталноста на агресијата врз Украина во која една четвртина од населението има роднински врски со луѓето во Русија.

Нема човек што не може, ако сака, да го пробие информативниот мрак со кој Путин ја обвитка Русија. Информациите може да се блокираат и кријат, но во денешно време тие успеваат да се протнат и низ најцврстите бариери. Човек треба само да посака и ќе добие информации за тоа што навистина се случува. Тоа не е лесно денес во Русија, но не е невозможно. И паѓа густата димна завеса од лаги. Дури и оние со заробена или помрачена свест не останаа

рамнодушни на неизмерното страдање на недолжни луѓе во ним блиската Украина. И се откажуваат од поддршката на злосторникот во Кремљ.

Сè уште не е измислена таква пропаганда што може да го придуши плачот на илјадниците сирачиња што талкаат на двете страни од украинските граници, крикот на мајките чии деца искрвавија во нивните прегратки, додека над нивните домови паѓа дожд од бомби и ракети.

На Путин му се одбројани деновите. Него сега го штитат само закоравените кучиња на војната, екипа со злосторнички ум ист како неговиот. Но многу помногубројни се оние што сакаат да ја видат Русија назад на мапата на светот. Русите што имаат барем малку достоинство и хуманост во себе, не сакаат ништо друго освен Путин да си оди и да се соочи со одговорноста за бруталната агресија. Тие сакаат да ја видат развиена и слободна Русија во која животот и достоинството на луѓето имаат непроценлива вредност. Некои сакаат да го видат и мртов. Но извесно е дека не сакаат да чекаат историјата да му пресуди на Путин, а со тоа и на цела Русија, туку сакаат да го видат на обвинителната клупа и него и неговата клика.

Моќна е таа енергија на луѓето што сакаат да го видат крајот на војната што поскоро. И тие знаат. Решението е да се сопре Путин, да биде уапсен за злосторствата против украинската, но и против руската нација. Илузиите се растурени во илјадници парчиња. Јасно е: Путин е злосторник и непријател, не само на Украина, не само на Западот, туку и на Русија. Сега останува изборот: или Путин ќе ѝ пресуди на Русија или таа нему.

# Украина. Еден месец терор. И лаги.

*24 март 2022*

Еден месец брутална руска агресија врз Украина. Требаше да биде блицкриг, се претвори во крвава пресметка на еден болен режим против цивилното население на земја во која агресорите имаат 11 (од вкупно 45) милиони роднини.

Завршува еден месец од крвопролевање во кое не се лее само украинска крв. Украинките и Украинците се борат да го одбранат својот дом, но и целиот свет. Крвави целиот свет и со брзи чекори ита кон својот суров крај.

Тенкови против живо човечко месо. Против деца, трудници, стари жени и мажи. Со ужасниот терор на гранатите, бомбите и ракетите, придружен со теророт на лагите се срамнуваат со земјата цели градови.

Десет милиони цивили, повеќето жени, деца и стари, ги напуштија своите домови, од нив, повеќе од три милиони се надвор од границите на Украина. Речиси половина од бегалците се деца. Конвоите на неизмерното човечко страдање на границите и железничките

станици ги пречекаа хуманите луѓе од Полска и од другите европски држави. Ги пречека и мрачното подземје. А трагедијата не завршува со бегството од војната. Криминалците го собираат својот данок во крв и дел од жртвите ги голта подземјето.

Еден месец по почетокот на оваа брутална агресија на режимот на Путин, падна во вода сето пропагандно ѓубре. Тој, заедно со своите сојузници – лагите и теророт – тргна во „специјална операција за демилитаризација и денацификација" против држава што ја води Евреин чие семејство дало жртви во холокаустот. Му се спротивстави слабо вооружен народ, обични цивили што го бранат прагот на својот дом. Толку.

Војната заврши за Путин. Тој и неговите следбеници ги надвисна сенката на нивните воени злосторства. Историјата ќе ги запомни на своите страници на мракот и злосторствата. Уништени животи, уништени градови, уништени генерации. Што и да се случи во и со Украина, Русија и светот – тој доживеа пораз. Но…

Губитници се сите луѓе на светот, потонати во илузиите на конформизмот, предводени од колебливи политичари и алчни опортунисти. И на сите пропуштени шанси да им се даде утеха и засолниште на милиони други луѓе во непосредното и подалечното минато.

И целиот свет да го уништи, тоа е пораз за Путин. Тој го нападна човештвото, почнувајќи од Украина и Русија, завршувајќи со целиот свет. Ако го уништи човештвото, не значи дека е победник. Русија мора да му пресуди на овој злокобен лик што поскоро. Или да му се придружи во вечниот мрак на историјата.

**Слава им на паднатите жртви.**

**Слава Україні!**

**#StandWithUkraine**

# Разгледница од пеколот на Земјата

*По ослободувањето на повеќе гратчиња во областите Кијив, Харкив, Чернихив, Мариупол...*

*5 април 2022*

Мртви и недогорени тела на пет голи жени на асфалтот на автопатот Житомир, покриени со автомобилски гуми, црн најлон и светлозелена кабаница.

Буча, Ирпин, Мила, Тетерев, Мотижин, Иванкив, Гостомел… Гратчиња и села во областите Кијив, Харкив, Чернихив, Мариупол…

Запалени и згмечени автомобили со изгорени тела. Детска кукла под тркалото на изрешетан автомобил. Тела на стрелани луѓе, некои со врзани раце, деформирани и изгазени од тенкови и тешки воени возила на улиците.

Луѓе на своите велосипеди, застрелани, паднати среде улица.

Еден повозрасен маж, застрелан на улица, со главата потпрена на тротоарот, нога преку нога, како да се одмора. Многу други тела. Како во

морбидна дистопија - изгледа како да заспале луѓето на улица.

Полугол маж, убиен и фрлен во шахта.

Празни колички за лица со посебни потреби, меѓу уништени автомобили.

Се нижат уште фотографии на деформирани, здробени тела. Некои се искасапени.

Хумки со импровизирани крстови во дворовите. На една фотографија во Гостомел се гледаат два крста. На друга, во Бучи, има шест крста.

Две тела, од кои едното е веројатно на дете, изгорени до непрепознавање, исползени од запалениот автомобил на автопатот. Други што успеале да излезат, застрелани на неколку чекори од автомобилот пред да експлодира. Трети, јагленосани.

Групни и поединечни егзекуции. Систематска тортура, убиства и силување.

Цели семејства, застрелани во подрумите. Човечко месо и искршени коски во распаѓање. Жртвите биле на колена, застрелани на самото место – мажи, жени, деца, старци – не се одбирало.

Испреплетени тела, само набрзина запретани со песок или земја. Една розова детска папуча

стои како украс, веднаш до помодрена рака што „извира“ од свежо затрупаната јама.

Мртви тела, некои соголени, расфрлени заедно со отпадоци и искршени предмети во дворовите.

Масакрирани животни.

Пресретната комуникација во која мајки и сопруги ги охрабруваат своите машки „херои“ да убиваат и да ограбуваат. Сè е воен плен – облека, накит, пари, гориво, машини за перење, моторни пили, огревно дрво, секири…

Една 31-годишна жена силувана и тепана по лицето и телото. Рускиот „херој“ ја терал да седи гола, претепана и силувана, на столчето во студената училница во училиштето близу Харкив. Со нож ја сечел по лицето и вратот. Ѝ отсекол и дел од косата. Го потсетувала на школска другарка, ѝ се „доверил“ (според сведочењето објавено од Хјуман рајтс воч).

Десетгодишно девојче со тешки повреди на вагината и анусот, тепано по целото тело, силувано и убиено.

Сликите се нижат понатаму…

Пекол на земјата. Сделано в России.

*

За тоа време… Светот во шок и неверување ги проследи сведоштвата од крвавиот погром на

руската војска врз цивилите во Украина. Полни усти со осуда за бруталната агресија и убивањето цивили.

За некој ден, тоа ќе биде само уште една „збирка“ со злосторства што ќе се качи на полиците на човечкото помнење. На „полицата“ веќе се напластува валкан слој на лаги и негирање дека такво нешто се случило.

Што може да се очекува? Се знае, светските политичари „мудро“ ќе ги отворат ушите и очите за „двете страни“ – злосторниците и жртвите. И ќе трагаат по „дипломатско решение на спорот“.

*ПС. Овој текст е наменет за оние што, од различни причини, не сакаат или не можат да ги видат визуелните докази за крволочноста на руската војска во Украина. Фотографиите и снимките што ги прегледав деновиве и дел од нив се обидов да ги преточам во зборови се подложени на строга проверка. Бегањето од вистината нема да ги избрише злосторствата и нема да го врати времето. Злосторниците и тие што ги правдаат засекогаш ќе останат втиснати во сеќавањето на човековата цивилизација.*

# Руска пропагандна диверзија со краток рок и низок дострел

*Иако релевантните светски медиуми не посветија ни малку внимание на видео снимките објавени од проруски профили на социјалните мрежи, тие добија голем простор во дел од македонските медиуми.*
*Пак. (ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: ВОЗНЕМИРУВАЧКИ ФОТОГРАФИИ ВО ТЕКСТОТ)*

*6 април 2022*

Украинскиот претседател Володимир Зеленски се обрати пред Советот за безбедност на Обединетите нации попладнето на 5 април. Пред ОН и светската јавност, Зеленски презентираше шокантно видео со докази за воените злосторства што ги извршија руските агресори врз цивилното население во повеќе области во Украина.

„Руската војска, со предумисла, барала луѓе што ѝ служеле на нашата земја во Буча, за да ги

убие. Тие пукаа и убиваа жени и деца. Цивилите биле прегазени од тенкови додека седеле во своите автомобили. Жените биле силувани и убивани пред очите на нивните деца“ – сведочеше Зеленски во ОН.

Како „одговор“, руската пропаганда преку Твитер лансираше кампања со видеоснимки на кои се гледаат лица во украински униформи, кои, наводно во Днипро, брутално апсат група луѓе во цивилна облека. Снимките од настанот, меѓу другите, ги објави @JazzDeus во коментар на Твитер, изразито антизападен профил што изобилува со дезинформации и теории на заговорот.



На видеоснимките објавени и на низа други профили на Твитер, има пречекорување на овластувањата (удирање на веќе совладаните лица). Но Твитер профилот @VeraVanHorne тврди дека се работи за припадници на Службата за безбедност на Украина (СБУ) која, наводно, апси цивили.




Но ништо не е потврдено. Нема одговор на основните прашања што мора да ги содржи секоја вест за да биде веродостојна. Но затоа има безброј отворено проруски и релативизирачки коментари.

## Непознато: Кога се случува настанот?

Колку пригодно! Видеоснимките се појавуваат токму на денот кога Зеленски се обраќа во Советот за безбедност на ОН, но нема информација кога навистина е снимен тој материјал. Нема ни проверка на веродостојноста на снимките.

Кон пропагандата се приклучи и украинскиот новинар и видеоблогер Анатолиј Шариј, кој е познат по своите пропагандистички активности за поддршка на режимот на Путин и воената агресија врз Украина.



## Непознато: Која е причината за апсењето?

Повеќето, очигледно проруски профили, наведуваат дека се работи за недолжни цивили што им се противеле на украинските власти. Други тврдат дека се работи за акција на СБУ против диверзантско-терористичка група. Трети дека се работи за апсење на колаборационисти и насилници што работеле за руските окупаторски сили. Ниту една верзија од настанот не се занимава со факти, извори, линкови.

Очигледно е дека снимките не служат за информирање, туку имаат поинаква употребна вредност – пропаганда. Затоа никој не се погрижил да ги обработи податоците професионално, туку во пропагандистички манир. Значи, нема официјални изјави, а ниту обид да се побараат одговори.

Уште помалку е јасно како се дошло до информациите за задднината на настанот. Од каде дошле Твитер „репортерите“ до податоци за причината поради која лицата во украинска униформа ги приведуваат (и ги тепаат) цивилите на снимките? Патем, сите приведени лица се прилично корпулентни, а и се противат на апсењето. Што, секако, не е оправдување за нивното тепање откако се совладани. Сепак, останува нејасно кои се луѓето, кога се случило, каде точно, зошто, како, кои се изворите…

## Пропорции

Конечно, ако се споредат пропорциите на воените злосторства во видеото што го прикажа Зеленски пред ОН, со тоа што проруските твитераши го пласираа истиот ден, тепањето во „контраснимките“ изгледа како руски балет.

Доволно е да се опише само една од фотографиите што денеска Зеленски му ја покажа на светот: Купиште мртви тела на семејство застрелано и фрлено во јама, на чиј врв се гледа голо детско тело со врзани раце.



*Мариупол, Украина, 2022, фотографија од видеото што го презентираше украинскиот претседател Володимир Зеленски за руските воени злосторства пред Советот за безбедност на ОН, на 5 април 2022.*

## Кој ја лапна пропагандната јадица?

Симптоматично е времето на објавување на овие видеоснимки што во најголем дел ги дистрибуираат проруски твитер-профили од различни краишта на светот. Повеќе од очигледна е намерата да се релативизираат ужасните злосторства што ги изврши и сè уште ги извршува руската војска врз невооружени цивили низ Украина. За само неколку дена се документирани неколку стотици случаи на стрелање цели семејства, касапење и силување.

„Контранападот“ на руската пропаганда не вроди плод, така што овие снимки не се „пробија“ во релевантни и кредибилни светски медиуми што редовно и темелно ги проверуваат фактите и имаат свои дописници на теренот. Сепак, се чини дека дел од македонските медиуми ја „лапнаа“ руската пропагандна „јадица“ и ги објавија крајно сомнителните „извори“ на Твитер и на тој начин придонесоа за релативизација на воените злосторства и ја манипулираат јавноста со непроверени видеоснимки чија веродостојност не е проверена.

## Димна завеса

Оваа руска пропагандна диверзија е само димна завеса со краток рок и низок дострел. Воедно, ова е илустрација за тоа како

функционира една пропагандна акција. Сепак, ако видеоснимките со апсење во кое се употребува прекумерна сила треба да бидат „противтежа“ на грозоморните сцени и ужасите што руската војска ги остави зад себе, неуспехот е целосен.

Повторно, овде не се работи за соодветен одговор на воената „доктрина“ со која систематското убивање и силување на цивилите ѝ служи на целта да се скрши украинскиот отпор. Се работи за задоволување на потребите на оние чии симпатии се и онака на страната на рускиот агресор, па им се дава „сламка“ на која ќе се фатат и ќе кажат дека, ете, сите се исти. Накратко, видовме уште една многу лошо изведена пропагандна диверзија. Руската пропаганда сѐ повеќе наликува на самата воена агресија: валкана и брутална.

# Добре дојдовте „зад димната завеса“

*Или: како пропагандата се обидува да ја убие вистината... #ЗадДимнатаЗавеса*

*15 април 2022*

Украинскиот претседател Володимир Зеленски не се предава и води војна против Русија. Тој требаше да се предаде и да ѝ дозволи на руската армија да навлезе во Украина и да ја окупира. Наместо отпор, тој требаше да организира цветни дефилеа и шпалири од луѓе што фрлаат со цвеќиња по колоните руски тенкови и оклопни возила, како што тоа го планираше Путин. Тогаш, немаше да има (толку) цивилни жртви.

Вака некако изгледа (дел од) пропагандната димна завеса, која, по потреба, се спушта и се подига во јавноста, како во Северна Македонија, така и насекаде низ светот.

Добре дојдовте „зад димната завеса“. Неуморната екипа на ЦИВИЛ продолжува да ги растерува темните облаци од дезинформации и пропаганда. Главно оружје на оваа екипа се фактите на реалноста таква каква што е. Тоа е

исклучително тешка задача, бидејќи во овие тешки конфликтни времиња, вистината е првата жртва на боиштата, и оние политичките и воените.

Во јавноста, како кај нас, така и насекаде, главна тема е руската агресија врз Украина, а со тоа и дезинформациите и пропагандата на оваа тема се најинтензивни.

## ЛАГИ

Кои се **најчесто повторуваните дезинформации и пропагандни пораки** на кои сведочиме во текот на изминатите години, а особено во текот на изминатите месеци непосредно пред и веднаш по почетокот на бруталната војна во Украина? Ќе набројам само 10 од многуте дезинформации и пропагандни пораки со кои се манипулираат руската и светската јавност.

**ЛАГА 1:** Русија не ја нападна Украина, туку спроведува „специјална операција за денацификација“ на Украина.

**ЛАГА 2:** Русија се обидува да спречи геноцид во Донбас.

**ЛАГА 3:** Русија откри „тајни американски лаборатории за производство на биолошко оружје“ во Украина и затоа ја нападна за да се одбрани од заканата.

**ЛАГА 4:** Украина ја нападна Русија.

**ЛАГА 5:** Мртвите тела во Буча се измислица, британските служби ја врамуваат Русија, Украинците самите се убивале меѓу себе.

**ЛАГА 6:** Русија сака мир, но Украина не го сака тоа.

**ЛАГА 7:** Украина постапува онака како што ќе кажат САД, ЕУ, НАТО...

**ЛАГА 8:** Украина е измислена држава, не постои Украина, украинска нација и украински јазик.

**ЛАГА 9:** Володимир Зеленски е нацист и не е легитимен лидер на Украина.

**ЛАГА 10:** Зеленски е виновен што има цивилни жртви, затоа што не дозволи земјата да се предаде.

## ФАКТИ

Русија ја нападна Украина со цел да ја окупира. Притоа, треба цело време да се има предвид дека војната започна во 2014 година со окупацијата на полуостровот Крим и областите Донецк и Луганск. За време на нападот и окупацијата на делови од Украина од 2014 година до почетокот на целосната инвазија на 24 февруари годинава, загинаа близу 14.000 луѓе.

Русија го помогна формирањето и ги вооружи паравоените формации во областа Донецк,

каде што најбројна е Руската православна армија. Не може да се говори за геноцид во Донецк, бидејќи тоа е целосно апсурдно тврдење. Напротив, постојат докази за малтретирање и убиства на цивили од руските окупациски сили и руските паравоени формации во текот на целиот 8-годишен период.

Тврдењата за нацификација на Украина се манипулативни. Во Украина, како и во многу други земји во Европа, па и во светот, вклучително и во Русија, има неонацистички групи, а некои се организирани и во политички партии. Во Украина неонацистите се малобројни и немаат никакво влијание и немаат свој претставник во парламентот.

Володимир Зеленски по потекло е Евреин, а дел од неговите предци настрадале во холокаустот. Тој не може да биде неонацист, дури и да сака.

Власта во Украина, Зеленски ја освои со 72,23% од гласовите на слободни и демократски избори во 2019 година. Една од неговите програмски определби беше и мирно решавање на конфликтот со Русија. Тој од првиот ден во својот кабинет се залага за мировни решенија и дијалог со Путин.

Додека целиот свет, медиумите и организациите за човекови права, како што се Амнести интернешнл и Хјуман рајтс воч, ОБСЕ и

низа други сведочат за ужасните страдања на цивилното население од руската војска која убива и деца, систематски силува жени, девојчиња, а во еден случај и силување на бебе, што самиот руски војник сторител на злоделото го снимил и го покажувал наоколу – руската пропаганда зборува за наместени сцени или дека Украинците самите убивале цивили.

Геноцид спроведува токму Русија, што може да се види од застрашувачките и поразителни докази на теренот, по повлекувањето на руската војска од окупираните подрачја.

Украина е самостојна и суверена држава и нација, со посебен јазик, култура, традиција и богата историја – факти што се втемелени во науката и потврдени од сите релевантни светски институции. Тие факти не можат да се побијат со обидите за есеи на рускиот претседател Путин, веќе озлогласен како воен злосторник и архитект на геноцидот во Украина.

Во Украина, како и во многу други земји, постојат лаборатории за медицински истражувања за борба против болестите и подобрување на работата во институтите за јавно здравје. Дел од нив се финансирани од САД, ЕУ и СЗО. Се работи за транспарентно финансирани проекти, како во Украина, така и во многу други земји во светот, објавени на веб-

страниците на донаторските институции. Русија тврдеше дека тоа биле „тајни американски лаборатории“. Дезинформациите ги креираше пропагандната кујна на Кремљ, а ги дистрибуираа екстремно десничарски кругови во Европа и Кју Анон во САД.

Најапсурдното тврдење на Русија е дека таа се брани и дека Украина ја нападнала Русија. Тоа не е потребно посебно да се побива.

## ЗАКЛУЧОК

Наспроти сите дезинформации и пропагандни пораки што Кремљ се обидува на сите можни начини да ги наметне во руската и светската јавност, фактите на реалноста и доказите од теренот во целост ги побиваат.

Фактите не може да ги уништи ниту една ракета на агресијата, колку и да е разорна. Стравот не може да ја промени вистината, ниту илјада пати повторените лаги. Бројот на луѓето заведени од пропагандата не е доказ за вистинитост. Напротив. Ако владее уверувањето дека Земјата е рамна, не значи дека таа и навистина е рамна.

**МИТОВИТЕ ЗА РУСКАТА ВОЕНА МОЌ (1)**

# Пропагандата, единственото моќно оружје на Русија

*20 април 2022*

Митот за руската воена моќ е веројатно еден од најстарите и највнимателно креираните во каталогот на руската пропаганда. Употребата на оваа клучна дезинформација е и за меѓународни и за домашни цели, за измама на потенцијалните непријатели и за самозалажување, односно зајакнување на моралот на армијата и домашното население.

## Руската воена слабост обелоденета на бојното поле во Украина

Постојат многубројни анализи на тврдењата на руската пропаганда, која лажно ја претставува воената моќ на Русија како гигантска. Меѓутоа, анализите, разузнавачките информации и извештаите од боиштата низ минатите децении го докажуваат спротивното. Инвазијата на Авганистан (1979-1989) даде доказ за многубројните слабости на советската воена технологија.

Постсоветската ера не е многу поинаква. Се чини дека пропагандата е единственото вистински моќно оружје произведено во Русија. Воената интервенција во Грузија во 2008 година, двете војни во Чеченија (1994-1996 и 1999-2009) и другите воени авантури на Руската Федерација, прикажуваат една навистина депресивна слика за руската воена машинерија.

Најеклатантните докази за вистинската (не)моќ на руската војска беа обезбедени веќе во првата недела од агресијата против Украина. Необучени, недоволно опремени и слабо вооружени, украинските војници и цивилните доброволци го претворија самопрославуваното „незапирливо“ руско вооружување во урнатина. Што се случува?

## Непостоечки тенкови и прекин на производството и поправките

Спектакуларно најавуваниот нов руски тенк „армата“ беше опишан како технолошка револуција. Програмата „Армата“ требаше да биде сосема поинаква од претходните тенкови во советски стил. За првпат беше прикажан во мај 2015 година на таканаречената „Парада на Денот на победата“ во Москва. Оттогаш, освен за паради, овој тенк не беше виден во акција, а, секако, не на бојното поле во Украина.

Ако за ништо друго, сјајната „играчка“, Т-14, е прескапа за да се користи на бојното поле, каде што Украинците жестоко се борат да ги одбијат агресорите, а бескрајните тенкови колони ги претвораат во пепел. Наводно, еден Т-14 тенк чини 3,7 милиони долари, што е 20 пати повеќе од цената на противтенковската ракета „џавелин“ од американско производство, која чини околу 175.000 долари.



*Рускиот тенк Т-14 од програмата „Армата“, снимен на парадата во Москва, 2015 г. (Wikimedia Commons)*

Понатаму, неколку извештаи тврдат дека поради недосттиг на увезени компоненти, индустрискиот гигант Уралвагонзавод го прекинал производството и поправките на сите тенкови од својата производна линија. Од компанијата соопштија дека работниците се отпуштени „до следното известување“.

Во руските медиуми прекинот беше објаснет со „ресетирање на производството и испраќање на вработените во фабриката на одмор“. Сепак, поверојатно е дека затворањето на фабриката е последица на санкциите од Јапонија, Велика Британија и ЕУ, кои се главниот извор на компоненти за производство на тенкови во Уралвагонзавод.

## Запре и производството на ракетни системи

Руското производство на ракети земја-воздух (САМ), исто така, запре поради санкциите. Според тврдењата на Украинската управа за разузнавање (ГУР), на 17 април, фабриката за машини во Улјановск, производител на САМ, радари и опрема за противвоздушна одбрана, го запрела своето производство и поправки.

Објектот се наоѓа во Улјановската област, која беше основана во Советскиот Сојуз во 1960-тите години. Се користи за производство на голем број различни модели на ракетни системи, како што е 9К37 Buk, означен од НАТО како SA-11 Gadfly и 2К22 Tunguska, означен од НАТО како SA-19 Grison.

Меѓутоа, со затворените фабрики, на работниците им се дава еден од двата избора: да одат на неплатено отсуство или да се приклучат кон руската армија за нејзината инвазија на Украина, по можност како

оператори на ракетните системи и да добијат месечна плата од 50.000 рубли (околу 600 долари).



*Ракетни системи со среден дострел 9К37 Бук, на подготовките за парадата во 2010 г. (Wikimedia Commons)*

Повеќето од електронските компоненти на руската војска беа набавувани од Германија, но тоа престана поради санкциите.

Извори: CEPA, Ukraine's Office for Euro-Atlantic Integration, The Jerusalem Post, Ukrainian Intelligence Directorate, Fortune, RT, Rostec.ru, Ukraine Armed Forces, 19fortyfive, SofRep.com, The Moscow Times, The National Interest, Nr.12, 1988 , Ulyanovsk Mechanical Plant, Uralvagonzavod, Britannica, Wikipedia, DTIC, NPR, CSIS, T&F Online, US Army War College

**МИТОВИТЕ ЗА РУСКАТА ВОЕНА МОЌ (2)**

# Руската ракета „Сармат“ меѓу фактите и пропагандата

*2 мај 2022*

По трагите на насловите во проруските медиуми што упатуваат дека Пентагон е во паника затоа што Русија тестираше ново оружје, тргнавме во мало истражување.



*Лансирање на „РС-28 Сармат“, 20 април 2022 (извор: Министерство за одбрана на Русија)*

По многубројните одложувања и проблеми, руското министерство за одбрана ја лансира интерконтиненталната балистичка ракета, (ICBM [1]), **РС-28 Сармат**, со НАТО-ознака *Satan*

*2*, на 20 април. Лансирањето се изврши од космодромот Плесецк, во областа Архангелск, лоциран околу 800 километри северно од Москва. Министерството соопшти дека лансирањето е успешно и дека ракетата ја погодила целта во полигонот за ракетни тестирања Кура, на полуостровот Камчатка.



*РС-28 Сармат (извор: ТАСС)*

Ракетата „РС-28 Сармат" е лансирана во 15:12 часот, според московско време, леташе 3.600 милји, или 5.793 километри со хиперсонична брзина. Леталата или ракетите со брзина пет или повеќе пати над 5 маха се хиперсонични. Еден мах е брзина од 1.225 километри на час (еднакво на брзината на звукот).



*Космодромот Плесецк (извор: МО на Русија)*




*Траекторијата на Сармат“4, 20 април 2022*

## „Сармат“: Назив, развој и карактеристики

Ракетата е наречена „Сармат“, според античките Сарматијанци што живееле на територијата на денешен Иран.

За овој проект, првпат се слушна уште пред повеќе од 8 години. Руското министерство за одбрана и самиот Путин, во февруари 2014 година, помпезно соопштија дека создаваат оружје што далеку ќе ги надмине сите во светот. Меѓу другото, тогаш беше најавен и проектот за креирање интерконтинентална балистичка ракета со називот „Сармат“ со ветување дека ќе влезе во употреба во 2020 година.




*Лансирањето на ракетата „Сармат“ на 20 април 2022 беше објавено на сите можни медиуми во Русија (скриншот од ТВ Россиа 1)*

Според тоа што е јавно достапно, ракетата „Сармат“ се развива уште од 2007 година во државниот ракетен центар Макеев (Государственный ракетный центр имени

академика В. П. Макеева). Во 2015 година се прават првите тестови, а во 2017 година се прави првото пробно лансирање на прототипот на „Сармат“. Ракетата леташе неколку десетици километри. И тогаш руските власти објавија успех, но си дадоа време да го развиваат проектот понатаму.




*Државниот ракетен центар Макеев*

Според руски државни извори, „Сармат“ е најмоќната ракета на светот. Има дострел од 18.000 километри и развива брзина од 20,7 мах, односно 25.560 км/час (7,1 км/секунда). Со маса од 208 метрички тони, висина од 35,5 метри и дијаметар од 3 метри, факт е дека, според димензиите, „Сармат“ е најтешка и најголема интерконтинентална балистичка ракета. Има капацитет да носи 10-15 самостојни атомски боеви глави (MIRV). Но не може да се тврди и дека е најмоќна.

## Ракетите Р-36, претходници на „Сармат“: Застарен руски арсенал од советската ера, креиран и произведен во Украина

„Сармат“ навистина е нова генерација на ракетно вооружување во рускиот веќе одамна застарен воен арсенал од времето на Советскиот Сојуз. Дизајниран е за да ги замени ракетите од серијата Р-36.

Познати се девет варијации на советската Р-36. Постарите три модели (Р-36, Р-36ОРБ и Р-36П), со НАТО-ознака *SS-9 Scarp* се развиваат во далечната 1962 година и се во употреба до почетокот на 80-тите години на минатиот век.



*Р-36М Воевода*

Поновите шест модели, R-36M (SS-18), R-36M (SS-18 Mod 1), R-36M (SS-18 Mod 2), R-36M (SS-18 Mod 3), R-36MUTTKh (SS-18 Mod 4), R-36M2 Voevoda (SS-18 Mod 5), R-36M2 Voevoda (SS-18

Mod 6), се развиваат од 1964 година, се тестираат во 1973 година, а првиот од новата серија е оперативен од 1975 година. Во НАТО-ознаката за шесте модели од поновата серија (од 70-тите) е додаден и називот *Satan* (Сатана). Двата најнови модела на „Воевода“ се во употреба од 1988 година.

Со оглед на застарената технологија и низа други недостатоци, ракетите „Воевода“ (Р-36М2) се „зрели за пензија“, иако се „најновата генерација“ интерконтинентални балистички ракети во служба на руската армија. Како и да е, во моментов, стратегиските ракетни сили на Руската Федерација имаат 45-50 „Воевода“ ракети во функција.




Украинскиот воено-индустриски центар „Јужное“ (КБ „Южное“)

Ракетите од серијата Р-36 се произведени во украинскиот воено-индустриски центар

„Јужное“ (КБ „Южное“). Системите за навигација се изработени во украинскиот втор град по големина Харкив[2], во тогашното државно научно-производствено претпријатие НПО „Электроприбор“, сега холдинг под називот „Хартрон“.

**„Сармат“? Ништо особено.**

Лансирањето на „Сармат“ на 20 април, помпезниот Путин го следеше преку видеоконференција заедно со воениот врв. Во таа пригода, тој даде уште една отровна изјава во која дрско му се закани на светот. Рече дека Русија сега поседува ракета на која ѝ нема рамна во светот и дека непријателите сега ќе мора да помислат двапати пред да ја нападнат Русија.



*Путин преку видеоконференција со рускиот воен врв го следеше лансирањето на „Сармат“, 20 април 2022.*

Сепак, самите руски воени експерти, истиот ден, тивко додадоа дека на „Сармат“ му е потребно уште време да биде усовршен. Значи, работата сѐ уште не е завршена, дури ни по повеќе од 15 години работа на овој проект.



*Р-36М Воевода*

Разликите меѓу „Р-36 Воевода“ и „РС-28 Сармат“ не се големи. Некои извори наведуваат дека се работи само за усовршен модел на „Воевода“. Новата „РС-28 Сармат“ ракета има домет од 10.000 до 18.000 километри, што е малку подобро од неговиот претходник „Воевода“, кој има домет од 10.200 до 16.000 километри.

Практично, помпезно најавуваниот, со повеќекратно пробивање на роковите, „Сармат“ е само пропагандно застрашување на светот и не претставува промена во нивото на

закана на евентуалното глобално боиште. Накратко, ништо особено.



*РС-28 Сармат*

Американскиот Пентагон речиси и не реагираше и, со доза на рамнодушност, го дисквалификуваше руското, наводно, „супер оружје“ и не го смета за некоја дополнителна опасност. Навистина, Русија има значителен нуклеарен потенцијал, чија разорна моќ не е за потценување, но факт е и дека новата воено-технолошка авантура со „Сармат“ и не е некој посебен скок во тој контекст.

## „Супер оружје“ за пропагандните потреби на Путин

Да се потсетиме. Кога Путин за првпат се закани дека Русија развива „следна генерација“ оружје без конкуренција во 2014 година. Истата година Русија ја започна војната против Украина и ги окупира полуостровот Крим и делови од Донбас на истокот од земјата.

Во 2018 година Путин обелодени детали за „Сармат“ во уште едно свое помпезно обраќање до нацијата и најави дека новото оружје ќе влезе во редовна употреба во 2020 година. Две години подоцна, Путин е заглавен во Украина. Изврши огромен број воени злосторства и геноцид. Затоа, очајно многу му беше потребно да го одвлече вниманието од својот катастрофален воен и морален пораз. За тоа му послужи лансирањето на оваа интерконтинентална ракета, која, несомнено, има разорни капацитети. Но тоа е проект на кој му е потребно уште време за да се доврши. За производство на некој нов арсенал од „Сармат“ и да не говориме.

Затоа, Пентагон е *cool*. Прес-секретарот на Пентагон, Џон Ф. Кирби, по повод пробното лансирање на „Сармат“, изјави:

„Русија соодветно ги извести Соединетите Држави, според обврските од договорот Нов СТАРТ[3], дека планира да го тестира овој ICBM. Ваквото тестирање е рутинско и не беше изненадување. Ние не сметаме дека тестот е закана за Соединетите Држави или за нивните сојузници. Одделот [Пентагон] останува фокусиран на незаконската и неиспровоцирана агресија на Русија против Украина.“

Наспроти него, Дмитри Рогозин, првиот човек на државната агенција Роскосмос надлежна за

надзор на проектот, арогантно изјави дека „Сармат“ е „подарок за НАТО“ и најави дека до есен оваа година, ова, како што го нарече, „супер оружје“, ќе влезе во редовна употреба. Најмалку две години подоцна од претходните најави.

„Ова е огромен успех за нашите дизајнери и инженери. Ние сме многу горди“ – изјави Рогозин во интервју за Россиа 24, како што пренесе руската новинска агенција ТАСС.

Но дали тоа е изјава само за пропагандните потреби на Путин, како што беше и самото лансирање на „Сармат“? По сè изгледа, да.

## Бескрајните одложувања и проблемите на проектот „Сармат“

Проблемите на проектот „Сармат“ се големи. Уште од почетокот, руските технолози имаат проблем да направат вистински технолошки скок и да се одвојат од робусната, непрецизна технологија својствена на Советскиот Сојуз. Тоа е оружје што секако е опасно и смртоносно, но за Русија е и прескапо, а ни оддалеку не може да ѝ парира на западната технологија.

Првите знаци за тоа дека „Сармат“ е во неволја, датираат од 2015 година, кога беше предвидено да се извршат првите пробни лансирања. Заменик-министерот на руската одбрана Јури Борисов тогаш за руското радио РСН изјави дека проектот се одвива во најдобар ред, дека

пробно лансирање ќе има во 2015 година, а во редовна употреба ќе биде од 2020 година.



*Покрив на подземен ракетен силос, соодветен за лансирање на „Сармат“.*

Сепак, првото тестирање беше одложено за крајот на 2016 година, под изговор дека проблемот е во силосот за тестирање, според едни, а дека тестирањето ќе сесели од Бајконур во Плесецк, според други извори. Но и тестирањето во 2016 година беше одложено за 2017 година.

Индикативна беше една нервозна изјава на рускиот министер Сергеј Шојгу на почетокот на 2017 година кога објави дека ќе бара неделни извештаи за прогресот во изработката на Сармат и подготовките за неговото прво пробно лансирање.

Вообичаено таинствена, руската одбрана тогаш покажа несекојдневна нервоза, и тоа јавно. Но

попусто. Бескрајните одложувања продолжија, па така, наместо да се започне со сериско производство во 2021, пробното лансирање се изврши дури на 20 април 2022 година, со најава дека ќе влезе во редовна служба во армијата во 2023 година.

Освен застарената технологија и ограничените капацитети да држи чекор со своите американски ривали, Русија има уште два големи проблема: хроничен **кусок на пари и огромна корупција**. Но тој проблем се однесува на целата земја, а по крвавата агресија врз Украина, овие проблеми само ќе се продлабочуваат. Тешко дека тука може да помогне агресивната реторика и неуморната пропаганда.

## Вистинската закана за светот е Путин, а не руското вооружување

Всушност, најголемата опасност не доаѓа од ракетата „Сармат“. Тоа е само старо-нова чорба од пропагандната кујна на Кремљ. Руското вооружување, вклучувајќи го и „супер оружјето“ што сè уште не е произведено, ни оддалеку не е тоа што го тврди руската пропаганда. Но тоа не ѝ пречи на пропагандата да продолжи со продукција на застрашувачки и манипулативни содржини за домашна и меѓународна употреба. Проруската пропаганда се шири и преку дел од медиумите во Европа и на Балканот, особено во

Србија, но и во Северна Македонија, која е членка на НАТО од 27 март 2020 година.

Затоа, останува констатацијата дека **руската пропаганда е најдоброто оружје произведено во Русија, а не самото оружје.**

Еден крајно бизарен пример за тоа дека руската пропаганда веќе не одбира средства е и шоуто на Дмитри Киселов. Тој на ТВ Россиа 1 симулираше ракетни напади, според кои од Велика Британија нема да остане ништо освен „радиоактивна пустина“. Киселов е под санкции на ЕУ од 2014 година.




*Симулација на напад со „Сармат“ ракета врз Велика Британија и Ирска (скриншот од емисијата на Киселов), ТВ Россиа 1, на 1 мај 2022*

Претходно, на истиот канал, познатата руска пропагандистка, според некои извори и сопурка на Киселов, Олга Скабеева, заедно со

нотoрниот националист, шеф на партијата „Родина“, Алексеј Журављов, симулираа напади на Берлин, Париз и Лондон. Според нивните крајно заканувачки сценарија, Берлин би бил уништен за 106 секунди, а Париз и Лондон за околу 200 секунди по лансирањето на „Сармат“ ракетите.




*Симулација на напад со „Сармат“ ракета врз Берлин, Париз и Лондон (скриншот од емисијата на Скабеева), ТВ Россиа 1, на 29 април 2022.*

Овие сценарија и „стручни“ симулации на најгледаната програма во Русија не се ништо освен ехо на заканите од Путин, Лавров и Шојгу. Вистинската опасност за светот е самиот Путин, кој вели дека е спремен да изврши и нуклеарни напади за да се задржи на власт и преку закани со целосно уништување на светот да ја избегне одговорноста за воените злосторства и геноцидот што ги спроведува во Украина.

***Дополнителни информации:*** *При подготовка на овој текст, користени се податоци од руски јавно достапни воени извори, независни интернет-медиуми што цитираат руски, американски и европски воени, политички и стручни извори, како и онлајн енциклопедиите Britannica и англиските и руските верзии на Wikipedia.*

[1] Intercontinental ballistic missile (ICBM), https://www.britannica.com/technology/ICBM

[2] Една од главните цели на руската агресија од почетокот на војната беше и останува Харкив, кој е под бескраен артилериски оган, но до моментот кога се подготвува овој текст (2 мај 2022), украинската армија и волонтерите успешно го бранат градот.

[3] Договорот Нов СТАРТ (New START Treaty) е договор за натамошно редуцирање на нуклеарниот потенцијал и стратегиско вооружување меѓу САД и Русија, чија важност траеше до 5 февруари 2021 година, но двете земји се договорија да го продолжат за пет години, односно до 4 февруари 2026 година. https://www.state.gov/new-start/

# За агресија или за европски слободи? Пораката е јасна, изборот е очигледен!

*28 април 2022*

Светот го запозна и ќе го запомни Зоран Заев како храбар лидер што не ги следи патеките вообичаени за политичарите. Колку и да сака некој, не постои црна кампања што може да го помати тој факт. Се занимаваше и се занимава со политика на начин што секому му изгледа како да е тоа најлесната работа на светот. А не е. Веројатно тоа најдобро го знаат непријателите на демократијата и мирот.

**Нема неутралност по овие прашања!**

„Дали сме за воена агресија или за културен натпревар меѓу народите? За Путин или за Делчев? За агресија или за европски слободи? Имаме само еден избор и мораме да го направиме тој избор. Нема неутралност по овие прашања" – рече Зоран Заев на настанот на француската амбасада во Струмица.

## Бескомпромисен избор меѓу мракот и светлината, војната и мирот

Може да се открие силна симболика во тоа што Заев ги кажа тие зборови токму на денот кога јавноста се сеќава на „крвавиот четврток“ (27 април 2017). Но овој мрачен датум ќе го истиснат пораките на Заев во кои тој прави **бескомпромисен избор меѓу мракот и светлината, војната и мирот**. И ги одбира светлината и мирот. Се разбира, „крвавиот четврток“ не смее да биде заборавен за да не се повтори, но ќе се запомнат пораките на Заев на тој датум – „за агресија или за европски слободи?“

## „Јас сум Украинец“ – Талат Џафери

И ќе се запомни кога Талат Џафери во Кијив жестоко ја осуди руската агресија и воените злосторства и кажа: „Денеска, јас сум Украинец“.

Џафери посведочи дека е „онемен и бесен“. Тој е „бесен на човештвото што дозволи да сме неми сведоци на војна за која што верувавме дека е дел од историјата.“

Претседателот на домот на македонската демократија кажа дека е „растревожен сум од бројот на гробови чии леи не ги догледува човековото око, а видов само еден дел од нив во Буча и Ирипин. Бесен што светот нема

доволно силен глас да и каже стоп на оваа безумна инвазија.

И овие зборови треба да останат запишани.

## Изборот е, колку очигледен, толку и неминовен

Путин или Делчев? Веројатно, овој дел од обраќањето на Заев ќе „заѕвони“ најшироко во јавноста и ќе ги премости сите разлики, особено политичките. Тоа е разумно прашање што треба секој да си го постави, без оглед на тоа колку сака да остане надвор од политиката. Бидејќи, низ историјата и сегашноста, многупати видовме дека политиката најмногу се занимава токму со оние што „не се занимаваат со политика“.

Изборот е очигледен за сите и без оглед на тоа дали ја поддржуваат власта или опозицијата. Дали се националисти или космополити… Дали се свртени кон Западот или кон Истокот… Изборот е, колку очигледен, толку и неминовен.

## Чија победа е поголема? Онаа НАД фашизмот или онаа ЗА Европа?

Збор по збор, во обраќањето, Зоран Заев, како со боздоган ги редеше аргументите и силните пораки. Тој јасно ја повлече паралелата меѓу борбата на човештвото против фашизмот во Втората светска војна и оваа борба што сега се одвива за одбрана на Европа:

„На 9 мај 2022 година сите треба да се запрашаме: Чија победа е поголема? Онаа НАД фашизмот или онаа ЗА Европа? Или ќе дозволиме некој да триумфира против Европа?“

## Предупредување

Заев предупреди и дека 9 Мај, Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот, ќе биде силно злоупотребен.

„Бидете уверени дека 9 мај годинава ќе биде употребен за пропаганда. Апелирам, сите ние, секој од нас, да се држиме цврсто до нашите европски постулати – 9 мај е нашата црвена слободарска база – на 9 мај, Европа го порази фашизмот – на 9 мај годинава, да останеме со кренати глави – да не дозволиме агресијата да ни го земе 9 мај.“

Не може да се најде појасно и пореално предупредување од ова.

## Макрон – нова победа на европските вредности над заканите што ги носи национализмот врз Европа

Сите важни прашања на денешницата се содржани во ова обраќање. Заев препознава дека победата на Макрон е исклучително значајна за европската демократија, бидејќи „носи нова победа на европските вредности над заканите што ги носи национализмот врз Европа.“

## Заев до ЕУ: Променете го начинот на носење одлуки

Заев упати и јасно прашање до ЕУ, во контекст на апсурдното вето од Бугарија:

„Дали ваквиот начин на одлучување во Унијата, при што една земја членка блокира цел регион од крајно ирационални и националистички причини, е механизам со кој се развива европската идеја? Ако не е, а знам дека не е, тогаш променете го начинот на носење одлуки.“

Политичар, нека е и бриселски, не би требало да се чувствува многу удобно по ова прашање.

## Се води борба против агресијата на Путин, а не против рускиот народ

Денес во светот се води борба против агресијата на Путин, а не против рускиот народ. И самиот руски народ страда и допрва ќе страда од диктатурата на Путин. Заев уште еднаш јасно ги постави позициите на дејствувањето против бруталната агресија, говорејќи со гласот на сите разумни и мироључубиви луѓе во светот.

„Исто така, ЕУ треба да знае дека на православното население од Балканот не му е лесно да застане наспроти православниот руски народ. Ама нашите народи се мудри – ние не застануваме наспроти рускиот народ, туку

наспроти воената агресија на Путин над суверенитетот врз братска Украина.“

Секој параграф од неговиот говор е вреден да се прочита и да се издвои како вредна и разумна порака за секој човек што држи до цивилизациските и европските вредности. До човечноста.

И да заклучиме. Без оглед на политичките, етничките, верските, социјалните припадности и разлики што ги имаат луѓето – сите се ставени пред јасен, очигледен и неминовен избор: **За агресија или за европски слободи?**

# Медиумите се современата Голгота каде што се распнуваат фактите

*3 мај 2022*

Војната во Украина ја докажа вредноста, но и сета тежина на новинарската работа, на медиумите. Во најсилни контрасти, се издвоија професионалните новинарки и новинари што го ризикуваат и сопствениот живот за да дојдат до фактите и да му ги соопштат на светот. Во свет што е под континуиран напад на сè подобро организираната и сè повеќе насилната крајна десница, медиумите се последното прибежиште за фактите. И првото место каде што моќните политичари и трговците со влијанија ги ставаат своите канџи.

Новинарките и новинарите и нивните уредништва се првите цели на кој било напад, било да се работи за политика или за војна. Тие се бојното поле на хибридната војна против демократијата и човековите права што ја водат диктаторите како Путин и дузина такви како него, расеани низ светот, помали, поголеми,

прикриени или разгоропадени. Политичките, воените, економските и еколошките кризи им дадоа простор на медиумите, но исто толку ги претворија во цел на напади и контрола. Затоа што:

„Кој ја контролира информацијата, го контролира и светот“ (д-р Стивен Френклин во „Вавилон 5“).

Или, уште подобро:

„Кој ги контролира медиумите, го контролира и умот“ (Џим Морисон).

Медиумите се современата Голгота каде што се распнуваат фактите.

Пропагандистите со новинарски беџ се карнифексите што им ги забиваат шајките на прогресивните интелектуалци, политичари, активисти и нивни колешки и колеги во новинарството. Технолошкиот напредок донесе неограничени можности за навремено информирање. Настаните може да се следат во реално време. Никој не може да се скрие од камерите.

Истовремено, технолошкиот напредок донесе и неограничени можности за ширење на пропагандата и дезинформациите. Како што настаните може да се следат во реално време, така и фактите се манипулираат во реално време.

Така, светот дојде до времето на поствистината, кога емоциите одлучуваат за „вистинитоста“ на фактите.

Ова е ера на 24-часовна „забава“ со вести, кога линијата меѓу фактите и пропагандата често ја нема, а сето тоа се пакува во „објективни“ и „непристрасни“ вести во кои се воспоставува „баланс“ меѓу засегнатите страни, односно извори.

Лажната рамнотежа во медиумското известување стана главна лансирна рампа за пропагандистите, кои во овој унесреќен израз најдоа одлично тло за релативизирање на фактите и реалноста. Така, дојдовме до апсурдот.

„Балансираните“ медиуми им даваат пет минути на жртвите, но и пет минути на злосторниците. Тоа е „фер“ известување. Со таа разлика што жртвите често не можат ни да проговорат, бидејќи се заплашени, повредени или – мртви.

Медиумите што креираат и дистрибуираат дезинформации и пропаганда се неспоредливо повидливи и поприсутни. Тие имаат повеќе пари, многу често и „црни“, не ги следат професионалните и етичките стандарди и – немаат одговорност. Меѓу другото, тоа е причината зошто се и побрзи и пробиваат насекаде.

На другата страна се оние што се обврзуваат себеси со етички и професионални стандарди, не се кријат во сенката на анонимноста и се одликуваат со јасна уредувачка политика, со одговорност и принципиелност. За да продуцираат медиумски содржини соодветни на сите тие принципи, ним им требаат и повеќе финансиски средства и повеќе време. А ги немаат ни двете доволно.

Пропагандистите од своите ровови и подруми мобилизираат мали армии тролови што неуморно мразат и се закануваат на социјалните мрежи.

Нивната врева ги задушува фактите. Уште пострашно, говорот на омразата, заканите и честите напади ги обесхрабруваат новинарките и новинарите, па затоа често се откажуваат од битката за професионално и одговорно новинарство. Се чини дека медиумите се притиснати од две страни – од центрите на моќта и од разјарената и сè помалку писмена публика. Всушност, изворот е ист, колку и да не изгледа така.

Првата задача на пропагандата е да ги расколеба луѓето во нивната потрага по фактите. Кога ќе успеат во тоа, тие лесно можат да им ја осуетат потрагата по вредностите и да им ја разнишаат довербата во институциите,

науката, правдата. Да им ја прекројат реалноста.

За пропагандата сосема доволно е да „докаже“ дека не постои една вистина, дека секогаш постојат најмалку две вистини. Дека „сите се исти“. И дека секогаш има едно „ама“.

Погрешно. Тотално погрешно. Нема две вистини и не се сите исти. Нема „ама“. Агресорот е агресор, убиецот е убиец, силувачот е силувач, жртвата е жртва. Фактите се едноставни. Нивното откривање може да биде тешко. А потоа и нивното толкување. Но силувачот, убиецот, агресорот не се исти како и нивните жртви. Никогаш. Малата Тања од Мариупол не може да биде виновна за ниту една друга војна во минатото, сегашноста или иднината. Нема две вистини за неа. Една е вистината. Таа умре од жед, покрај мртвото тело на својата мајка, под урнатините на својот дом што го бомбардираа руските агресори.

Идејата за „најмалку две вистини“ е пропаганден трик на оние што сакаат да ги релативизираат злосторничките акти. Фактите се факти. Пропагандата е пропаганда.

Оттука можеме да почнеме. Или да завршиме.

# Ден на срамот и поразот

*9 мај 2022*

Путин, рускиот неприкосновен автократ, архитект и нарачател на бруталната агресија врз Украина, каде што руската војска и паравоените формации помогнати од Кремљ спроведуваат невидени воени злосторства и геноцид, одржа говор на воената парада во Москва по повод 9 Мај. За Путин, бруталната агресија врз Украина е „превентивен напад“. Тој ја правда својата воена авантура со потребата да се „заштити Русија од агресијата на Украина и Западот против Русија“. Според него, тоа била „неизбежна“ и „единствената исправна одлука“.

Наспроти очекувањата дека ќе објави интензивирање на воените дејства, тој прогласи победа (со најмалку 20.000 загинати војници, меѓу кои и 400 офицери и 12 генерали, стотици тенкови, потоната „москва“ и други бродови…). Со бескрајна дрскост изрече бескрајни небулозни напади врз западните демократии и Украина. Соочен со пораз на боиштата и едногласна осуда од целиот демократски свет, тој и немаше избор, освен

уште еднаш да го покаже вистинското лице на неговото крваво владеење, кое ќе го заврши како воен злосторник.

Русија и Путин нема што да прославуваат на 9 Мај, најмалку како датум поврзан со победата. Можат единствено да се сетат дека 77 години по нивната победа во Втората светска војна, тие се на другата страна, на страната што уништува цели градови и села, спроведува воени злосторства и геноцид, војува против мирот, демократијата, слободата и човечноста. Датумот кога Русија треба да се сеќава на 20-те милиони жртви што ги дадоа сите народи во состав на Советскиот Сојуз во Втората светска војна. Меѓу нив беа и Русите и Украинците и уште петнаесетина други народи. Денес, 9 Мај е ден на срамот и поразот на Русија и руската нација.

Руската воена агресија врз Украина, започната во 2014 година, му донесе пораз на Путин. Веќе во првите часови по почетокот на целосната инвазија на 24 февруари 2022, стана јасно дека цел на Путиновата агресија не се само воени цели, туку и цивилите и цивилните објекти, почнувајќи од градинките и болниците, завршувајќи со инфраструктурата неопходна за нормален живот.

„Вие се борите за татковината, за нејзината иднина, за никој да не ги заборави лекциите од

Втората светска војна. За да нема место во светот за џелати и нацисти“ – рече Путин на воената парада.

Несфатлив е цинизмот на говорот на Путин. Неговиот 11-минутен говор и едната минута молк ќе останат забележани како уште еден пример за лицемерието и манипулацијата. Путин упорно инсистира на реалноста што постои само во неговата глава. Путин е спремен да ја брани таа „реалност“, не со силата на аргументите, туку со офанзивна пропаганда и со јазикот на оружјето, со безмилосна деструкција и истребување на цивилното население.

Војската на Путин ограбува, урива, пали, измачува, силува и убива жени, деца и невооружени цивили. Нема победа во тоа. Само срам и пораз.

Нема што повеќе да се каже за говорот на човекот што ја зграпчи власта во Русија пред 23 години, ги апси и убива своите неистомисленици и ја заокружува својата кариера како воен злосторник.

# Руската пропагандна пешадија заглавена во калта

*16 мај 2022*

Ја читам (тоа ми е работа) анализата од мониторинг тимот на Цивил за директорката на една приватна високообразовна установа во Скопје, во која се анализира нејзината активност на социјалните мрежи. Од приложеното, се гледа дека таа е вреден проруски пропаганден „пешадинец“, но не се воздржува ни од заканувачки коментари. Се заканува дека „ќе полнат зандани“.

Не кажува точно кои се тие со кои ќе се наполнат занданите, но во долгите години проруска пропаганда во земјава научивме кои можат да бидат тие. Знаеме дека заканата им е упатена на сите што ќе се најдат на црната листа со која се закани рускиот шеф на дипломатијата, Сергеј Лавров, а потоа и руската амбасада во Скопје, во првите денови од бруталната агресија на Русија врз Украина. Имаше само еден одговор што може да се даде на таа закана од руската машинерија: чест е да се биде на црната листа на злосторниците.

## Напаѓаат „во стрелци“

Во споменатата анализа се работи за само една претставничка – солдат – во „пешадијата“ со која располага руската пропаганда во нашата земја. На некој начин, отстапува од вообичаениот профил на радикалните националистички и антизападни тролови на социјалните мрежи. Кај неа може да се забележат и афирмативни коментари за Референдумот во 2018 година за прифаќање на Преспанскиот договор.

Вредните аналитичари на пропагандата во тимот на Цивил, откриваат илустративни примери на пропагандисти кои напаѓаат мошне организирано и синхронизирано – „во стрелци“. Спрегата меѓу медиумите и нападите на социјалните мрежи е добро позната и разоткриена.

Се појавуваат во сите клучни моменти за општеството и за државата. Има случаи кога им се придружуваат или ги поддржуваат прогресивните идеи и движења. Тоа се случува од различни причини. Една од причините за тоа „свртување“ е да ја стекнат довербата на „спротивната страна“, но мотивот може да биде и личен интерес. Причината може да биде и учество во некој проект на граѓанското општество, што најчесто е личен интерес, финансиски или кариерен.

## Кратка историја на гадостите

Интересно е што руските пропагандисти во овој период ги препознаваме и во редица претходни настани и процеси. Еве кратка хронологија на гадостите.

Голем број од нив ги гледаме на социјалните мрежи со јасна поддршка на „Стоп операција Сорос“ во 2016 година. Потоа, голем број од нив се или ги поддржуваат „тврдокорните“ националисти веднаш по изборите во декември 2016 година.

Тие го оправдуваат и нападот врз пратениците и новинарите во Собранието на 27 април 2017 година, а организаторите и насилниците ги нарекуваат „уставобранители“. Истата, 2017 година ширеа антимигрантска и антиисламска хистерија во пресрет на локалните избори, тврдејќи дека во земјата ќе се населат стотици илјади екстремисти од Блискиот Исток.

Во 2018 година се впуштија во дива пропаганда против процесот за надминување на грчко-македонскиот спор со името и против уставните промени што уследија на почетокот на 2019 година.

Ширеа дезинформации и теории на заговорот за пандемијата од Ковид-19. Беа антиваксери. Ги лајкаат „рамноземците“ (Земјата е рамна). За време на сите изборни процеси шират

националистичка и верска омраза, дезинформации и пропаганда.

Конечно, добија „судбоносна“ прилика: Со сите сили, како знаат и умеат – ја оправдуваат руската агресија, геноцидот и систематската тортура и масовни убиства и силување во Украина.

## Ја сакаат Русија, но само на социјалните мрежи

Сакаат да живеат и да ги уживаат придобивките на западните демократии. Никогаш не би помислиле да живеат во Русија, дури ни во Москва, а камоли некаде во руската непрегледна пустелија.

Ја сакаат Русија, но само на социјалните мрежи.

Што е заедничко за повеќето од нив? Нивниот вокабулар е сличен. Често ги „позајмуваат“ слоганите и повиците за слобода, правда и демократија од времето на Шарената револуција. Говорот на омразата, вулгарноста и манипулациите се присутни безмалку во секоја од нивните објави или коментари. Вредно се следат меѓусебно и си ги лајкнуваат и споделуваат грдите содржини, што е резултат од структура што работи според план и програма. Релативно лесно се препознава кој од нив е платен, а кој е „корисен идиот“.

## „Правдата“ на пропагандистите

Се закануваат дека ќе судат, апсат, бесат, палат, убиваат и силуваат. Но не кажуваат во име на која институција и во кое својство ќе ја спроведуваат својата „правда“. Не спомнуваат партија или организација, не спомнуваат процес на менување и донесување закони според кои таа „правда“ ќе ја спроведуваат. Веројатно, „правдата“ ја замислуваат како што беше спроведен геноцидот во Руанда. Или во филмската дистопија *The Purge*. Но тие што ја креираат и ја водат пропагандата, добро знаат што прават и што сакаат да постигнат. А во пропагандата, важно е да се „продаде“ продуктот, а не колку „консументот“ разбира што „купил“. Но тоа е повеќе од познато, нели?

Според сознанијата на Цивил, онлајн насилниците често се обраќаат во приватна комуникација кај луѓето што споделуваат содржини со прогресивни пораки, ги навредуваат и им се закануваат. Повеќето луѓе не сакаат да си имаат работа со овие онлајн насилници. Разбирливо е, мирните и пристојните луѓе не сакаат да се изложат на онлајн линчот на пропагандистите и троловите само затоа што кликнале лајк на некоја објава на Фејсбук или Твитер. Затоа, за да ја искажат својата поддршка или согласување со содржините што моите колешки и колеги ги објавуваат на социјалните мрежи, ни пишуваат

пораки и мејлови. Така дознаваме дека влијанието на пропагандистите ни оддалеку не е толкаво како што изгледа на социјалните мрежи.

Добро е да се нагласи дека пропагандистите се чувствуваат заштитени и имаат зошто: уживаат во неказнивоста и поддржани се од бот машинеријата на националистичките, антизападни, проруски структури. Некои од нив и заработуваат, платени се да шират антизападна, антидемократска и проруска пропаганда и омраза. Мониторингот веќе одамна утврди дека голем дел од „пешадијата“ на пропагандата се вработени во администрацијата, некои од нив и на одговорни места. Значи, со пари на граѓанките и граѓаните работат против националните стратегиски определби.

## Борбата е тешка, но фактите ќе победат

Која е целта на пропагандата? На Путин не му е важно дали некој верува во „праведноста“ на геноцидот што неговата злосторничка клика го спроведува во Украина. Важно му е да предизвика поларизација во општествата, недоверба во институциите, тензии меѓу заедниците и нестабилност во демократските држави. Тоа е дел од неговата освојувачка стратегија. Смешно би било ако некој помисли дека се работи за застапување на некакви

вредности. Се работи за хибридна војна против демократијата во Европа и во светот. Точка.

Деновиве нивните главни поттикнувачи и спонзори од политичките партии и националистичките банди со егзотични имиња се многу тивки. Ја оставаат само пешадијата да дивее низ социјалните мрежи, заедно со нивните медиумски капитени, кои шират дезинформации, митови и омраза. Нивната агилност, се чини, е правопропорционална со неуспехот на Путин на бојното поле.

Борбата е тешка, но фактите ќе победат. А тие ќе останат во калта на моралниот распад.

# Крајот на светот: Првите 100 дена

*Или: 100 дена руско дивјаштво што го променија светот*

*3 јуни 2022*

Сто дена неизмерно страдање на цивилите во брутална и бесмислена војна. Тоа се 2.400 часа систематски воени злосторства, грабежи и лудо уништување. Стотици жени и девојчиња, дури и бебиња – СИЛУВАНИ. Илјадници луѓе измачувани, многумина егзекутирани со истрели одблизу, со рацете врзани на грбот. Стотици илјади луѓе заробени и транспортирани во „филтрациони кампови“ и во Русија, вклучително и 200.000 деца. Над пет милиони бегалци и над десет милиони внатрешно раселени лица. Геноцид.

Ова е резиме на злосторствата нарачани од Путин и извршени од руската армија и паравоени сили за време на 100-те дена од руската „специјална воена операција“ за „ослободување“ и „денацификација“ на Украина. Тоа се 100 дена од кулминацијата на

хибридната војна на Путин против демократијата и слободата.

**Дали постои такво нешто како „умерен“ тон за да се опише војната на Путин?**

Еве сме денес, човештво среде агресија, крајно брутална и луда. Повеќето белешки за оваа статија се напишани со умерен тон, во текот на последните седум дена, од 27 мај, како обид да се даде објективен и неутрален поглед на најсуровата војна од Втората светска војна наваму. Дали постои „умерен“ тон да се опише војната на Путин против Украина и остатокот од светот? Мислам дека е невозможно да задржам умерен тон додека пишувам за суровоста и апсурдноста на руската војна против човештвото. Зошто да се обидувам да им удоволам на измамничките „принципи“ на „објективност и неутралност“ што се засноваат врз лажна рамнотежа? Пишувањето не треба да биде лично, велат некои, за да биде релевантно. Уште една глупост во различно пакување.

Морам да признам – оваа војна ја сфаќам сосема лично и имам многу причини за тоа. Прво и пред сè – огорчен сум поради суровоста на руската држава и армија, па дури и од обичните луѓе што ја поддржуваат војната или „не сакаат да зборуваат за политика“.

Навистина, да се каже такво нешто значи тивко изразување согласност со агресијата.

Оваа војна е против сето она за што се залагам. Украина е само првата и најкрвавата станица од ова крвожедно дивеење. Ордите садистички мачители, убијци и силувачи на Путин се закана за секоја жена, девојче и дете во светот. Се разбира, мојата статија е лична и не е „неутрална“, би била болно ако тоа не е.

## Путин ја загуби војната

Едно е јасно: Путин претрпе целосен воен срам и неуспех. Единственото нешто што тој добро го командуваше е спроведување геноцид врз украинскиот народ. И го обедини светот за поддршка на Украина и нејзините херои на бојните фронтови. Ако за ништо друго, политичарите треба да сметаат на разочарувањето на нивните гласачи ако не успеат да дејствуваат против руското зло. Така, Путин ја загуби војната, веќе во првите неколку дена откако ја стави чизмата на украинска територија, веќе во 2014 година.

Сепак, Путин постигна уште едно нешто. Огромното и неописливо страдање што тој го предизвика во Украина стави крај на светот каков што го знаеме. Може ли да биде полошо? Навистина, ова е само почеток. Дали може да биде подобро? Не, многу долго време, ако

воопшто некогаш стане подобро. Дали е можна нуклеарна апокалипса? Да.

Приказната е многу постара од тоталната инвазија врз Украина на 24 февруари 2022 година, може некој да се спротивстави. Секако, но тој датум е најверојатно почетокот на крајот на светот каков што го знаеме.

## Војна заснована врз лаги

Војна заснована врз лаги. Само неколку дена пред целосната инвазија, рускиот министер за надворешни работи, Лавров, го уверуваше светот дека Русија не планира да ја нападне соседна Украина. Сепак, нападна. Дотогаш и оттогаш, сè што доаѓа од Кремљ е лага. Една голема Л-А-Г-А. Сличноста на нападот со Блицкриг во Втората светска војна беше фрапантна. Па, и покрај обидите, блицкригот во руски стил се претвори во пијано дивеење и систематско колење цивили и силување жени и деца, дури и бебиња. Планираниот геноцид стана очигледен веќе откако ги видовме ужасните сцени во Буча, Ирпен и други населени места во април. Војната продолжи на ист начин. Така е и сега, додека за ова пишувам. И така живее лагата во главите на оние што премногу лесно се предаваат на гнасната пропаганда.

Зошто руската војна против Украина е поинаква од инвазијата на Ирак или

Авганистан или други војни предводени од САД? Зошто оние што се обидуваат да стават равенка меѓу Русија и САД или НАТО, не успеваат да обезбедат смисла и кредибилитет за својата „математика“?

Одговорот е едноставен. Целосното непочитување на меѓународното право, за почеток. Се работи за апсолутно неиспровоцирана и неправедна агресија, заснована врз крајно лажни наративи – ЛАГИ. Однапред смислена војна против цивилите. Тоа е геноцид. И, тоа е отворена војна против остатокот од светот. Русија во основа вели: „Не приближувајте ми се, или јас не само што ќе ја избришам соседната земја од лицето на светот туку ќе ги лансирам моите нуклеарни боеви глави и кон вашите земји. По цена да се уништи целиот живот на Земјата“.

## Еден век и 100 дена зло

Само за 100 дена Русија се покажа како чисто зло. Путин нареди да се уништат безброј домови, инфраструктура, стотици училишта, градинки и културни институции, домови за стари лица и болници, дури и породилишта. Со сето ова Русија изгуби историска шанса да биде една од водечките нации во светот. Наместо тоа, таа успеа да остане запаметена како најмрачниот непријател на човештвото во историјата на човештвото.

Светот изгледаше подготвен да заборави на дивјаштвото на руската држава и нејзината воена машинерија во изминатите децении, вклучувајќи ги Авганистан, Чеченија и Сирија. Сигурно замижуваше на суровоста на водењето војни против цивилното население, вклучително и против сопствените народи, во времето на Советскиот Сојуз. Во име на војната против нацистичкиот режим во Германија, светот го игнорираше еднакво нехуманиот режим роден во ерата на Сталин.

Во поголемиот дел од втората половина на 20 век, Русите ги упропастуваат и ги експлоатираат нациите низ Источна Европа и Азија. Нивната полициска држава зароби повеќе од дузина помали нации во рамките на поранешниот Советски Сојуз. Многу од нив се дел или се во силниот стисок на сегашната Руска Федерација. Сиромаштијата, стравот и пропагандата се оброците што се служат под руските чизми, ден по ден, со децении.

## Дали Украина ќе биде заборавена?

Апсурдното зло и сурово уништување на Украина го промени меѓународниот поредок за многу долго време, ако не и засекогаш. Таа постави преседани што ќе ги стават нациите во опасност, изложени на волјата на милитантните режими и диктаторите. Човековите права и слободи ќе отстапат пред

брановите од параноја. Безбедноста на државите ќе стане приоритет, а новите правила за колективна одбрана ќе ги исклучат индивидуалните права и слободи во голема мера, ако не и целосно.

Дали Украина ќе биде заборавена? Не. Светот е згрозен од бруталноста и манијакалната крвожедност на обичните војници и паравојски под знамето на Путин. И тоа не е само поради љубовта и восхитувањето на светот за херојската борба за слобода на Украина. Путин изврши напад врз светскиот поредок, безбедност и благосостојба, истовремено со бруталниот напад врз суверенитетот и слободата на Украина. Тоа е она што ја прави руската војна против Украина алармантно прашање за остатокот од светот. Овој пат, светот треба да оди до самиот горчлив крај на оваа војна – ако сака да се спаси.

# Специјалната руска воена и пропагандна операција против Украина и демократскиот свет

*14 јуни 2022*

На самиот почеток на целосната руска инвазија против Украина, голем број интернет-портали и дел од традиционалните медиуми во Северна Македонија станаа цел на пропагандата под диктат на Кремљ. Дел од нив наседнаа на пропагандните трикови, но голем број од нив „самоволно“ и „своерачно“ се впуштија во отворена проруска пропаганда.

Со интензивната пропаганда на која беше изложена македонската јавност во овој критичен период, станаа видливи ефектите од долготрајното руско влијание во сите клучни области. Така, под влијание на руската пропаганда што ја ширеа дел од медиумите и други ентитети и јавни личности, дел од јавноста во Северна Македонија со восхит и

одобрување ги дочека вестите за воената инвазија на Украина.

## Руската пропаганда ги негира воените злосторства во Украина

Првиот знак на колебање околу неконтролираното ширење дезинформации и руска пропаганда се бележи по откритијата на грозоморните воени злосторства. Стотици мртви тела на цивили беа пронајдени во населените места во близина на Кијив каде што руските окупатори беа еден месец, а беа потиснати во офанзивата на украинските бранителки и бранители на почетокот на април.

Тогаш, еден дел од медиумите и активните корисници на социјалните мрежи, стаписани од обемот и бруталноста на злосторствата против цивилите во Украина, се повлекоа и престанаа со своето „навивање“ за руската воена агресија. Сепак, руската пропаганда, откако помина првиот бран на јавна осуда на злосторствата, продолжи со своето дејствување, може да се рече, со уште позасилен интензитет.

По откривањето на воените злосторства се бележи засилен, не сосема неуспешен обид да се манипулира јавноста со дезинформации и лажни тврдења дека се работи за наместени сцени.

Интензивно се пласираа дезинформации дека воените злосторства не се случиле вистински и дека украинската и западната пропаганда само се обидуваат да ја оцрнат руската армија. Пропагандата отиде дотаму што бесрамно тврдеше дека жртвите не се предизвикани од Русите, туку од самите Украинци!

Руската пропаганда во медиумите и на социјалните мрежи е силно поддржана од десничарските политички партии, кои не секогаш се толку отворени, како што тоа го прави партијата Левица. Сепак, прорускиот став на десничарските политички партии, иако не е деклариран јавно (најчесто немаат став), може да се идентификува преку медиумите што се под нивна контрола или преку дејствувањето на партиските трол фабрики на социјалните мрежи.

## Восхит и ситење за страдањата на цивилите

Мониторингот на Цивил бележи дека паралелно со дезинформациите во кои лажно се тврди дека „воени злосторства не се случиле“, руските и проруските пропагандисти на социјалните мрежи и во дел од медиумите изразуваат восхит и ситење за страдањата на цивилите. Тие, со користење на експлицитен говор и говор на омраза, ги одобруваат злосторствата, како што се тортура и масовни егзекуции на цели семејства, силувања на

жени, деца, па дури и бебиња. Значи, од една страна – негирање, а од друга страна – восхит и ситење со тоа што истовремено го негираат. Нелогично, но функционира.

Дел од пропагандистите не само што не ги негираат злосторствата туку и ги одобруваат и ги величаат, но со сите сили се обидуваат да негираат дека руските војници и паравоени формации крадат. Нивниот вредносен систем им дозволува да уживаат и да ги величат разурнувањето и грозоморните тортури, убиства и силувања, но не и дека крадат апарати за домаќинството, лични предмети, облека, пари и накит од домовите и од мртвите тела на украинските цивили.

**Главните руски пропагандни наративи**

- Специјална воена операција
- Ослободување на Украина
- Денацификација на Украина
- Спречување на геноцидот врз Русите во Украина
- Одбрана на Русија од НАТО“

Руската пропаганда упорно се обидува да ја прикаже инвазијата како **„специјална воена операција“** чија цел е **„ослободување“** и **„денацификација“** на Украина.

Понатаму, во пропагандниот арсенал на Кремљ се наоѓа и тврдењето дека „специјалната воена операција“ има цел **„да го спречи геноцидот врз**

**Русите во Украина“** и **„да ја одбрани Русија од НАТО“**.

Светската јавност ги дисквалификува овие тврдења како целосно неточни и апсурдни. Тоа што го направи Русија во 2014 година и тоталната воена агресија што започна на 24 февруари 2022 година, претставува неиспровоциран акт на агресија врз суверена, мирољубива, демократска и независна држава, тотално спротивно на меѓународното право.

И тврдењата на пропагандата диктирана од Кремљ дека во Украина не се вршат воени злосторства се побиени. Фото и видео доказите од теренот и илјадниците потресни сведоштва на жртвите од рускиот терор во Украина, како и извештаите од медиумите, релевантни меѓународни цивилни институции и организации и воено-разузнавачки извори, говорат доволно јасно за тоа што навистина се случува на теренот. Истрагите за воени злосторства веќе се во тек, а сè повеќе аргументи упатуваат и на фактот дека Русија спроведува геноцид во Украина.

**Негирање на украинската нација, јазик и идентитет**

Москва за Украина користи извонредно груб и омаловажувачки вокабулар. „Украина не постои“, „Ленин ѝ ја подари независноста на Украина“, „украинскиот јазик, култура и

идентитет не постојат“ – се дел од наративите на Кремљ во интензивна, повеќегодишна пропагандна војна.

Во самата Украина, на Путин, своевремено, му успеа да инсталира и да зацврсти моќни проруски структури на сите нивоа и во сите области, почнувајќи од стопанството, медиумите и граѓанското општество, завршувајќи со војската, полицијата и политичкиот естаблишмент.

Украинскиот претседател Виктор Јанукович не работеше за украинските интереси. До мигот кога беше урната неговата власт, Јанукович работеше за исполнување на руските економски, политички и безбедносни интереси. Тој работеше на ослабување на демократските институции, а Украина ја претвори во логистички и индустриски сервис на Русија.

## Украинските „шарени“ му ја поматија сметката на Путин

Во сите варијанти, на Путин му требаше Украина поради геостратегиската положба и сите ресурси со кои располага. Со Јанукович на чело на земјата, тој немаше потреба да се грижи за својата „светла криминална иднина“.

Но украинските „шарени“ му ја поматија сметката (Мајданска револуција, 2014). И додека Брисел се восхитуваше на креативните демонстранти и трагаше по „неутрални“ и

„објективни" оценки на демократската транзиција во Украина, „малите зелени човечиња изникнаа" во делови од индустрискиот исток на земјата и стратегиски важниот полуостров Крим на југот и окупираа малку повеќе од седум проценти од територијата на суверена и независна Украина.

## „Маскировката" ставена во функција долго пред инвазијата во 2014 година

Пропагандната машинерија на Путин е повеќеслојна, софистицирана и долготрајна. Методологијата на водење пропаганда влече корени од злогласната воено-пропагандна доктрина позната како „маскировка" што се развива уште од времето на првиот лидер на Советскиот Сојуз, Владимир Илич Ленин.

Хибридната војна против Европа и Украина се интензивира најмалку пет години пред првата воена инвазија на Русија против Украина (2014 година). Европа одбра да биде „слепа" пред стравотната закана, како и пред повеќе од 80 години во пресрет на наездата на тогашните експанзионистички и милитантни режими во Германија и Италија.

## Жестока пропаганда и хибридни напади против Западот

Руската пропаганда и хибридните напади во изминатата деценија беа жестоки. Таа беше насочена кон долготрајно поткопување на

довербата во институциите и поредокот во земјите на Западот. Меѓу другото, пропагандата имаше цел да го прикрие систематското кршење на човековите права и слободи во Русија. Еден од начините на кој се постигнуваше целта беше релативизација (сите се исти) со што се избегнуваше или целосно се негираше одговорноста за тешката состојба во која Путиновата диктатура ги фрли руските граѓанки и граѓани.

Паралелно со тоа, гледаме величање на режимите на „цврстата рака“ и омаловажување на демократските процеси во Европа и светот. Тоа беше придружено со длабока корупција на највисоки нивоа, продор во економијата и создавање европска зависност од руските енергетски ресурси.

### „Специјалната војна“ се води и на балканско тло

Во 2016 година НАТО обелодени дека се започнати хибридни напади против дел од земјите членки на Алијансата и ја навести одлуката да се активира член 5 од Северноатлантската спогодба. Тоа водеше кон формирање тимови за поддршка во борбата против хибридните закани во 2018 година.

„Специјалната војна“ (југословенски израз), односно хибридната војна само се интензивира во 2014 година. Ефектите од хибридните закани

што доаѓаа од Русија силно се чувствуваат во регионот на Западен Балкан, вклучително и Северна Македонија. Дел од десничарските политички групации во земјата спремно ја дочекаа оваа закана и се ставија во служба на руската пропаганда, која трае до денес.

# Что вы думаете, рашисти?

*17 јули 2022*

Знаете дека исклучително ретко влегувам во поединечни преписки во коментарите. Затоа, за оние што се нашле „погодени“ од моето пишување деновиве, сакам да појаснам неколку работи. Не да се оправдам, туку да ги засилам моите спорадични кратки коментари. Да објавам дека тие се дел од цврсти ставови, изградени врз основа на децениско искуство во медиумите и во граѓанското општество.

Моите објави на социјалните мрежи како и моите текстови во ЦивилМедиа и Фронтлајн во изминатиот период се многу јасни. Навистина се трудам да не оставам ништо недоречено и како автор, но и како уредник во споменатите медиуми. За широчината и отвореноста кон сите различни ставови мислам дека нема потреба посебно да докажувам, доволен е само еден скрол по медиумите што ги уредувам. А како што негувам целосна почит кон ставовите и на оние со кои не се согласувам, истото го очекувам и од другите. Ако немаат доблест да возвратат со иста мера, тоа не говори лошо за мене, туку за нив.

## Кратко потсетување

Заврши уште едно важно поглавје на европскиот пат на Северна Македонија. За среќа, иако нападот на европската иднина на земјата беше силен, процесот заврши успешно. Северна Македонија, заедно со Албанија, веќе немаат пречки да ги започнат преговорите за интеграција во ЕУ. Пречка за двете земји беше бугарското вето против нашата земја, со апсурдни барања и услови со кои се доведуваа во прашање македонскиот јазик и идентитет. Владата на Ковачевски кажа решително НЕ за првата верзија од предлогот, познат и како „француски предлог“. Во вториот, експресно ревидиран предлог, беа изоставени барањата поврзани со идентитетот и јазикот. Но наместо широка поддршка и аргументирана јавна дебата, овој успех беше дочекан „на нож“. Што и не беше изненадување.

Радикалната опозиција се послужи со сите средства во жестока и насилна кампања против европскиот предлог со кој се надминува ветото од бугарска страна. Опозицијата организираше насилни демонстрации и инциденти, со жестока националистичка реторика и говор на омраза на улица, на социјалните мрежи и во медиумите. Беа повредени педесетина полицајци, беа демолирани објекти, а имаше и истрели од огнено оружје. Милитантната опозиција се

обиде не само да го блокира европскиот предлог и со тоа да ја задржи земјата надвор од ЕУ интеграцискиот процес, туку и да ја дестабилизира земјата.

Оваа „епизода“ заврши со гласање во Собранието со **68 гласа ЗА** и **ниту еден „против“**. Северна Македонија сега веќе може да започне со преговорите за зачленување во ЕУ, на што чека цели 17 години.

## Што подразбирам под поимот „рашисти“?

Антиевропската кампања и протестите ги помогна Кремљ со *know-how* и со низа други средства, вклучително и со *русские деньги*. Дел од нив можеби располагаат со „свои“ пари или „објективни“ судови, но нивното дејствување секако оди во прилог на руските интереси што се реализираат преку жестоки хибридни напади. И тие што (можеби) немаа намера, станаа дел од руските хибридни напади.

Затоа, во моите текстови со личен став, оние што се очигледно поврзани со руските интереси, пропаганда и хибридни напади, често ги нарекувам ***рашисти***. Овој термин – *рашисти* – има поинаква употреба во меѓународната јавна комуникација, но во контекст на македонските општествено-политички процеси и трендови ги подразбира, во прв ред, политичките и милитантните националисти што дејствуваат под директен диктат на

Кремљ. Такви се Апасиев и неговата ултрадесничарска Левица, Јанко Бачев и неговата Единствена Македонија, партијата Родина и други.

Со *рашисти* ги означувам и нивните членови, следбеници и поддржувачи.

Иако не сосема отворено, и ВМРО-ДПМНЕ со ниту еден свој потег не покажаа дека не се дел од антиевропското движење и уште помалку покажаа несогласување со руската политика во однос на Северна Македонија. На пример, не ја осудија руската инвазија врз Украина. Така што, во послободна и поширока смисла на зборот, тие за мене се, исто така, *рашисти*.

Како и да е, се најдоа повикани и сите оние што дозволија да паднат под директно или индиректно влијание на руската пропаганда. Иако **не беа посочени** како *рашисти*, се препознаа и оние што со своето дејствување во јавната комуникација, без оглед на тоа колку (не) се проруски настроени, ѝ помогнаа на руската пропаганда. Но што да правам јас ако самите се препознале под тој назив?

На почетокот, во мојата „дефиниција“ не ги вклучив, иако требаше, и оние на кои не им пречеше да застанат, макар и со својот молк, на иста линија со организаторите на јулските ултранационалистички и антиевропски протести. Секако, самите се „вклучија“. Меѓу

нив, за мое големо и непријатно изненадување, се најдоа голем број интелектуалци, новинари, уредници и „европски“ НВО лидери.

**Зошто на рашистите им пречат моите коментари?**

За тоа колку сум погрешил јас во квалификациите и опфатот на луѓе што ги подразбирам под поимот *рашисти*, може да се дебатира, но тоа е сосема непотребно.

Проблемот е во прифаќањето на **рашистичкиот наратив** на кој толку лесно му се предадоа дел од невладините, интелектуалците, експертите, новинарите и нивните уредници.

Со тоа што ќе ми кажат мене дека не сум во право што ги нарекувам *рашисти* не го решиле проблемот, туку само ја истакнале својата немоќ да најдат подобро оправдание.

Навистина, моите објави на социјалните мрежи не треба да им значат ништо, ако им е совеста чиста. Тие се соочени со многу поважни прашања отколку со тоа што јас мислам за нив.

Почестен сум што моето мислење им значи, но мора да одговорат на други прашања, не пред мене, туку пред себеси, пред јавноста и пред судот на времето.

Прашањата се едноставни, но признавам дека за нив може да бидат и многу непријатни.

## Едноставни, но непријатни прашања

Дали сега некој треба да им им верува кога ќе говорат за ЕУ-интеграциите, откако со сета жестокост се нафрлија врз европскиот предлог и проевропскиот курс на владата и на другите прогресивни сили во земјата?

Како ќе ги оправдаат милионите евра европски пари (!) што со години и децении ги исцицуваат од европските фондови за да ѝ помогнат на земјата да ги спроведе националните стратегиски цели и да се развива соодветно на критериумите на ЕУ-демократијата? Ова се однесува на тие што имаат дебело конто со европски пари. Како ќе го оправдаат своето посредно и/или непосредно учество во атакот на меѓуетничките односи?

Ако не се проевропски, дали можат и натаму да се претставуваат барем како „неутрални“ и „објективни“? Или се „неутрални“ и „објективни“ само ако ја напаѓаат ЕУ-агендата? Па и антиваксерите „неутрално“ и „објективно“ мислат дека во вакцините има чипови за контрола на умот!

## Не кажаа ниту збор за заканите, говорот на омраза и повикувањето на геноцид

Немаа ни збор за жестокиот говор на омраза и повикувањето на геноцид на улиците и во медиумите и социјалните мрежи. Не ги осудија ни ултранационалистичките говори на 81-та

седница на Собранието во кои пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и Левица навредуваа, ги попречуваа другите да говорат (ја навредија и претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен), се закануваа со жестока одмазда и се служеа со отворен говор на омраза. Зошто останаа неми за сето тоа?

„Големите" експерти и новинари не го искоментираа ниту тоа што иако водеа жестока и насилна кампања, антиевропските пратенички и пратеници не гласаа ПРОТИВ, туку го одбраа комфорот на напуштање на собраниската сала. Ни збор не напишаа ниту за лицемерието на три помали партии од владејачката коалиција, иако тоа ќе беше најбезболно за нив.

Дали сето тоа значи или не мора да значи дека се дел од „специјалната операција" против евроинтеграциите? Имајќи го сето ова предвид, дали е големо „злосторство" да се помисли дека се „мотивирани" од Кремљ?

## Нека си одговорат барем себеси

Изгледа навистина се чувствуваат недопирливи. Но толку треба да знаат – едно е да мислиш и да се чувствуваш дека си недопирлив, а нешто сосема друго е да бегаш од одговори и одговорност.

Мислам дека треба да имаат толку интелектуална и човечка доблест да си

одговорат на овие прашања, барем себеси, ако веќе толку ја потценуваат јавноста. Можеби за себе мислат дека се недопирливи, качени на „експертски“ висини до кои дојдоа со помош на милионски суми во евра од европските фондови, но тоа мене не ми значи ништо. Можеби, за да добијат нови европски пари, *рашистите* без мака ќе ги убедат бриселските бирократи во својата „невиност“ и „експертска објективност“, но не и мене. Како и порано, така ниту по оваа „епизода“ нема да ја убедат јавноста во своите „искрени и европски“ проекти. Луѓето не се наивни.

Не можеме и не смееме да си го дозволиме луксузот на наивноста, бидејќи се работи за европската иднина на нашата земја.

*БЕЛЕШКА 1: Ова не значи дека ќе ја променам мојата уредувачка политика. Нивните ставови секогаш ќе бидат добредојдени во мојот инбокс и ќе бидат третирани како и секогаш порано. Тоа е, меѓу другото, разликата меѓу демократското и рашистичкото општество.*

*БЕЛЕШКА 2: Овде сакам и да им се заблагодарам на сите за поддршката на социјалните мрежи, но и за многубројните пораки со пофалби, изрази на поддршка и добронамерна критика од стотици луѓе низ целата земја и од светот. Искрено БЛАГОДАРАМ! И уште еднаш, нека ни е честита големата европска победа!*

# Руска пропаганда „скриена“ во агенциските вести

*19 август 2022*

Да разгледаме, низ еден конкретен пример, како функционира руската пропаганда, што може да им помогне и на читателите и на оние што секојдневно ја информираат јавноста и креираат јавно мислење. Да почнеме со ред.

Во тридневната израелско-палестинската „размена на оган“ од 5 до 7 август, во воздушните напади на израелската воена авијација и артилерија загинаа 46 Палестинци, меѓу кои и 16 деца, според извештајот на Канцеларијата на ОН за координација на хуманитарните прашања. Министерството за здравство во Газа пријави 360 повредени Палестинци, меѓу кои 151 дете, а израелските власти, без многу детали, јавија дека 70 луѓе биле повредени во ракетните напади на Исламски Џихад од Газа. Тоа е резимето на оваа кратка епизода од бескрајната крвава низа на Блискиот Исток, што нѐ води кон примерот за руската пропаганда македонското медиумско тло.

На 6 август се појави еден наслов во повеќе македонски медиуми во кој се вели дека „ЕУ и Русија се длабоко загрижени и повикуваат на воздржаност во Појасот Газа“. Повеќето објави го наведуваат изворот МИА. Речиси идентичен наслов се наоѓа и на десетина српски портали. Текстот во српските и македонските медиуми со овој и слични наслови се исти.

Се работи за руска пропаганда. Како тоа?

Точно е дека и ЕУ и Русија излегоа со изјави за ескалацијата на насилствата меѓу израелските сили и палестинските џихадисти. Но точно е и дека реакции и апели имаше од сите страни на светот, од големи и мали држави, релевантни и помалку релевантни светски организации и институции. Реагираа ОН, ОБСЕ, ЕУ, САД, Арапската лига и кој уште не. Но овој наслов посебно ги доведува ЕУ и Русија во релација и ги изедначува по вредност и важност.

Која е целта на насловот и на текстот? Целта е да се изедначи важноста на ЕУ и Русија за важни прашања, а особено затоа што се работи за оружен судир. Да се прикаже Русија како важен фактор во светот што може да се „загрижи“ за некоја криза.

Публиката треба да добие порака дека „загриженоста“ на Русија има, ни помалку ни повеќе, иста тежина како онаа на ЕУ. Па уште и акцентот на изјавата на портпаролката на

руското МНР, Марија Захарова, беше на потенцијалното влошување на и онака тешката хуманитарна ситуација во Појасот Газа.

Дескот на МИА најверојатно само механички презел содржина од новинските куќи во Србија. Такви се насловите во Н1, Нови магазин и Данас. Но тој што ја составувал веста, а особено насловот бил на задача што не е (само) новинарска.

Сепак, ако веќе морало да се презема, дескoвите кај нас имале избор. И во медиумите во Србија и многу пошироко има наслови во кои се говори за реакциите во светот и тие се објавени во посебни содржини. Таков е случајот со Српска инфо и ХепиТВ, кои известуваат за реакцијата на ЕУ, Слободна Европа и српското издание на Еуроњуз, кои известуваат за реакцијата на ОН.

Голем број српски медиуми не ја ни спомнуваат изјавата на Захарова. Бидејќи е манипулативна, а во контекст на бруталната агресија против Украина, таа е и гротескна.

Мониторинг-тимот на Цивил ја препозна пропагандата на Русија во изјавата на портпаролката на руското МНР, Захарова, и го објави насловот „Русија се обидува да се наметне како фактор за решавање на конфликтот во Појасот Газа“. Извештајот на Цивил јасно ја лоцира пропагандната

манипулација на Русија, која истовремено со воените дејства во Израел и Газа ја загрози безбедноста на нуклеарката во Запорожје, Украина, најголемата во Европа. Во слична насока оди и коментарот на колегата Муратов „Русија глуми ‘загриженост’ за Палестина додека гранатира цивили и нуклеарна централа во Украина“.

Живееме во воено време кога пропагандата е жестока и има многу различни форми. Се вели дека информативните содржини во медиумите служат за непристрасно и неутрално информирање на јавноста. Но од овој пример се гледа како тие влијаат врз јавното мислење.

Секој ден, во многу медиуми се гледа таа „тивка“ пропаганда, руска, националистичка, партиска, комерцијална… Затскриена зад „објективност“, „неутралност“ и „непристрасност“ на информативните прилози во медиумите, пропагандата од кој било вид и на која било тема има посилен ефект отколку огласите и рекламите. Размислете малку, прочитајте повнимателно и ќе видите за што ви пишувам, драги читателки и читатели.

# Далеку е Индија

*26 август 2022*

„Нормализацијата на односите меѓу, од Русија поддржуваната Србија и Црна Гора, би била проблематична за Вашингтон, бидејќи тогаш би го изгубиле упориштето во балканскиот регион, што дополнително би му наштетило на и онака намаленото присуство на НАТО во Јадранското Море“ – пренесува црногорскиот интернет-медиум АнтенаМ текст од ТФИ Глобал, индиски интернет-медиум со проруска уредувачка политика.

Ете една трансконтинентална густа каша од медиумски прилог.

Ништо особено, ќе речете, ова е свет на глобални комуникации, сите се вклучени. Тоа е точно. Глобалните комуникации овозможуваат глобализација на вестите, но и глобализација на пропагандата. Во овој случај се работи за пропаганда, и тоа со низок квалитет.

Насловот во АнтенаМ сè си кажува: „НАТО дал зелено светло за рушење на просрпската влада на Абазовиќ“. Насловот во индискиот оригинал ТФИ Глобал е: „Со сеење раздор меѓу Црна Гора и Србија, НАТО повторно го турна Балканот во превирања.“

Ова не е никакво чудо. Просрпски медиум пренесува индиски проруски медиум со тврдење дека НАТО срушило просрпска влада. Уште еден прилог кон бескрајното лелекање за тоа колку Западот е лош и управува со волјата на малите и „наивни“ народи. А во тие земји секогаш има доволно прозападни „предавници“ да ја отфрлат мајка Русија и нејзините балкански миленичиња (со 50:1 гласови во 81-члениот парламент). „Западот е лош и сака да освојува, Русија е добра и мирољубива!“ – тоа е прикаската приближно.

Но тоа што е посебно смешно и исто толку погрешно во овој „индиски“ филм со руски акцент е тврдењето дека НАТО има сè помало присуство на Јадранот.

Далеку е Индија од Адријатикот…

Шест држави се на бреговите на Јадранско Море. Од тие шест држави, пет се во НАТО. БиХ не е членка на НАТО, но нејзиниот брег е со должина од 20 км (неколку зрна песок, би рекол некој). НАТО одржа уште една гигантска воена вежба во Медитеранот што заврши на 11 август, каде што беше вклучен и Јадранот.

Но тоа не се гледа од Индија. А кога е руската пропаганда во прашање, тоа ни за балканските медиумски (пропагандни) мрцини е невидливо.

# Украинската офанзива и руската информативна контраофанзива

*30 август 2022*

Руската пропаганда во македонските медиуми останува силна, а јавноста постојано се „бомбардира“ со руски пропагандни пораки и дезинформации.

Пример за тоа се првите часови од офанзивата покрај јужната линија на фронтот каде што, на 29 август, украинските сили започнаа офанзива за ослободување на регионот Херсон од руска окупација. Вестите за украинската офанзива ги преплавија интернет медиумите во попладневните часови, на 29 август.

Беше тоа ретка можност да се забележат наслови во кои не доминираат руски извори, констатираа колешките и колегите од мониторингот на Цивил.

Сепак, тоа траеше кратко. Околу еден час подоцна, осамнаа насловите во кои доминираше пропагандната порака од Москва:

„Украинската контраофанзива пропадна“. Тие за кратко време го преплавија интернет-просторот и останаа доминантна вест од Украина до крајот на денот.

Значи, прво се појавува бран со вести за украинската офанзива. Се користат западни агенциски извори, во случајов, Германската новинска агенција (ДПА) што ја пренесува македонската МИА. Но потоа следува уште посилен бран со „вести“ од Руската информативна агенција (РИА), која е под диктат на Кремљ.

Покрај ТАСС, голем дел од македонските „неутрални“ и „објективни“ медиуми сесрдно ја користат РИА како „релевантен“ извор. Во руската информативна „контраофанзива“ се тврди дека украинските сили доживеале целосен и, како што велат од Москва, мизерен неуспех.

Гледајќи ја временската разлика со која се појавуваат извештаите, логиката го наметнува заклучокот дека воениот извештај на РИА бил напишан пред украинската офанзива воопшто и да започне.

Некој можеби ќе аргументира дека сепак се воспоставил баланс. Не е така. Медиумската публика, со овој начин на презентирање на вестите, ќе го стекне впечатокот дека украинските сили започнале одредена воена

операција, но дека биле осуетени на самиот старт. Но токму тоа е целта на руската пропаганда за внатрешна и за меѓународна употреба – дека руските воени сили се непобедливи.

*БЕЛЕШКА: Овој текст не се занимава со воената состојба, туку само ги опишува состојбите со известувањето за војната и, преку конкретен случај, илустрира како функционира пропагандата.*

# Три кратки приказни за кредибилитетот

*5 септември 2022*

Протагонистите во овој текст се неспоредливо различни според пропорциите и штетата што ја предизвикуваат, но ги поврзува едно нешто. Читајте до крај.

**Владимир Путин, Русија**

Го негира постоењето на Украина, украинскиот национален идентитет, историја и јазик. Тврди дека Украина ја водат нацисти, иако и самиот претседател Володимир Зеленски има еврејско потекло, а неонацистите во земјата се помалобројни и немаат никакво политичко влијание, за разлика од ситуацијата во други земји, како што е Русија, на пример. Путин тврди дека води „специјална операција" за ослободување на Украина. Само една од ноторните лаги (дезинформации) на неговата пропаганда е упорното тврдење дека САД имаат лаборатории за биолошко оружје во Украина.

Истовремено, неговата војска спроведува невиден терор, со грабеж и уништување на цивилни цели. За шест месеци светот

посведочи на илјадници воени злосторства, раселување, тортура и масакр на цивили и силување жени и деца.

Освен воена, води и една од најголемите машинерии за дезинформации во историјата. Ќе остане запаметен како еден од најкрволочните лидери во човековата историја.

## Доналд Трамп, САД

Против Трамп се водат повеќе истраги. Поттикнување и организирање државен удар (6 јануари 2021), опструкција на правдата, уништување или прикривање записи „со намера да се попречи или да се влијае“ врз активноста на федералната влада, кршење на Законот за шпионажа, даночна евазија. И низа други.

Познато е дека не го крие своето восхитување од Путин. Дојде на власт во 2016 година под крајно сомнителни околности, но ја блокираше истрагата на агенциите за безбедност за странско влијание врз изборниот процес.

Изборите во 2020 година, организирани за време на владеењето на неговата администрација, ги нарече изборна кражба, без ниту еден доказ. Се обиде, по пат на насилство, да ја спречи транзицијата на власта. Сите контроверзии поврзани со неговото дејствување како политичар, познат по ширење

дезинформации и говор на омразата, не му пречат да го нарече претседателот Бајден - „непријател на државата“, а ФБИ и Министерството за правда да ги нарече „злокобни монструми“.

**Опозиција и „неутралци“, Северна Македонија**

Тврдат дека ја поддржуваат евроатлантската интеграција, но со сите свои постапки и политичко дејствување покажуваат само дека се антизападни и проруски структури. Интензитетот на сите дезинформации со кои се служат е пропорционален на интензитетот на национализмот што го промовираат и практикуваат секогаш кога можат. Брзината со која преминуваат од латентен до ултранационализам, повеќекратно ја надминува брзината на звукот.

Во време на светска воена, економска и енергетска криза, суша, недостиг на храна и климатски промени, ја обвинуваат власта за покачување на цената на електричната енергија. Актуелен пример, „невин“ во споредба со неброени други: Ја обвинуваат власта дека трошела „народни“ пари за Саемот на виното (Отворен Балкан). На саемот учествуваа 400 винопроизводители од 22 земји во светот (47 од Северна Македонија). Одлична можност за промоција на македонското производство, туризам, култура…

*

Во сите три приказни може дополнително да се набројуваат многу случки и примери за тоа дека најгласни се токму оние чиј кредибилитет е разнишан или целосно изгубен.

## Значењето на поимот кредибилитет

Според Официјалниот дигитален речник на македонскиот јазик, кредибилитет е „особина на тој што има, што заслужува доверба“.

Етимолошкиот речник на англиски, поимот кредибилно го дефинира како нешто „веродостојно, достојно за верување, на кое може да му се верува, што не вклучува невозможност; со позната или очигледна вистинитост или компетентност“. Во литературата се среќава од доцниот 14 век и потекнува од латинскиот збор *credibilis* „достоен да се верува“, од *credere* „да се верува“ (кредо).

*

Ова го пишувам на почетокот на работната недела, а и на учебната година. Одличен повод да се прогласи и почеток за оние што сакаат да го гледаат светот каков што е, а не каков што оние без кредибилитет сакаат да го претставаат. Зошто да го чекаме следниот понеделник или следната учебна година? Може и сега.

# Балансирани до коска

*6 септември 2022*

Кога ќе уапсат некој што силувал жена или дете, не го бараат за интервју во главните вести. Кога ќе осомничат некого за пожар, се разбира, се работи за пироман. Ако се слушне дека некој крадел, ограбувал или мамел, не оставаат место за сомнеж, тој е валкан арамија, особено ако е припадник на етничка заедница што има „силни предиспозиции“ за криминал. Се знае, најмалку за една етничка заедници во „жална Македонија, од сите страни сардисана“ е познато дека е склона кон криминал и непочитување на државата. По потреба се две, односно три, зависно од контекстот и „видот на криминалното дејство“.

Кога некој е осомничен за убиство, тој е убиец. Ако е од етничката заедница „дискретно“ посочена, а „коректно“ неименувана претходно, тогаш тој е и „крволочен убиец“, бидејќи тоа „им тече во вените“. Ако се работи за напаѓач што ги малтретира жртвите, се работи за „монструм“.

Но затоа ќе се истепаат кој попрво ќе го одбрани правото на Путин да добие (најмалку) половина, ако не и сè што може да се даде од медиумскиот простор. Руската војска, под

команда на Путин и со благослов од Црквата, урива и пали цели градови и села, ги срамнува со земја, уништува породилишта, училишта, градинки, театри, масовно убива цивили, спроведува невиден терор, тортурира и масакрира, масовно силува жени, деца, дури и бебиња… Ограбуваат сѐ што можат од испразнетите домови за да ги „израдуваат“ своите мајки и сопруги дома. Многу „домаќински“, нели?

Но македонското новинарство е „професионално“ и „балансирано“. Секогаш ќе се најде простор за „руската страна“, која, кутрата, никако да добие доволно простор во западните медиуми. А Путин, пак, тој ѝ е интересен на нашата публика, „влече кликови“, па затоа секогаш е добро да се има понекоја сторија за него.

Нашата публика „заслужува“ да го запознае Путин. Затоа, во сите различни варијанти ќе објавиме како јава на коњ, онака снажен дополу соголен. Па како вози камион со градежничка кацига на главата, слаткиот тој, колку е близок до народот. А и со животните, ѓоа Тарзан е, видете го. Близок до народот и животните, но затоа, видете го колку е строг со западните лидери, па ги прима на другиот крај од онаа долга прекрасна бела маса во неговиот дворец.

Кога ќе се налути, како и секој „добар и справедлив татко“ и неприкосновен владетел, поточно цар, тој ги пика предавниците во затвор по 20 и кусур години. Русија е голема, има 140 милиони жители. Сите сакаат да „чепнат“ од руските богатства. Кутриот Путин, принуден е да владее со цврста рака.

И со домашната политика е исто. Македонските професионални и до изнемоштеност „балансирани“ медиуми даваат сѐ од себе да го оправдаат тој опис.

Не може да не им се даде „коректна“ предност на Мицкоски и на оние што Дерала „некоректно“ ги нарекува рашисти. Навистина, некои политичари сакаат да сторат сѐ што можат и не можат, само да ја оддалечат земјата од евроинтеграцискиот курс, но македонските „балансирани“ медиуми секогаш ќе најдат понекој добар збор и што е можно повеќе „балансиран“ простор да ги претставаат и да ги образложат своите идеи. Можеби имаат добри причини за тоа. Нели и порано, во времето на Груевски, слушавме дека Западот е лош, расипан, нечесен и перверзен? А и онаа етничкана заедница што ги произведе „рамковните“ се претераа. Сѐ им дадовме! Чекај, чекај, што велат „интелектуалата“ и „експертите“? Дека Албанец нема право да преговара со Бугарија? Па има резон тоа. Дајте малку „балансиран“ медиумски простор и за

тоа! Референдум за укинување на Договорот со Бугарија? Ааа, тоа е сериозна тема. Дајте што е можно повеќе „балансиран“ медиумски простор за тоа! Ни збор да не се испушти.

Освен за политичките идеи и постапки, публиката сака да знае кога детето на Груевски, пардон, Мицкоски, тргнува на првиот училиштен ден. Не мора да значи дека „ние, медиумите“ градиме култ кон авторитарните личности, та нели сме „балансирани до коска“? Власта е власт, треба секогаш да се критикува, дури и тогаш кога ја обезбедува европската иднина на земјата. Дајте да видиме што за тоа велат опозицијата и нејзините „добри познавачи“ и „аналитичари“! Тоа е балансирано новинарство!

Мицкоски е наследник, а порано и дел од клептократска и насилничка клика што ја ограбуваше и ја тероризираше сопствената земја, сееше страв и поделби, и ја оддалечи земјата од националните стратегиски определби? Дајте, господине Дерала, бидете „коректни“, каков е тој „неизбалансиран“ речник?

# Winter is coming

*Доаѓа зима... и за Путин.*

*12 септември 2022*

Winter is coming (Доаѓа зима)… Оваа злокобна реченица е насловот на првата епизода на култната ХБО-серија „Игра на тронови“ (Game of Thrones).

Како што изминуваше летото, оваа реченица сѐ повеќе ја употребуваат и руските пропагандисти. Европската зависност од рускиот гас и други енергенси се последица од алчноста за профит и самоиндуцираното политичко слепило за тоталитарните и воинствените политики на Путин. Слепило што трае веќе две децении. Европските држави го спуштија гардот и дозволија Путин да ги навлече на ниските цени што ги понуди за руските природни ресурси и енергенси. Но заедно со ниските цени, дојде и високата политичка цена.

## Руските енергенси се дел од „арсеналот“ на Путин

Европските политичари западнаа во долг дремеж, додека руските енергенси прераснаа во важен дел од „арсеналот“ на Путин за

водење хибридна војна против Западот. Кога Путин ја нападна Грузија во 2008 година, тие малку се подразбудија, но Путин ги погали по образот, по што продолжија со својот романтичен дремеж. Втората војна во Чеченија (1999-2000), што се совпаѓа со почетокот на владеењето на Путин, речиси и не ја забележаа.

Некои западни политичари, заедно со човекот со студена насмевка, во тоа време се прашуваа и дали НАТО воопшто има смисла да постои. Путин беше редовен гостин на самитите на НАТО. Кога во февруари 2014 година Путин ја нападна Украина, Европа се разбуди, но остана мамурна цели осум години, сè до почетокот на целосната агресија против Украина, 24 февруари 2022 година. За среќа, САД беа будни во критичниот момент и сега се лидери во испораката на воена помош за Украина.

Гасот и нафтата за Путин се оружје на војната, со кое се бори против санкциите и против политичката и воената помош на Западот за Украина. Сега, изразот „доаѓа зима“, освен пропагандна, стана и реална стратегиска закана за Европа. Но дали е навистина така?

## Русите во Украина се „докажаа“: Крадци и крволочни манијаци, садисти и убијци

Се чини дека од сето оружје што го употреби во крвавата агресија против украинската нација, само војската и оружјето му се слабите точки.

Сè друго, уцените, шпионажата, сајбер нападите и пропагандата му функционираат барем малку подобро. Војската, паравојската и приватните армии на Путин, се докажаа како крадци и крволочни манијаци, садисти и убијци во „пресметката“ со цивилното население.

Рашистите докажаа и дека поседуваат крајно низок борбен морал и уште пониско ниво на воени вештини. Нивната воена стратегија е стара еден век, голем дел од оружјето е од ерата на Советскиот Сојуз.

## Офанзива за ослободување на Украина

Но затоа покажаа дека знаат панично да бегаат оставајќи ги дури и конзервите од својот оброк незавршени, кога ќе се соочат со храбрите Украинки и Украинци што започнаа офанзива за ослободување на својата земја на 29 август. За само неколку дена, на украинските сили им успеа да ослободат десетици илјади квадратни километри, неспоредливо повеќе и побрзо отколку што на Русите им беше потребно да ги окупираат. И сето тоа со само една десеттина од тоа што на украинските сили им е потребно навистина да дадат сразмерен воен одговор на руската агресија.

## Путин ја изгуби војната веќе првиот ден

Повеќепати напишав во изминатите 200 дена од руската агресија, но добро е постојано да се мисли на тоа: Путин ја изгуби војната веќе

првиот ден, со очигледната бруталност и терор врз цивилното население, бидејќи тој не прави разлика меѓу воени и цивилни цели. Неговите рашистички пропагандисти повикуваат на истребување на украинската нација и велат дека Украинците не се луѓе и дека не постои украинска држава, јазик и идентитет. Сега и неговата закана „Доаѓа зима“ нема да вроди плод.

**Долга и студена зима… и за Путин.**

Европа ја издржа пандемијата. Се приспособува кон климатските промени. Ќе ја издржи и „долгата студена зима“ со која се заканува Путин. Во Германија забрзано се градат капацитети со монументални димензии за трансформација на енергетските капацитети. Истото се случува во голем дел од големите демократии. НАТО се проширува и зајакнува. Пропагандата на Путин покажува сè послаби резултати (освен на Балканот).

Затоа, кратковида е заканата со зимата. Зимата ќе биде долга и студена и за Путин. За него зимата започна многу порано отколку онаа со која тој самиот се заканува. Впрочем, украинската офанзива е и почеток на зимата за Путин и неговиот рашистички режим.

Можеби е време за руските прогресивни сили да ги напуштат кафулињата во Берлин, Виена, Прага, Белград и каде сè не избегаа од режимот

на Путин, па да се фатат за работа. Одамна им стои домашната задача незавршена – да ја ослободат Русија од јаремот на диктаторот и воен злосторник, Путин. Храбрите Украинки и Украинци веќе им завршија голем дел од таа задача.

Но да не бидеме претерани оптимисти. Навистина, доаѓа зима, долга и студена. Преполна со изненадувања и пресврти.

# Роденденска честитка за злосторникот, повторување на историјата

*Мостот на Путин ја доживеа истата судбина како и оние на Хитлер и Сталин. Треба тоа да се запомни.*

*8 октомври 2022*



Кримскиот мост беше симбол на Путинова мегаломанија и неговата злосторничка доктрина за присвојување на Украина и

бришење на украинската нација. Тој нареди изградба на овој мост веднаш по окупацијата на Крим во 2014 година, по што го прогласи големиот украински полуостров за руска територија. За да го зацврсти руското владеење со овој дел од украинската територија, тој го поврза рускиот регион Краснодар Крим со мост долг 19 километри на кој има автопат и железничка пруга.

Мостот на Путин е логистичка артерија за снабдување на окупираните територии директно од руско тло. Истовремено, тој мост ја симболизира неговата цврста решеност да ја освои Украина, да ја збрише украинската нација и историја и да ги прогласи за руски.

Путин со изградбата на овој мост упати скапа порака, платена со парите украдени од луѓето што ги владее со железна ракавица, дека тој има намера да остане на Крим, стратегиски важен полуостров за Европа, но и за светот, бидејќи голем дел од светот се снабдува со храна. Путиновиот мост е порака и до Европа и светот дека тоа што наумил и ќе го направи, по секоја цена. Долг 19 километри, тоа е најдолгиот мост во Европа, за чија целосна изградба беа потребни речиси пет години, целосно е пуштен во употреба за автосообраќај во 2018, а за железнички сообраќај во 2019 година.

Неполни три години подоцна, еден ден по неговиот седумдесетти роденден, Путин доби „роденденска честитка“ од воените воздухопловни сили на Украина – неговиот мост пламна и дел од него се урна во морето.



*Германскиот Панцер 4 во акција, Крим, 1942 година (Википедија)*

Дури ни руските медиуми под строгата контрола на Кремљ не можеа да ја прикријат катастрофата на мостот. Јавија дека се запалиле цистерни со гориво. Но руските медиуми кажаа само дел од вистината, што е голем напредок, бидејќи за нив е вообичаено целосно да ги прикриваат фактите. А факт е дека воената авијација на храбрата Украина го погодија мостот. Тоа го најавија уште кон средината на август.

Мостот до Крим не е идеја на Путин. Согледувајќи го стратегиското значење на таа врска, и Хитлер сакаше да воспостави врска

меѓу Крим и Краснодар. Неговата инженерија тоа и го стори, а неговите архитекти веќе подготвуваа проект за изградба и на мост. На почетокот на Втората светска војна беше изградена жичарница над морската теснина. Завршена во јуни 1943 година, жичарницата имаше дневен капацитет од 1.000 тони.



*Кримскиот мост на Сталин (1944 година) траеше пократко отколку што беше потребно да се изгради.*

Истата година, во април 1943 година, Хитлеровите инженери започнаа и со изградба на мост за комбиниран патен и железнички сообраќај. Изградбата се одвиваше со забрзано темпо, но откако настана пресвртница во војната, при повлекувањето, германските трупи ги кренаа во воздух завршените делови од мостот и ја уништија жичарницата.

По Втората светска војна, во 1944 година, и Сталин сакаше да го обнови мостот што го започна Хитлер. Прво изгради привремен железнички мост, но конструкцијата страдаше од голем број грешки и веќе во 1945 година беше уништена.

Историјата се повторува. Мостот на Путин ја доживеа истата судбина како и оние на Хитлер и Сталин. Треба тоа да се запомни.

Точно е дека мостовите служат за поврзување меѓу луѓето. Но мостовите на Хитлер, Сталин и Путин симболизираат агресија и хегемонија.

Во хаосот во кој се наоѓа рускиот деспот, воениот злосторник Путин, тешко дека ќе може да ја поправи штетата што му ја направија украинските борци за слобода. Освен што е воено-стратегиски пораз, падот на мостот е и политички и морален пораз за Путин и за неговата злосторничка машинерија.

# Злокобниот инфантилизам на воениот злосторник и неговата братија

*10 октомври 2022*

Има една детска игра што ја нарекуваат „куќа“. Кога играат брканица и не можат повеќе да бегаат, ќе стапнат на некоја претходно договорена точка и извикуваат „Куќа“! И никој не смее да ги фати. Тоа би му дошло нешто како недопирливост во светот на возрасните.

Така игра и Путин. Со таа разлика што за него „куќа“ е местото што не му припаѓа нему, туку се обидува да го присвои, спротивно на сите правила и договори (на крвавата „игра“ што ја започна самиот):

Прво напаѓа и освојува по цена на целосно разорување и брутални воени злосторства и геноцид, а потоа, кога го тераат во панично бегство, извикува „Куќаааа“!

## Панично бегство

Пред осум и пол години Русија ја нападна Украина и окупира малку повеќе од седум

проценти од нејзината територија – индустрискиот исток и стратегиски важниот полуостров Крим. Веднаш се анектира Крим, со референдум под нишанот на калашниковите на војската и локалните паравојски што ги финансира Путиновиот режим.

Сега, руската војска, паравојските и професионалните убијци под руско знаме панично се повлекуваат пред јуришот на храбрите украински борци за слобода, меѓу кои има безброј доброволци, довчерашни цивили.

Украинците до пред само три-четири месеци беа речиси голораки, а и сега се повеќекратно помалку вооружени и помалобројни од втората суперсила во светот. Но наспроти пропорциите во воена и огнена моќ, Украинците ослободија повеќе територија од **својата земја** за шест недели отколку што Русија успеа да освои во за повеќе од пет месеци.

## Крвави контрасти

Украинците покажаа невидена храброст и пожртвуваност, а Русите покажаа невидена крволочност, садизам и разбојништво. Освен тоа, руската воена машинерија покажа зачудувачки слабости и низок воен морал и недисциплина.

Пропагандната машинерија покажа повеќе успех благодарение на инсталациите што ги има низ цела Европа.

Делумното онеспособување на мегамостот што го поврзува Крим со Краснодар, ден по седумдесеттиот роденден на Путин, беше уште една силна шлаканица за Русија. И повторно како во детска игра, но со крвави последици во чудовишни размери, Путин и неговата злосторничка братија, заробените институции, пропагандната машинерија и политичките структури (партнери во одржувањето на крвавиот режим) прогласуваат недопирливост.

## Земјата што не е и не сака да биде руска

Сознанието за тешкиот воен, политички и морален пораз го стасаа и (само)изолираниот Путин. Соочен со тешките загуби на фронтовите, тој на Светскиот ден на мирот, 21 септември, прогласи делумна мобилизација од која побегнаа повеќе од 200.000 военоспособни Руси за само седум дена по повикот за „одбрана на мајка Русија“. Во меѓувреме, тој набрзина нарача „калашников референдуми“ во септември и веднаш потоа да прогласи анексија на окупираните области што ѝ припаѓаат на Украина.

Следниот чекор во неговиот злокобен инфантилизам беше да каже дека сега секој обид да се ослободат окупираните области е, всушност, напад на руска територија.

Тоа и се случи. На тој начин започна следната фаза во војната на Путин против слободниот

свет. Во која тој е во крајно понижувачка дефанзива. Но затоа неговите бледи прсти се сè поблиску до црвеното копче за лансирање на нуклеарните ракети во тоа што тој го нарекува „одбрана на руската земја“. „Руска земја“ што не е руска и не сака да биде руска.

## Колку злокобни и гротескни, толку и болно инфантилни реакции на рускиот естаблишмент

Путиновата послушна Дума, само неколку часа откако Украинците му го кренаа во воздух мостот што раздвојува (како што го нарекуваат во светот) соопшти дека тоа го смета за објава на војна.

„Терористичкиот напад на Кримскиот мост повеќе не е предизвик, туку објава на војна без правила“ – стои во изјавата на руската Државна дума на 8 октомври, неколку часа по експлозијата.

Изјавите што уследија од рускиот политички естаблишмент беа, колку злокобни и гротескни, толку и болно инфантилни.

„Против нас се води нескриена терористичка војна. Покрај тоа, долгонајавуваниот терористички напад на мостот на Крим веќе не е само предизвик, тоа е објава на војна без правила“, рече пратеникот на Обединета Русија (Единой России), Олег Морозов, во изјава за „мојата омилена“ РИА.

Во меѓувреме, Русија сее терор – руските ракети погодија цивилни цели и убија недолжни цивили во Запорижја, среде ноќ. Последното броење за кое знам е дека загинале 17 цивили, 49 се ранети, меѓу кои има и шест деца. Удрија и на Кијив утрово (10 октомври).

Како лоша претстава во театар на апсурдот. Со тешки и крвави последици. Без ни малку чувство за одговорност, како за изречените бесмислици сите овие години, така и за грозоморните злосторства извршени во војната. Спроведуваат геноцид пред очите на целиот свет, а одбраната и борбата за слобода ја прогласуваат за објава на војна против нив. Невидено и несфатливо. Уште пострашно – некои ги сфаќаат сериозно, им веруваат и ги поддржуваат.

Навистина, може ли светот да биде повеќе луд од ова?

# Човештвото се бореше против фашизмот вчера, се бори и денес. Борбата продолжува!

*11 октомври 2022*

Антифашизмот не е само политичко движење. Човек не мора да биде дел од организирана структура или група за да биде антифашист. Тоа не мора да биде јавно декларирана позиција, ниту, пак, тоа може да биде професија.

Тоа е состојба на умот, начин на кој се однесуваме кон сите состојби, настани, процеси и појави во општеството.

Но тоа што сигурно не може да се каже за еден/една антифашист-ка е дека тој или таа сигурно не ги задржува своите ставови и мисли само за себе. Антифашизмот подразбира и гласно изразување на ставовите, борба против злото што го носи фашистичката идеологија и сѐ што ѝ е блиско – нацизам, станилинизам, рашизам, ултранационализам, расизам…

Затоа, антифашизмот подразбира и борба против сѐ зад што стои крајната десница. Како

и да се нарекува себеси, како и да ги „пакува“ своите идеи и политички програми, крајната десница неминовно се приближува или води кон фашизмот.

Фашистите постојано глумат „жртви“ и секогаш само „се бранат“ од „наездата“ на тие што изгледаат, мислат, говорат или живеат поинаку од тоа како тие ги замислуваат општеството и државата. Во основата на нивното дејствување се поделбите, дискриминацијата, омразата и насилството.

Човештвото се бореше против фашизмот во минатото, се бори и денес. Втората светска војна беше дел од таа борба на човештвото со најмрачните идеологии во историјата. Таа војна однесе 60 милиони животи и донесе неизмерни страдања и разурнувања. Крајот на таа војна не донесе мир, слобода и еднаквост за сите. Многу нации во светот останаа под јаремот на тоталитарните режими, кои во голем дел, ако не и целосно, се совпаѓаат со фашистичките или фашизоидните идеологии.

Денес сме соочени со нова крвава војна во Украина. Но тоа е истовремено и војна меѓу слободниот свет и рашизмот на Путин. Се водат политички битки и низ цела Европа – крајната десница е во подем.

На почетокот на Втората светска војна, повикот на борба против фашизмот луѓето го

почувствуваа како внатрешен морален и длабоко човечки стремеж за слобода. Тој повик го чувствуваат и денес.

Различни по идеолошки и политички ставови и ориентација, различни и по етничка, верска, расна и културна припадност, со различен социјален статус, сексуална ориентација… Различни, но обединети во стремежот за слобода и еднаквост меѓу луѓето.

Борбата продолжува!

# Морална и човечка обврска

*12 октомври 2022*

Осудата на ѕверското, одмаздничко и злосторничко дивеење на руската воена машинерија е обврска на секој човек што знае што е човечко достоинство, емпатија и солидарност.

Злосторничкиот поход на Русија против Украина е неморален и нечовечен чин. Оваа војна ги содржи сите зла и сиот апсурд на современиот свет, но и многу повеќе од тоа. Се работи за војна меѓу мрачното минато и иднината, самиот опстанок на светот. Ова не е регионална војна, туку светска војна во која агресор е држава со диктаторски режим. Таа држава е нуклеарна сила и членка на Советот на безбедноста на ОН. Самите темели на светскиот поредок и на човечката цивилизација се разнишани од корен.

Русија нападна независна и суверена соседна држава врз основа на тешки лаги и негирање со што се обиде да ја оправда својата намера да изврши геноцид пред очите на целиот свет. Да уништи цела една нација и да му се закани на светот со целосно уништување, ако тоа не ѝ

биде дозволено. Изврши брутален погром врз цивилното население во окупираните области, обидувајќи се да го скрие зад димната завеса на својата бесрамна пропаганда. Откако доживеа тежок и понижувачки пораз на фронтот, а воената машинерија ѝ се распаѓа пред јуришот на храбрите Украинки и Украинци, се одмаздува со безумно бомбардирање на цивилни цели низ целата земја.

Заземањето на „руската страна" во оваа војна не е вистинска поддршка на Русија. Тоа е поддршка за еден злосторнички режим на чие чело повеќе од 20 години е воен злосторник и криминалец – Путин. Тоа нема врска со Русија.

Секој човек, особено оној што ја сака Русија, има морална и човечка обврска да ја осуди агресијата на Путин. Со тоа ќе ги осуди присвојувањето територии на соседна земја, уништувањето цивилни цели, убивањето, торутурата и силувањето недолжни цивили, меѓу кои и жени и деца.

Ако Русија некогаш сака да ѝ се врати на човечката цивилизација, мора да го урне режимот и злосторничкиот ум што завладеал во тоа општество. Мора да ги земе на одговорност сите злосторници, почнувајќи од првиот до последниот. Русите и русофилите мора да покажат и да докажат дека Русија и Путиновиот режим се две различни работи.

**Тој што се обидува да го оправда ѕверството на руската агресорска машинерија е, едноставно, соучесник во злосторството. Точка.**

Политичари, јавни личности, креатори на јавното мислење, медиумски работнички и работници, граѓански активисти, луѓе во бизнисот, сите што имаат какво било влијание или моќ на одлучување на кое било ниво – имаат посебна обврска да бидат предводници во осудата на агресијата и да ја покажат својата човечност и солидарност со Украина. Секој може да помогне. За почеток, потребно е само да симне превезот на пропагандата.

Самата осумгодишна окупација на дел од Украина веќе нанесе огромна човечка и материјална штета. Разурнувачката и злосторничка агресија од 24 февруари наваму предизвика разурнувања и трагедии чии последици ќе се чувствуваат со генерации.

Чукнете си ја главата. Во Украина се води војна за слобода и мир на слободниот свет. Секое дете што гине под крволочниот оган на руската агресорска машинерија е дете на Европа, на светот. Ако светот не застане рамо до рамо со Украина денес, злосторниците ќе дојдат на прагот на сите други утре.

#StandWithUkraine

# Додека ѕверовите танцуваат низ мрачните агенди

*13 октомври 2022*

**„Што ако грешам?“** – ѕвонат мислите.

Што ако грешам кога велам (пишувам) дека апетитите на партијата Икс се ограничени само на гола борба за власт, пари и моќ без граници и демократска контрола на институциите?

Дали претерувам со претпазливоста и алармите? Можеби нивната ориентација е соодветен историски и општествено-политички одговор на предизвиците на времето…

Можеби треба да се придружиме кон мноштвото медиуми што се „балансирани до коска“. Можеби тие се во право што, под изговор дека го следат вкусот на публиката, всушност, диктираат трендови. Евтино, но диктираат. И филтрираат, во име на публиката.

Што ако грешам кога мислам (говорам и пишувам) дека со секоја нивна изјава и постапка сакаат да го сопрат европскиот курс на земјата? Дека имаат намера (повторно) да ги заробат институциите… Да ја поделат земјата

по сите основи, а со тоа да го уништат духот на Уставот, демократските институции и самото постоење на државата… Да предизвикаат тензии и насилство.

Што ако грешам кога велам дека нивната идеолошко-политичка матрица е фашистичка и дека нивниот начин на мислење е погубен за демократијата на долг рок? Што ако грешам кога во мислите ги нарекувам крволочни фашистички или рашистички ѓубриња? Дали можеби тоа не се?

Тоа се тешки прашања што нема потреба некој однадвор да ми ги постави. Си ги поставувам самиот постојано.

Се обидувам да најдам потенцијал за промени кон подобро, секаде и кај секого, се радувам кога ќе видам и најмал зрак на надеж дека постои волја за разговор. Искрен разговор. За доброто на сите граѓанки и граѓани.

Секаде каде што имам влијание или позиција да одлучувам, креирам соодветен простор за објавување мисли и идеи што доаѓаат од сите агли на политичкиот и идеолошки космос. Можеби со дел од нив никогаш, ни во лош сон, не би се согласил. Но го обезбедувам тој простор, видливо и транспарентно. Се грижам да креирам и буџет за тој и таков медиумски простор да постои и да се развива. Без оглед на тоа дали и колку се согласувам со нив.

Има уште едно прашање. Тоа е најмалку исто толку важно како и првото.

**Што ако сум во право?**

Колку е голема одговорноста на оној што знае или барем насетува дека на општеството му се ближат темни облаци, а не проговорил гласно за тоа? За сметка на пристојноста, пропуштил да ги нарече нештата со нивното вистинско име. Со еуфемизми толку ја замаглува вистината што таа станала невидлива и за него самиот. Одлучил да ги (под)затвори очите пред некоја појава или постапка што е зародиш на нешто многу полошо и поопасно отколку што тоа изгледа на прв поглед.

Како што тоа пропуштиле да го видат креаторите на јавното мислење кога Мусолини, од страстен социјалист и левичар се трансформирал во фашист. И Хитлер од маргинален говорник во зачадени пивници се искачи на самиот врв на моќта во светот и го вовлече во пеколот на најголемата војна во историјата. А борбата за еднаквост и социјална правда го создаде монструозниот црвен империјализам на Советскиот Сојуз од чии пазуви се изнедри и Путин.

А кај нас, локално, тивкиот „сметководител“ Груевски стана тиранин што се закити со режим, меѓу кои само дел од имиџот се

гнасниот кич на „Скопје 2014“ и тешкиот грабеж на јавните пари.

Колкава е одговорноста на тие што не си го поставиле второто прашање: Што ако сум во право? На тие што чекорат на врвот на прстите, за да не го разбудат насилниот ѕвер во политиката. А тој веќе на големо танцува низ својата мрачна агенда.

Што ако грешам? Што ако сум во право? Двете прашања се извонредно тешки и бараат од секој автор/авторка двојни и тројни проверки на секоја мисла.

Оние „на другата“ страна од цивилизацијата не си ги поставуваат тие прашања. Тие се убедени дека се во право и дека „нацијата мора да е чиста“ и дека „не секој заслужува да живее“.

Затоа, ние мораме да ги поставиме и за нив. Тие прашања нè прават различни од нив, стражарат на патеката што води до нив. Тие прашања нè спречуваат да станеме како нив.

# Како се шири руската пропаганда?

*По трагите на објавата на руската РИА за наводното „уништување“ на македонски тенкови во Украина*

*23 октомври 2022*

Пример за тоа како функционира руската пропаганда е веста дека „руската армија уништила баталјон од украински војници што бил опремен со македонски и словенечки тенкови“. Веста, целосно и без неопходната проверка, ја пренесоа голем број македонски медиуми.

Дури и фактите често се користат за пропаганда. Важно е нивното контекстуализирање и начин на обработка и објавување. Во случајов, се работи за пропаганда невешто скриена зад агенциска „вест“ пласирана од РИА во раните утрински часови на 22 октомври 2022.

**Како се шири „веста“ дека „Русите уништиле македонски тенкови во Украина“?**

Агенцијата РИА објави извештај со видео на социјалните мрежи на кои се гледаат оштетени

оклопни возила. Според тврдењето на РИА, сесрдно пренесено од македонските медиуми, тенковите што „Русите ги уништиле, украинската војска ги добила од Македонија и Словенија заедно со тенковите Т-72 на НАТО.“



00:35 22.10.2022 (обновлено: 09:10 22.10.2022) 554190

# Российские десантники уничтожили батальон с танками из Македонии и Словении

ВДВ России уничтожили батальон ВСУ, укомплектованный македонскими и словенскими танками



**ХЕРСОН, 22 окт • РИА Новости.** Российские десантники уничтожили батальон украинских вооруженных формирований, который был укомплектован македонскими и словенскими танками.

В распоряжении РИА Новости появились уникальные кадры досмотра сожженной техники - сразу после боя.

В результате успешной обороны на криворожском направлении одним из десантных подразделений российской армии был полностью уничтожен 1-й механизированный батальон 28-й отдельной механизированной бригады украинских военных вместе с танками Т-72, поставленных Украине по программе помощи от стран НАТО. Также на кадрах можно увидеть уничтоженные МТЛБ и БРДМ противника.

За наводното уништување на македонските и словенечките тенкови во воена акција на руските сили на источниот фронт во Украина на 22 октомври 2022, без ниту една задршка или проверка, се објавуваа текстови и фејсбук-статуси од профили што се познати како руски пропагандисти.

Мониторингот на ЦИВИЛ ги бележи насловите објавени во Вечер Прес, МТМ, Фокус, Денешен, Прес 24, Точка, Република, Центар, 24Инфо, Макфакс, Локално, Во Центар, А1он, 365, МКД, Канал 5, +инфо, Слободен печат и Сител.

Сите се, повеќе или помалку, со истата содржина, преведена од руската РИА, а најголем дел од нив го објавија и видеоприлогот на РИА од социјалните мрежи.

### Триумфализам: „Македонски и словенечки тенкови во пламен“

Оваа пропагандна содржина на РИА не е наменета за поширока меѓународна употреба, туку е насочена кон Северна Македонија. Погодно тло за оваа пропаганда секако е и српскиот медиумски простор, од каде што и се канализира голем дел од руската пропаганда во македонските медиуми.

Во дел од насловите во македонските интернет-медиуми се бележи и триумфализам. Таков е насловот „Македонски и словенечки тенкови во пламен: Русите уништиле цел

украински баталјон (ВИДЕО)“ објавен на МКД. Не е единствен таков наслов.

## Пропагандата удри и по министерката за одбрана, Петровска

Но пропагандата не завршува тука. Дел од медиумите во вечерните часови во саботата (22 октомври 2022) ја доведоа пропагандата на РИА во врска со изјавата на министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во интервју за Канал 5.

„Македонија ќе продолжи со поддршката на Украина во борбата за нејзиниот територијален суверенитет и интегритет“ – изјави Петровска.

Таа упати и јасна порака за единството на НАТО, велејќи дека „и покрај сите скептици и дезинформации, НАТО-сојузниците се грижат едни за други и си помагаат“.

„Гарантираме дека секоја педа од државите членки на НАТО е безбедна“ – изјави министерката за одбрана.

## Дел од медиумите со иронија: РУСИТЕ НИ ГИ УНИШТИЈА ТЕНКОВИТЕ, АМА СЛАВЈАНКА НЕ СЕ ПРЕДАВА

„Длабоко аналитични“, дел од медиумите иронизираа со овие изјави на македонската министерка за одбрана во полза на руската пропаганда, што може да значи или да

поттикне омаловажување на одбранбените капацитети на сопствената земја.

Така, +Инфо објави текст со наслов „СЛАВЈАНКА ГО ВОЗВРАЌА УДАРОТ ОТКАКО РУСИТЕ ГИ УНИШТИЈА МАКЕДОНСКИТЕ ТЕНКОВИ Ќе испратиме нова воена помош за Украина“.

Иронизира и Денешен со насловот „РУСИТЕ НИ ГИ УНИШТИЈА ТЕНКОВИТЕ, АМА СЛАВЈАНКА НЕ СЕ ПРЕДАВА: Ќе испратиме нова помош за Украина!“

Слободен печат излезе со насловот „Петровска најави испраќање нова помош за Украина, откако Русите ги уништија македонските тенкови“.

Република, Лидер, 24Инфо, Фокус и други, при објавувањето на изјавата на Петровска за воената помош на Украина, не испуштија во последниот параграф уште еднаш да ја објават веста од РИА.

Веројатно, на тој начин го разбираат „балансот“ во известувањето.

**Упс!** Не е потребно многу за да се провери и да се дознае дека интервјуто со Петровска е снимено пред пропагандната содржина на РИА за наводното уништување на македонските тенкови на фронтовите во Украина.

## Руските независни медиуми не ја објавија „веста“ на РИА

Се обидовме да најдеме информација за наводното „уништување“ на украинскиот баталјон и македонските и словенечките тенкови во руските независни медиуми како што се ТВ Дождь, Новая газета и The Moscow Times. Таква информација таму - немаше.

## Украински извори од фронтот: Ниту знаците на оштетената опрема не се украински

Побаравме одговор на прашањето дали ова се случило и од дипломатски извори.

„Таква информација нема. Оваа информативна психолошка операција е насочена против натамошната поддршка за Украина“ – се вели во одговорот што го добивме од дипломатски извори.

Побаравме потврда и од нашите извори на боиштата во Украина.

„Не е точно. Погледнете го видеото. Ниту знаците на оштетената опрема не се украински“ – кратко одговори еден припадник на украинските сили што го контактираше мониторинг-тимот на ЦИВИЛ во саботата навечер, 22 октомври.

Сепак, најмалку што може и треба да се каже за „веста“ на РИА е дека не е верификувана од независни извори. Кога е војна, тешко е да се

утврдат фактите, но на публиката тоа мора и да ѝ се каже и да ѝ се објасни.

## Српските медиуми ревносно ја пренесоа пропагандната содржина на РИА

Проверивме кој, освен македонските медиуми, ја пренесе веста на РИА. Одговорот го побаравме преку интернет-пребарувачите. Предничат српските медиуми, меѓу кои Б92, Србија онлајн, Ало, Минут вести, Наслови.нет, Прваплус, Бигпортал (Република Српска) и други.

## „Веста“ на РИА во светот

Проверивме и кои медиуми ја објавиле „веста“ на РИА во светот. Откривме дека веста за наводното уништување на украинскиот баталјон опремен со македонски и словенечки тенкови ја нема во ниту еден релевантен и професионален медиум во светот.

„Веста“ на РИА е пренесена во пакистанскиот Urdu Point, гејмерскиот блог Gaming Deputy, The Storiest, Oopstop, West Observer и неколку други, чии сопственици се скриени. Нивната релевантност е еднаква на нула.

Руската Лента.ру ја објави „веста“ на РИА, но „се истакна“ и со проширување на текстот со повеќе „податоци“, меѓу кои е и дезинформацијата на руската воена пропаганда дека „Русите уништиле 5.939 тенка

на украинската армија, не вклучувајќи ги македонските и словенечките тенкови“. Забележлива е „старата добра“ руска пропагандна школа – колку повеќе зборови, толку „поуверлива“ е дезинформацијата.

## РИА е дел од руската воено-пропагандна машинерија

Руската новинска агенција РИА е дел од руската воено-пропагандна машинерија. РИА секојдневно објавува дезинформации и пропагандни пораки. Во агенциските „извештаи“ се оправдува бруталната агресија против Украина со познатите наративи и дезинформации што интензивно и во континуитет се пласираат повеќе од 15 години. Притоа, РИА во своите „извештаи“ не само што не известува за воените злосторства против цивилното население во Украина туку прави сè нив да ги негира и да ги прикаже како „западна пропаганда“.

Исто така, РИА служи и како средство за кревање на моралот кај руското население, а воедно е пропагандна алатка за влијание врз јавноста во демократските држави. Така, секојдневно се пласираат и лаги за „големите воени успеси“ на руската војска на украинските фронтови или се минимизираат ефектите од загубите што ги трпат руските агресори, како

што беше случај со известувањето за Кримскиот мост.

### РИА не е единствениот извор на дезинформации и пропаганда под диктат на Путин

Се разбира, РИА не е единствениот извор на дезинформации и пропаганда под диктат на Путин. Во служба на руската пропагандна машинерија се стотици интернет-медиуми, радио и ТВ-станици, весници и профили на социјалните мрежи.

Националните ТВ-мрежи се или државни или се во сопственост на компании чии сопственици се „во кревет“ со Путин.

Владата, поточно Путин, целосно ги контролира Канал 1 (Первый канал) и Росија-1 (Россия-1), како и новинската агенција ТАСС.

Една од водечките телевизии е и НТВ, чиј сопственик е рускиот државен енергетски гигант „Газпром“. И ТВ-каналите со претплата се под државно (Путиново) влијание, бидејќи се зависни од сателитските платформи „Триколор“ и „Восток“.

Се разбира, од ова набројување не треба да се изоставаат и медиумските платформи „Спутник“ и „Раша Тудеј“, кои се забранети во ЕУ и други западни земји како пропагандни алатки за оправдување на војната против Украина.

## Гломазна и скапа пропагандна машинерија

Накратко, Путин разви една гломазна и скапа пропагандна машинерија чија улога е да шири дезинформации и пропаганда, како низ Русија, така и низ светот. Медиумите во дел од земјите во регионот и пошироко покажуваат високо ниво на професионалност, но и отпорност кон дезинформациите и пропагандата.

Македонскиот и српскиот медиумски простор одамна се плодно тло за ширење на руската пропаганда, иако како лесна цел се покажаа и дел од бугарските и црногорските медиуми.

# Очи силно затворени

*26 октомври 2022*

Лажниот баланс и „неутралноста“ водат кон апатија и заблудененост на општеството. Тоа е просторот каде што наместо да се откриваат фактите, се вгнездуваат идеите за популизам и авторитарно владеење. Како тоа? Едноставно, затоа што лажниот баланс што се промовира во јавноста предвидува еднакво (најчесто некритичко) отстапување на дел од медиумскиот подиум за ултрадесничарскиот популизам и руската пропаганда.

Медиумите се само најмногу видливиот, но и највлијателниот простор каде што (крајно некритички) се промовираат национализмот, расизмот, верската омраза и вредностите својствени за диктаторските режими. Тоа е, практично, неограничен простор, кој е без одбрана (без проверка на фактите и без критика) во кој Кремљ веќе две децении оперира низ светот. Оваа состојба е особено видлива во региони каков што е Балканот. Поствоените трауми сѐ уште не се залекувани, а етничката, верската и политичката поларизација, придружени со длабоко вкоренета (политичка) корупција, сиромаштија и неразвиена политичка култура и медиумска

писменост го деградираат општественото ткиво и ги блокираат демократските процеси.

За да стасаат до медиумите и да доминираат или да бидат во незаслужен „баланс“ со демократските вредности, ултрадесничарскиот популизам и руската пропаганда мора прво да се вгнездат во неколку стратегискки области. Нив ги произведуваат и ги негуваат политичките партии и радикални групи во општеството. Богато наградени (финансирани) од Кремљ и другите центри на моќта низ Европа и пошироко, тие се вгнездуваат во економијата, културата, образованието, забавата и – во верските заедници.

Црквата е еден од најмоќните промотори на „рускиот свет“, но зад неа не изостануваат ни организации на граѓанското општество. Користејќи го влијанието на НВО-секторот, антизападните, руските и ултрадесничарските пропагандни оперативци, користејќи ја обилната финансиска поддршка од Западот, удираат – по Западот и по демократските процеси во земјата. Така, добивате „невладини фолиранти“, кои во целост се во такт со пропагандните операции од Кремљ и/или со ултрадесничарските центри во земјата; може да е која било од балканските држави, Северна Македонија не е исклучок.

Преку стопанството, но и преку добро разработени канали во подземјето, Русија е присутна и во македонската економија. Финансиите што доаѓаат од Истокот (во случајов, не само од Русија), никогаш не доаѓаат сами. Тие секогаш имаат различни „додатоци“ во кои – со (не)видливи „спонзорства“ за домашните „патриоти“ и „верници“ од сите бои – ги зацврстуваат позициите на државите што водат војна со демократијата дома и во светот. Се разбира, не може да се направи целосно равенство меѓу антизападната и руската пропаганда, но сите „придобивки“ на таа пропаганда секако ѝ одат во прилог на Москва.

Во македонскиот случај, институциите ни оддалеку не успеваат да се соочат со проблемите што ги предизвикуваат овие тенденции. Тие се длабоко вкоренети, особено во времето на режимот на Груевски. Последиците од тоа владеење не се надминати, меѓу другото, и поради тесното и кревко мнозинство на прогресивните политички сили во парламентот. Влијанието од автократските и антизападните политички сили во соседството, неконзистентноста на политиките на ЕУ и хибридната војна што ја води Русија против демократскиот свет се дополнителни фактори за таа ранливост на македонското (и не само македонското) општество.

Со само еден краток поглед на општествениот и политичкиот пејзаж и сите канали на влијание што им се на располагање на добро познатите антидемократски и антизападни центри на моќта, не е чудно што имаме ваков „баланс“ во медиумскиот простор.

Што да се прави? Прв чекор, потребно е да се отворат очите и да се согледаат вистинските состојби. Дури и една моќна ЕУ предолго ги затвораше очите пред добро осмислената стратегиска игра на Путин и не го прифаќаше очигледниот факт дека тој води хибридна војна против демократијата во светот. Пропагандата и корупцијата се еднакво моќно оружје како и огнената моќ на армиите. Дури и сега, кога е во тек ѕверската агресија против Украина, дел од политичките елити, медиумите и граѓанското општество ги држат своите очи силно затворени.

*(„Очи силно затворени“ е наслов на Кјубриковиот филм од 1999 година.)*

# Што му се случува на мојот пријател?

*31 октомври 2022*

Имам еден пријател, кој со искрена љубов говори за тоа колку убаво се живееше во СФРЈ (дополнување за помладите: тоа е кратенка за Југославија, сега непостојна држава). За себе вели дека е прогресивен и дека е „стара комуњара“. Беше и ревносен учесник во Шарената револуција.

## Боречка пензија

Некако, тој мој пријател и сличните на него, уште во раните денови по повторното воспоставување на демократијата во 2017 година почнаа да покажуваат знаци на „разочарување“. Како да очекуваа да се тркалаат глави, да се наполнат затворите, да проработи „народниот суд“. По можност, сабјата да ја држат тие.

Имаа и други очекувања. Иако изгледа како претерување, но од сѐ што говорат во изминативе пострежимски години, произлегува дека единствено би биле задоволни ако за учеството во Шарената им се обезбеди обилна боречка пензија, медали,

почести и привилегии. Па и некаква власт и моќ. Се разбира, без учество во политиката и во демократските процеси. Нели, тие се „бореха“. Сега треба само да седнат во првата кафеана, а државата треба да дојде и да ги замоли да им даде привилегии за нивната „славна борба“. Не мора ни самите да знаат точно што треба да направи државата за нив. Тоа е обврска на државата!

## Сите се исти

Мојот разочаран пријател и неговите „славни соборци“ премногу лесно дојдоа до „заклучокот“ дека „сите се исти“. Наострени на сè – онака занесени во својата „прогресивна граѓанска бунтовност“ – бијат секојдневни крвави битки со „неправдите“. Каде? На Фејсбук. Свесно или несвесно, намерно или ненамерно – сеедно – нивните „аргументи“ станаа ехо на бандитите што се занимаваат со политика само заради пари и власт и ништо друго.

Власта е виновна за сè – од првиот ден. За цените, за невработеноста, за нефункционалноста на парламентот (кој до денешен ден го блокираат поранешните угнетувачи)… Па и за климатските промени и природните непогоди. Така е полесно. Зошто да се мачат да видат каде власта навистина греши, кога може да се каже дека секако греши

во сè. Полесно е да се запали куќата отколку да се брка мувата низ неа, нели?

*

Мојот пријател знае да каже и дека „никогаш не бил за ВМРО, ама...“ или „да за ЕУ, ама...“ После тоа „ама“ може да каже што сака, но сè се сведува на една голема тегобна бесмислица.

**Еден бесмислен разговор (илустрација)**

Еднаш ме сретна на улица и ми замавта со прстот.

„Што е?“ – го прашав.

„Те читам, да знаеш, те читам! Немој да мислиш дека не те читам!“ – рече, како да ме фатил да правам нешто скришно.

Не знаев што да кажам, се смеев.

„И да знаеш, у право си за све, ама со ништо не се слагам со тебе!“ – го подигна гласот, а луѓето наоколу се свртија.

„Како тоа? Во право сум, ама ти не се сложуваш со мене?“ – го прашав.

„Си знаеш ти добро...“ – рече и си отиде.

Тоа беше еден толку бесмислен разговор што не заслужува да биде забележан, освен како илустрација за силината на „аргументите“ на мојот пријател. Образован човек е, се занимава со интелектуална работа, своевремено бил и

просветен работник. Има и повеќе од доволно години за да му одбијам на младост.

### Поклоници на Путин

Мојот пријател и неговата дружина, од југоносталгичари и титоисти, и горди, но разочарани шарени „револуционери“, станаа поклоници на Путин.

„Не сум за Русија, ама…“ – читам коментари од пријателот и сличните на Фејсбук.

Пак тоа „ама“… Најгротескниот обид да се прикрие поддршката за Путин и неговата ѕверска агресија против Украина. Доказите за грозоморни воени злосторства и геноцид ги „правдаат“ со „па Зеленски, комедијантот, треба да седне на преговарачка маса“, „Зеленски е крив за страдањата на Украинците“. Тоа е исто како да каже дека „силувањето е злосторство, но жртвите се виновни затоа што мора некако да ги ‘предизвикале’ напаѓачите“.

Откако Путиновите орки почнаа да губат на фронтовите од крајот на август наваму, прават „компромис“ со „крив е Путин, ама и Зеленски“ или „мене не ме интересира политика“. Но моите текстови се секако „американска пропаганда“, што, ако не е полошо, тогаш е барем „исто како руската пропаганда“. Исто, па исто. Таа бескрајна пустина на релативизирањето…

*

Колку и да се обидувам, не можам да најдам објаснување, а ниту оправдание за мојот пријател. Тој е далеку од неписмен и глупав. Што му се случува на мојот пријател?

# Зошто судбината на Украина е и судбина на светот?

*3 ноември 2022*

Веќе во првите часови на првата инвазија против Украина на 20 февруари 2014 година, Русија го погази меѓународното право. Сепак, агресијата во која Путиновата Русија окупираше 44.000 квадратни километри или 7 % од украинската територија во 2014 година, не предизвика некоја особено остра и решителна реакција од меѓународната заедница. Европските држави продолжија со *business as usual* со Русија.

## Business as usual

ОН напишаа неколку декларации и усвоија неколку декларации и „пакети со мерки“. Ниту една од мерките на меѓународната дипломатија и ОН не придонесоа за ослободување на Украина од несаканиот „гостин“. Причината за тоа беше лицемерието на големите и богатите што не сакаа да се откажат од придобивките што ги носеше „валканиот танц“ со Путин. Како што, впрочем, не го сторија тоа ниту во другите петнаесетина

војни што ги предизвика или ги поведе Руската Федерација од колапсот на Советскиот Сојуз на 31 декември 1991 година до денес (во просек по една војна секоја втора година).

## Злосторство без казна, сè уште

Во периодот по првата агресија на Русија против Украина од 20 февруари 2014 до 24 февруари 2022 година, загинаа над 14.000 луѓе, а над 30.000 беа повредени. Оваа бројка ги вклучува и 298-те жртви на соборениот „боинг 777" на летот MH17, кои загинаа како последица од терористичкиот напад на 17 јули 2014 година. Авионот на „Малезија ерлајнс" беше соборен од ракетниот систем БУК, кој беше префрлен на окупираната територија на регионот Донбас што го окупираше Руската Федерација.

Се чини дека најострата осуда на Путиновиот воинствен и криминален режим, во мугрите на воената агресија со големи размери во 2022 година, ја даде токму еден познат руски генерал. Леонид Ивашов, во интервју за Радио „Ехо Москва", побара не само оставка, туку и судење на Путин како воен злосторник од Нирнбершкиот трибунал.

„Денес, се разбира, многу зависи од Путин. И му треба некој нормален – јас не гледам нормални луѓе околу него – да дојде и да му каже: 'Владимир Владимирович, последиците ќе

бидат вакви, и Вам дефинитивно ќе Ви се суди, како што им се судеше на главните воени злосторници во Нирнбершкиот трибунал’. Не само за ова. А потоа ќе има судење и за урнатиот „боинг“, загадувањето на екологијата на планетата и слично“ – изјави рускиот генерал Ивашов.

## Долга листа

Со воената агресија против Украина во 2014 година, Русија ги прекрши основните норми и принципи на меѓународното право. Долга е листата од меѓународни документи што Путин ги прегази веќе со првата агресија против една независна, суверена и мирољубива земја во своето непосредно соседство. Руската Федерација директно ги прекрши Повелбата на ОН и Завршниот акт на Хелсиншката спогодба (1975 година). Исто така, прекрши голем број билатерални и мултилатерални договори, вклучително и Меморандумот од Будимпешта за безбедносни гаранции поврзани со пристапувањето на Украина кон Договорот за неширење на оружјето (1994); Договорот за пријателство, соработка и партнерство меѓу Украина и Руската Федерација (1997); Договор меѓу Украина и Руската Федерација за украинско-руската државна граница (2003) и многу други. Руската окупација на Автономната Република Крим и градот Севастопол, како и одредени територии на регионите Донецк и

Луганск целосно спаѓаат во „Дефиниција на агресија“ од Резолуцијата на Генералното собрание на ОН 3314 (XXIX) од 14 декември 1974.

## Смртта на државата

Русија го предизвика и го погази столбот на меѓународното право: правото на територијален интегритет на државите. Како што пишува Таниша Фазал, професорка на Универзитетот на Минесота, во својата книга „Смртта на државата“, тоа е состојба кога државата веќе не може да функционира на меѓународната сцена.

„На почетокот на ерата на модерните држави, доминира една причина за смртта на државите: траумата од сурова сила“, пишува проф. Фазал во есејот „Враќање на освојувањето“, објавен во Foreign Affairs (мај/јуни, 2022), каде што дава одговор на прашањето – Зошто иднината на глобалниот поредок зависи од Украина?

Авторката на ова мошне интересно научно дело се осврнува на мапата на светот во 1816 година. Половина од тие држави во тоа време денес не постојат.

Многу често, државите што се наоѓаат меѓу моќни држави ривали, стануваат нивни плен и исчезнуваат. Така, во периодот од 1772 до 1795 година, Полска беше нападната и газена од сите страни – од Русија, Австрија и Прусија.

Полска, едноставно, исчезна од светската мапа на повеќе од сто години. Слична судбина доживеа Парагвај во Јужна Америка, кога ги нападнаа и ги распарчија Бразил и Аргентина во 1870 година. На почетокот на 20 век Јапонија беше во војна со Русија и Кина на Корејскиот Полуостров. Потоа ја анектира Кореја. Во 19 и во првата половина на 20 век, според истражувањето на д-р Фазал, во просек, по една држава „умираше“ на секои три години.

По крајот на Втората светска војна, 1945 година, светот влезе во ера во која територијалниот интегритет на државите беше заштитен со меѓународното право, а „смртта на државата“ стана многу редок феномен.

## Нова крвава ера

Бруталната агресија на Русија против Украина веќе во 2014 година, а уште повеќе со обидот за целосна инвазија во 2022 година, повторно се создаде простор за „убивање на државите“ со негирање на територијалниот интегритет на државите. Така, овој крвав конфликт во кој понижувачките порази на фронтот, Путиновата солдатеска ги компензира со воени злосторства против цивилното население и со глобална закана со енергенси и храна, може да стане секојдневие насекаде низ светот.

Ако Путин и неговите партнери барем делумно успеат во своите злосторнички намери и ако

тие се извлечат од одговорноста за ѕверската агресија и таргетирање на цивилите, светот што го познаваме ќе потоне во заборав. Наместо тоа, можеме да очекуваме секојдневни нови воени жаришта и терористички акции, нуклеарни закани, глад, несигурност и брутални насилства насекаде во светот.

Затоа, судбината на Украина е и судбина на светот.

**United Nations Charter**
https://www.un.org/en/about-us/un-charter
**Helsinki Final Act**
https://www.osce.org/helsinki-final-act
**Memorandum on security assurances in connection with Ukraine's accession to the Treaty on the Non-Proliferation of Nuclear Weapons**
https://treaties.un.org/doc/Publication/UNTS/Volume%203007/Part/volume-3007-I-52241.pdf
**Ukraine, Nuclear Weapons, and Security Assurances at a Glance**
https://www.armscontrol.org/factsheets/Ukraine-Nuclear-Weapons
**Treaty on Friendship, Cooperation and Partnership between Ukraine and the Russian Federation**
https://treaties.un.org/doc/Publication/UNTS/Volume%203007/Part/volume-3007-I-52240.pdf
**(Library of Congress) Ukraine: Demarcation of Border with Russia**
https://www.loc.gov/item/global-legal-monitor/2014-12-02/ukraine-demarcation-of-border-with-russia

# Сталин и седумте џуџиња... И вести на МРТ. Ракија и салата од зелка.

*21 ноември 2022*

Ги гледам „кутрите“ проруски пропагандисти и путинисти како се прпелкаат во истите пропагандни шеми со месеци. Руската пропагандна машинерија доживеа речиси еднакво срамни порази како и воената на самите линии на фронтот долг илјада милји во Украина. Дефинитивно им е потребна нова скрипта.

Но локалните агитпроп *матрјошки* не можат да очекуваат нова скрипта, кога ни Путин и Лавров не се откажуваат од својата „стара добра“ **сталинистичка пропагандна шема**, само во нова технолошко-комуникациска руба. Впрочем, тешко дека им преостанува нешто друго, освен секојдневно да ги повторуваат големите лаги.

Иако одржува комплексна и скапа пропагандна машинерија, пораката што доаѓа од Кремљ е, релативно, едноставна. Упорно порекнување и

валкани лаги со единствена цел – да се прикријат или барем да се искриват фактите и вистината, како за ужасните злосторства, така и за големите порази.

Локалната проруска **агитпроп солдатеска** е широко распространета низ македонските медиуми. Ќе ја најдете „и кај едните и кај другите“, па и во јавниот сервис МРТ (сопственост на сите македонски граѓанки и граѓани, претставени во парламентот). Само еден од многуте (секојдневни) примери за тоа како јавниот сервис игра во тактот на путинистичкиот *хоровóд*, се вестите во Дневник 2, на 18 ноември (19:30 часот).

Лавров е главен протагонист. На ТВ-екраните оди ликот на Лавров и кајрон во кој се цитира неговата изјава дека голем број држави не ги поддржуваат санкциите против Русија. Тој тоа го изјави во контекст на „хибридната војна“ што божем се водела против неговата земја (Матрјошки, слободно кликнете на линкот, на руското МНР е). Да не беа трагични околностите во кои се наоѓа светот, токму поради ѕверската инвазија на државата што ја претставува Лавров, ова ќе беше хумореска.

Пораката што треба да ја добијат гледачите од овој прилог е толку **очигледна манипулација** што навистина не заслужува посебно да се анализира и да се објаснува. Доволно е да се

спомене дека една недела по почетокот на руската инвазија против Украина, 141 држава ја изгласаа **Резолуцијата на Генералното собрание на ОН** на 2 март. Против беа пет држави (Русија, Белорусија, Северна Кореја, Еритреја и Сирија), воздржани беа 35.

Што се однесува до санкциите, голем е бројот на државите што воведоа санкции против Русија по агресијата врз Украина уште во 2014 година. САД, ЕУ, Велика Британија, Швајцарија, Канада, Австралија, Јапонија и многу други, меѓу кои и повеќето држави на Западен Балкан, вклучувајќи ја и Македонија, се дел од светскиот демократски „фронт", кои со санкции, но и со директна хуманитарна и воена помош го искажуваат својот став против бруталната воена агресија на Русија.

Да се вратиме на споменатите вести на МРТ. Веднаш по Лавров, МРТ „долета" во Вашингтон за да ѝ открие на својата публика дека републиканците ќе му стават „крај на бесконечното финансирање на Украина". **Уште една манипулација!**

Факт е дека републиканците освоија тенко мнозинство во Претставничкиот дом во Конгресот, додека демократите добија тенко мнозинство во Сенатот. Точно е и тоа дека републиканците најавија построга контрола на висината на средствата што се одвојуваат за

воена и финансиска помош на Украина. Исто колку што е точно дека и самата Републиканска партија е поделена по ова прашање и дека досегашните пакети за помош на Украина во вкупна вредност од 54,43 милијарди долари, ги изгласаа двете партии.

Дел од републиканските претставници во највисоките институции на власта во САД континуирано бара поголема контрола и намалување на помошта. Тоа секако е дел од демократската контрола на власта. Во меѓувреме, Белата куќа побара од Конгресот нов пакет од 37,7 милијарди долари помош за Украина. Како и досега, се очекува остра расправа и по ова прашање. Но МРТ не ги гледа овие работи, туку прогласи крај за американската помош за Украина.

Веднаш по овие вести за Лавров и републиканците, од кои гледачите би требало да извлечат заклучок дека, ете, Украина конечно ќе ја изгуби војната и сите сложно ќе здивнат под сенката на големата *Матушка Россия*, следуваше и веста од Пјонгјанг. Северна Кореја лансира интерконтинентална балистичка ракета со висок дострел. Си-ен-ен цитираше севернокорејски, јапонски и американски извори што ја потврдија веста дека ракетата има капацитет да погоди цели во САД, односно каде било во светот. Исто како и ракетите лансирани во 2017 година и на 24

март оваа година. Но важно е дека САД може да бидат погодени од севернокорејските ракети!

Значи, браво МРТ, заслужи орден од редот Сталин и седумте џуџиња, особено поради изборот, обработката и редоследот на вестите. Путин и Русија не се сами! Тука е и Северна Кореја, на чие чело е Ким Јонг Ун, најлудиот од династијата диктатори на таа земја. Американци, Европејци и слични на нив, држете се, **огнената казна ќе ве стаса кога-тогаш**!

Прекрасни вести за пензионерската вечерна трпеза. Се препорачува консумирање на овие вести заедно со домашна жолта или бела лозова ракија и ситно сечкана зелка. А потоа, пред спиење, време и за песна… „Америка и Англеска, биќе земља пролетерскааа.“ Но да не се заборават ни „Едно име имаме“ и „Нека разберат клетите…“, разбира се. Може оној Дерала да пишува колку сака дека судбината на Украина е и судбина на светот, ние си живееме во друг, паралелен свет, поубав свет, руски! (линкот **не се препорачува** за Матрјошките).

Ајде, да приврşиме со ова утринско еспресо, имајќи предвид дека случајот со петочните вести на МРТ е само пример, еден од многубројните. Што би рекол мојот колега Дехран, РТ и Спутник беа санкционирани, ама

(по сè изгледа) нема кој да им застане на патот на домашните „спутниковци“ (и овој линк не е за Матрјошките).

Зошто МРТ е важен, иако веројатно има помалку гледачи отколку што Јанко Бачев има членови на неговата минијатурна партија? Затоа што има 15 милиони евра буџет во 2022 година – пари на сите македонски граѓанки и граѓани. Повеќе од една деценија е легло на **партиска, националистичка и антизападна пропаганда**. Со Програмски совет, компониран на салфетките на Груевски, чиј мандат е истечен. И со партиски директор (ре)избран од телото (советот) без мандат. А најважно од сè: Затоа што е јавен сервис!

# Неказнивоста и Гладоморот: 90 години подоцна, крвавата мисија продолжува

*24 ноември 2022*

Длабоко човечка должност е да се крене гласот против злокобниот режим кој уби милиони луѓе – со глад!

Пред 90 години Сталин, диктаторот на државата што во тоа време се нарекуваше Советски Сојуз, издаде наредба за систематско и масовно изгладнување на една цела нација. Изгладнување до смрт. Украинската нација тогаш беше исправена пред изборот – да се покори или да биде уништена.

За само две години (1932-1933), монструозната операција Гладомор (на украински: Голодомор) бележи „значаен успех“. Теророт со глад уби повеќе од 4 милиони луѓе. Во просек, тоа се 5,5 илјади души на ден.

Сепак, на крвожедниот сталинистички режим не му беше доволен Теророт со глад. Интелектуалците, писателите, просветните

работници, православните свештеници, лидерите на заедниците беа апсени и прогонувани, депортирани во работни кампови или беа раселени низ Источна Европа, а многумина беа подложени на тортура и беа стрелани.

Режимот го даде „најдоброто“ од себе за да го скрши духот и да ја уништи идејата за слобода во срцата на луѓето – студено и систематски брутално.

Замислете како секој ден, пред вашите очи, да исчезнува по едно гратче од вашата држава. Да гледате како се гасат животите и исчезнуваат деца од градинките и училиштата, родилки од породилиштата, мажи и жени од улиците, од работните места, од домовите.

Замислете. Во една од најголемите житници во светот – за да се истреби нацијата – беше забранета токму храната. Целата нација која – и тогаш и сега беше позната по изобилството од храна – беше подложена на терор и изгладнување до смрт. Гладта беше оружје во рацете на геноцидниот режим што им ја одземаше храната од рацете на децата, од полиците во домовите на луѓето. Селата ги опколија со војска и полиција, за да нема движење, да ја спречат солидарноста. Градовите останаа без трошка храна. **Системот** убиваше – милиони луѓе – со глад.

Причина: **Затоа што се Украинци.**

Деведесет години подоцна, сегашниот диктатор на истата држава, која денес се нарекува Русија, тргна во освојувачка војна, со истата цел: Да ја покори Украина или да ја уништи.

На 24 ноември се навршуваат 9 месеци од почетокот на целосната воена агресија против Украина (да не заборавиме, војната започна во февруари 2014 година).

Соочена со херојскиот отпор на храбрите Украинци и Украинки, руската солдатеска ги компензира секојдневните понижувачки порази на бојното поле со грозоморни воени злосторства. Путин доследно ги следи стапките на својот учител Сталин и, заедно со своите послушници и соучесници во злосторствата против човештвото, спроведува нов геноцид против украинската нација.

Цивилите, меѓу кои илјадници деца, жени, невооружени мажи и возрасни луѓе се подложени на непрекинато и неселективно бомбардирање. Војската и платеничките паравојски, вооружени до заби, фрустрирани од сопствената неспособност и кукавичлук, уште од првите часови на инвазијата убиваат цивили, силуваат жени и деца, ги подложуваат на ѕверска тортура, ги ограбуваат нивните домови, ја уништуваат инфраструктурата и го

крадат украинското жито штоја храни не само Украина туку и целиот свет.

Пред 90 години, сталинизмот тргна во крвав и подмолен поход против слободата и животот на милиони луѓе во Украина. Денес *рашизмот* на Путин се обидува да ја заврши крвавата мисија на суровиот режим за која светот сакаше да верува дека е замината во мрачните поглавја на историјата.

Геноцидот што пред 90 години го спроведе сталинистичкиот режим преку Теророт со глад, помина неказнето. Токму затоа што светот ги затвора очите пред злото што живее во Кремљ, се случува нов геноцид. Сега, во овој момент. Освен бруталната огнена сила на ракетните системи и артилеријата насочени против цивилите, гладта повторно е оружје со кое се служи *рашистичкиот* режим. Зошто?

Причината остана иста и по 90 години: **Затоа што се Украинци.**

Во пресрет на 8 Март 2022, Денот на жената, неполни две недели по почетокот на целосната инвазија на Русија против Украина, во Мариупољ згасна животот на шестгодишната Тањичка. Таа умре под урнатините на домот под неуморниот оган на руската артилерија. Умре од дехидрација, покрај мртвото тело на својата мајка, која прва им подлегнала на повредите од уривањето на нивниот дом.

Малата Тања е една од безбројните цивилни жртви во геноцидната војна на Путин. Продолжение на крвавата мисија на Сталин започната со Гладоморот во 1932 година.

Геноцидната војна што ја води Русија, негирањето на украинската нација, јазик и идентитет, анексијата на делови од територијата на суверената држава Украина и систематското спроведување терор против цивилното население, целосно го урриваат меѓународниот поредок. Војните за освојување територии и претворањето на енергенсите и храната во оружје сега се реалност за светот.

Ако Путин и неговите партнери барем делумно успеат во своите злосторнички намери и ако се извлечат од одговорноста за геноцид, за Украина втор во овие 90 години – светот што го познаваме ќе потоне во заборав.

Исправени сме пред новата мрачна реалност – секојдневни конфликти, нови жестоки воени жаришта и бранови на терористички напади, нуклеарни закани, сајбер војни, глад, несигурност и брутални насилства насекаде во светот.

Затоа, **судбината на Украина е и судбина на светот**.

Светот, сепак, има шанси за поинаква иднина, но само ако ги препознае и ги осуди

злосторствата и геноцидот во минатото и сегашноста – без страв и без предрасуди.

Дозволете ми, од ова место, да упатам апел до парламентарците на мојата земја, Република Северна Македонија, да го прогласат Гладоморот за геноцид и да продолжат со благородната поддршка на украинската борба за слобода. За да не се повтори никогаш повеќе.

Сакам да им изразам најдлабока почит и благодарност на сите Украинки и Украинци што избраа слобода наместо покорување, по цена на неизмерни жртви. И пред 90 години и денес.

Все буде Україна! Слава Україні!

*Говор по повод Денот на сеќавање на Гладоморот (26 ноември) во Собрание на Република Северна Македонија, 24 ноември 2022*

# Година на силно отворени очи

*Или не?*

*2 јануари 2023*

Новогодишните празници секогаш се во знак на надеж за нови, подобри почетоци. Но овие години се поинакви. Луѓето се затруени со катастрофични предвидувања, со пропаганда и дезинформации. Истоштени се и од претходните години на кризи и војната што ја поведе Путин против Украина пред повеќе од 300 тешки и крвави денови. Светот веќе со години ги живее последиците од хибридната војна што ја води Путин против демократијата во светот.

Кризите се длабоки, глобални и тешки. Економски, енергетски, здравствени, безбедносни и воени, мигрантски, климатски и политички – сите кризи заедно и истовремено го погодија светот. Едната ја храни и продлабочува другата, и така во круг. За Кина, Северна Кореја, Индија, Пакистан, Блискиот Исток, Африка, неофашизмот и неколку други –

сѐ уште не сме почнале ни да разговараме. А би требало.

Во сите овие години голем дел од луѓето донесоа одлука да ги затворат очите пред фактите, да им се предадат на големите лаги на злосторнички центри на моќта. Многумина одлучија да бидат „неутрални“, веројатно несвесни дека токму тоа им одговара на антидемократските ешалони. Кога веќе не ги придобиле на своја страна, злосторниците се трудат да ги „неутрализираат“ луѓето. Секогаш е полесно да се контролираат мислите на „неутралните“ отколку на оние со изграден став.

Одговорот на кризите е силен и решителен. И задоцнет, се разбира. И недоволно конзистентен. Секогаш може подобро и повеќе. Секогаш има место за критика бидејќи не постои совршен и навремен одговор на криза. Но интересно е што најжестоките критики доаѓаат или од оние што се дел од проблемот или никогаш не мрднале со прст да помогнат во спречување или решавање на некоја криза или кризна состојба.

Во Новата 2023 година светот влегува со грч пред неизвесноста од сите кризи што го потресуваат. Истовремено, голем број лидери во светот влегуваат и со добри планови и

цврста решеност да им стават крај барем на дел од кризите.

Без оглед на исходот од битките со кризите и кризните жаришта, светот во 2022 означи почеток на нова ера во политичките и безбедносните релации меѓу државите и различните сојузи. Во 2023 година светот ќе посведочи на еден понижувачки крај на една воена агресија (руската), но и почеток на повеќе други воени конфликти.

Постојат големи можности 2023 година да биде и година на освестување. Безброј луѓе ќе се соочат со светлината на денот. Ако ништо друго, барем ќе бидат соочени со изборот да ги отворат очите пред вистината и фактите или засекогаш да потонат во густата смеса од која антидемократските центри на моќ прават барутно полнење за своите злосторнички кампањи.

По долго време силно затворените очи, кога ќе се отворат – болат. Кога ќе се погледне во светлината, сè што може да се види се црни дамки. Но и тоа поминува. Колку и да е страшна, надојдената река е подобро да се премине со отворени наместо со затворени очи. Колку оваа 2023-та ќе биде година на силно отворени очи или не, ќе се види многу брзо.

Ако некој мисли дека ништо од ова или дури и само дел од ова не се однесува на Северна Македонија, се лаже. Во длабока заблуда се оние што мислат дека ова парче земја може уште долго време да живее во сонот (кошмарот) на неписменоста и назадноста. Ако некој ви каже дека Северна Македонија (цела да е, чиста, никогаш северна) е на некоја друга планета или дека е сама, на долната половина од Рамната Плоча, повикајте брза помош.

# За Путин, сè се одвива според планот

*17 јануари 2023*

Кој вели дека и крволочните злосторници какви што се Путин и неговите следбеници не може да изгледаат и како кловнови? Колку и да е грозен и нечовечен режимот на Путин, толку неговите постапки и целата клика околу него се гротескни и може да предизвикаат смеа. Навистина, таквата смеа неизбежно е придружена со длабоко чувство на гадење, презир и осуда, но доаѓа од тешката глупост на крволочните светски натрапници, грабливци и убијци. Нивната деструктивност и патологија е придружена со таква бесмисленост и нелогичност, што ги прави и комични, освен што предизвикуваат згрозување што тешко може да се опише со зборови.

Само една од бескрајната низа од контрадикторности беше и веста што го обиколи светот, дека Путиновиот режим изрекува затворски казни за употреба на зборот војна, а не „специјална операција“, самиот го употреби забранетиот збор во свој говор неодамна. Светот го забележа тоа како да е нешто ново за режимот на овој ладнокрвен

злосторник и лудак, но тоа беше микроскопски мала „вербална незгода“ во споредба со сите огромни лаги што го погодуваат рускиот народ и целиот свет цели 23 години откако тој е на власт во Русија.

Од почетокот на целосната инвазија против Украина, Путин упорно тврди дека сè се одвива според планот на неговото Министерство за одбрана. Така и деновиве, Путин и другите лудаци околу него, нападот на Соледар го нарекуваат „битка за ослободување“.

И ова мало гратче се претвори во машина за мелење месо. Цели бранови на руски војници исчезнуваат за миг, фатени во вкрстен оган меѓу украинските бранители и разбојниците на злосторничката банда наречена „Вагнер“, кои ги убиваат ако сакаат да се повлечат.

Освојувањето на Соледар, стратегиски безначајно гратче во близината на Бахмут, Путин се обидува да го прикаже како голема победа. Дека „сè се одвива според планот“.

Освен што е лудак, тој е и будала. И патолошки лажго.

Соледар, според извори од самото боиште, сè уште се држи. Грдо е и крваво, но се држи. Според изворите од првата линија на уличните битки, линиите на нападот и одбраната се поместуваат напред-назад само по неколку десетици метри.

Војниците пукаат едни на други на оддалеченост од само неколку метри. Можат да се видат и да се слушнат, да ја распознаат бојата на очите на оние во кои пукаат за да им го одземат животот. Едните ја бранат својата земја, другите се дел од крволочната машинерија за освојување туѓа земја.

Може Соледар и да падне. Но по која цена и што ќе остане од ова мало, воено-стратегиски безначајно гратче? Дали тоа е победа за Русите? Невозможно е тоа да се нарече победа.

Но за Путин сѐ се одвива според планот. Злотвор, но и будала.

# „Неутралци“ или бесчувствителни соучесници?

*9 февруари 2022*

Тој што заедно со својот министер за надворешни работи, до последниот ден бесрамно го лажеше целиот свет дека нема никаква намера да ја нападне соседна Украина, сега е веќе потврден воен злосторник. И до ден денешен, тој и неговата злосторничка клика, водат политика и војна заснована врз подли лаги. Тие се на чело на држава што систематски спроведува терор врз цивилното население од првиот ден на агресијата.

Спроведуваат воени злосторства и геноцид, додека на линиите на фронтот за нив се борат платеници и робијаши. И губат на фронтот од неспоредливо послабо вооружените херојски бранителки и бранители на Украина. Му се закануваат на целиот свет со нуклеарен армагедон.

Да, тоа е Путин и неговата злосторничка екипа.

Ги гледам неговите пропагандисти, ботови и корисни идиоти што се фасцинирани од

злосторничкиот, геноциден поход против невооружените цивили на една независна и суверена земја. Ја гледам неславната ролја на медиумите, интелектуалците, уметниците и невладините фолиранти. Гледам и се гадам.

Медиумите, во спрега со „неутралните“ креатори на јавното мислење, секојдневно ги полнат главите на луѓето со манипулации, дезинформации и пропаганда. Зошто го прават тоа!?

Зошто, по ѓаволите!?

Бидејќи тоа се медиуми и фирми што се хранат од крвавите бизниси на нивните газди со путинистичката криминална империја.

Трговијата со нафта и гас, суровини и полуфабрикати (од минерали до хартија) им направи милионски профити на газдите што ги потпишуваат платните налози на уредниците и новинарите, „неутралните“ експерти од невладиниот сектор, ги корумпираат носителите на одлуки и политичарите. Нивна задача, пак, е да спинуваат и манипулираат со изјави, компарации и статистики.

Погледнете само кои фирми и богаташи стојат зад медиумите во кои како река тече проруска пропаганда. Погледнете ги нивните бизнис-релации. Ќе видите за што зборувам.

Велат дека многу поголем број луѓе во светот живеат во државите што се „неутрални“ или на страната на Путиновата крвава агресија. И со тоа се обидуваат да ги убедат луѓето дека треба и тие да бидат (барем) „неутрални“. Бесрамни лажговци и манипулатори! Ако владите на тие држави зазеле „неутрален“ или проруски став, не значи дека и населението на тие земји поддржува агресија, воени злосторства и геноцид.

Дури и населението да ги поддржува официјалните ставови (според „истражувањата на јавното мислење и перцепцијата“, за кои имам посебно лошо мислење), никој не гарантира дека јавноста во тие земји не била цел на долгогодишна пропагандна војна. За демократскиот капацитет и слободата во тие земји и да не зборуваме. Кина, на пример. Или Северна Кореја. Класични диктаторски режими.

Нечовечно е да се биде „неутрален“ кон монструозните злосторства што ги спроведува рускиот агресор против цивилното население и воените заробеници.

Тоа не може да се нарече неутралност, туку бесчувствителност!

И соучесништво во злосторството!

Нема аргументи со кои „неутралноста“ во оваа тешка човечка и светска трагедија може да се

одбрани. Проруските позиции и ставови не сакам ни да ги коментирам.

Тие се злосторство!

Ајде еден приземен пример. Гледате „неутрално“ како некој подложува на тортура или убива некој друг човек. И не осудувате, не повикувате да престане, не повикувате никого на помош.

Тоа е неутралност или соучесништво? Одговорете си искрено.

# Наспроти сето неизмерно зло, Украина живее. И ќе победи!

*20 февруари 2022*

Од првиот час на руската брутална инвазија, рашистичкиот поход против независна, суверена и демократска Украина, цивилите – жени, деца и стари – се жртви на руската злосторничка солдатеска и платенички банди составена од ноторни криминалци. И додека пишуваме и говориме овде и сега, Украина е мета на рускиот ракетен терор.

Оваа апсурдна и крвава војна ја врати ерата на империјалистички војни за освојување туѓи територии, завршена пред 80 години. Безбројни се споредбите со крвавите рововски битки од Првата светска војна. Само сето тоа е пострашно, затоа што оружјето денес има неспоредливо повисок дострел и разорна моќ. И намерно, плански и систематски се насочува кон цивилите.

Светската супер сила, Путинова Русија, трпи понижувачки порази на бојното поле од десет

пати послабо вооружената но херојска одбрана на Украина. Единствената индустрија што функционира во Русија, која Путин ја претвори во зандана на садизмот и хоророт е – пропагандата. Па и таа полека губи на медиумските фронтови. Го знам тоа, бидејќи моите колешки и колеги и јас се наоѓаме на спротивната страна од фронтот на токсичните лаги што го отвори Путин против демократскиот свет.

Путин добро ја познава вредноста на пропагандата. Тој знае дека куршумите, бомбите и ракетите имаат експлозивно полнење, но нивната каписла за активирање се медиумите и пропагандата. Затоа инвестира во лагите, бидејќи вистината за него е болна и понижувачка.

Понижувањата во битките на линиите на фронтот долги по илјада километри, во борбата гради в гради, агресорите ги „компензираат“ со уништување на цивилната инфраструктура, приватните домови, училишта, болници, културни установи… Прават сè што може да предизвика болка, страдање и смрт.

Светот е восхитен и инспириран од хероизмот на Украина.

Од првиот ден, борбата на храбрите Украинци и Украинки за слобода е и борба за слобода на целиот свет. Тоа е незаборавна жртва човечката цивилизација. Жртва, за која целиот свет е благодарен. И јас лично, секој ден се будам со мислата на Украина, а тоа што не гледам воени страдања, уништување и смрт околу себе, знам дека се должи на храброста на Украинците и Украинките, на нивниот хероизам. И на тоа што мојата земја е дел од слободниот, демократски свет, дел и од военополитички сојуз, НАТО, чија вистинска вредност ја гледаме сега, во оваа војна. Никогаш порано не сум помислил дека вакво нешто ќе помислам или напишам, но реалноста на светот ги помести границите на поимањето и дефинициите за мирот. За жал.

Светскиот поредок во изминатите триесет години, по падот на Железната завеса, не беше совршен, но секој ден се менуваше кон подобро. Путин и неговата злосторничка клика му ставија крај на тој развој.

Империјалистичките амбиции на Путин се закана за целиот свет и се во директна спротивност со основите на меѓународното право и повелбата на ОН. Затоа, слободниот свет поита да ѝ помогне на Украина. Со таа

помош, се чува слободата и демократијата на целиот свет. Тоа е и обврска на меѓународната заедница која, за волја на вистината, беше потоната во удобен дремеж цели 20 години и не успеа да ги согледа опасностите што демнат од Кремљ. Дури и сега е премногу бавна и се премислува, иако времето за решителна акција е повеќе од драгоцено и пресудно. Секоја минута изгубена во колебање чини животи.

Хероизмот на Украина се гледа на секој чекор. Но тој хероизам и пожртвуваност не се наоѓаат само на фронтовите.

Наспроти сето неизмерно зло со кое се соочува, Украина живее!

Државата функционира. Во незамисливо тешки услови, се вршат секојдневни поправки, транспорт, снабдување, комуникации – за да се обезбедат основни услови за живот. Децата и студентите учат. Се собираат даноци, се исплаќаат пензии и плати, и социјални надоместоци. Се води грижа за раселените лица, за трауматизираните, за оставените без дом, за оние што ги изгубиле семејствата. Се одвива трговијата, се организира производството. Државните институции функционираат, власта се бори против

корупцијата. Украина се грижи и за светот – да не го зафати глад поради блокадите и грабежот на житните култури што го спроведе руската солдатеска во текот на жетвата минатото лето. Значи, живее! Украина живее, иако Путин мислеше дека ја води својата војска „на прошетка“ од неколку дена.

Украина ќе победи.

Перемога України!

**ПРИЛОГ**

# 365 воени денови за Украина и светот

# 365 воени денови за Украина и светот

# 2022

**24 февруари 2022, ден 1**

- Русија почна воената агресија врз Украина.
- Со наредба на рускиот претседател Владимир Путин, со илјадници тенкови, тешка артилерија, воена авијација и бродови, руската армија изврши воена агресија против Украина во 4 часот наутро.
- Руската инвазија се одвива во неколку насоки од територијата на Русија, Белорусија и од претходно окупираните украински региони Донецк и Луганск.
- Москва ја нарекува агресијата „специјална воена операција“ за „демилитаризација“ и „денацификација“. Истиот ден, сиот демократски свет го осудува овој чин како „агресија“ врз независна и суверена држава членка на ОН.
- На повеќе позиции се бележи силен отпор од украинските војници, полиција и цивили.
- Светските новински агенции јавуваат за разурнувања, загинати украински војници и цивили, како и за веќе формирани бегалски колони од жени и деца кои се движат кон Полска.
- НАТО нема да испрати војска во Украина, но најави зголемено воено присуство во источното крило.
- Република Северна Македонија се придружи на санкциите на ЕУ врз Руската федерација.
- Во антивоени протести во Русија властите апсат повеќе од 700 лица.

**25 февруари, ден 2**

- Руски тенкови навлегоа во предградието на Кијив, украинската одбрана дава силен отпор.
- Руските трупи со гранати погодиле 33 цивилни објекти, загинати цивили меѓу кои и две деца.
- За помалку од 48 часа, над 50 илјади бегалци ја напуштиле земјата.
- Под мотото „Сопрете го Путин“ граѓански собир на плоштадот Македонија во Скопје.
- Силна осуда на руската агресија доаѓа од ЦИВИЛ – Центар за слобода, прва во земјата и меѓу првите во светот.

**26 февруари, ден 3**

- Жестоки борби на периферијата на Кијив, Мариупол, Херсон, Миколаив, Одеса и други градови.
- Руската артилерија и воена авијација гаѓаат цивилни цели; 55 часа украински отпор, убиени повеќе од 3.000 руски војници и заробени над 200.
- Спорерд УНХЦР, повеќе од 150.000 луѓе ја напуштиле Украина.
- САД одобрија првични 350 милиони долари воена помош за Украина.

**27 февруари, ден 4**

- Жестоки борби за одбрана на Кијив. Битки се водат низ целата земја. Русите бомбардираат цивилни цели.
- Целиот свет е на нозе, силна осуда на руската агресија.
- Загубите на руската армија за три дена агресија достигнаа 4.300 војници.
- Путин нареди руските нуклеарни сили да се подигнат на високо ниво на борбена готовност, НАТО и САД алармирани.
- Протести во Белорусија против војната и против употреба на белоруската војска за напади врз Украина.

- Масовна поддршка за Украина во Берлин, илјадници граѓан(к)и протестираат против Путиновата војна.
- Мониторингот на ЦИВИЛ бележи интензивна руска пропаганда и дезинформации во медиумите и на социјалните мрежи во Северна Македонија.

**28 февруари, ден 5**

- Руски воен конвој долг 27 километри се приближува кон Кијив.
- Ниту една од целите на планот на Путин не е постигната, Украина почна да ја презема воената иницијатива, веќе на 5-от ден од агресијата.
- Проценетите загуби на рускиот агрессор: 5.300 воен персонал.
- Од почетокот на руската целосна инвазија во руското гранатирање во Украина загинаа 16 деца, а уште 45 се ранети.

**1 март, ден 6**

- Нови ракетни напади врз Харкив, од почетокот на инвазијата Русија лансираше 113 балистички проектили врз украинските градови.
- УНХЦР јави дека од почетокот на руската инвазија повеќе од 660.000 луѓе ја напуштиле Украина.
- ОН јавија дека најмалку 136 цивили се убиени во Украина од кои 13 деца.

**2 март, ден 7**

- Спречен обид за атентат врз украинскиот претседател, Володимир Зеленски.
- Руски проектили уништија породилиште во Житомир.
- Повеќе од 2.000 украински цивили се убиени од почетокот на руската инвазија, јавуваат украински извори.

**3 март, ден 8**

- Руските сили го заседоа стратешки важниот град Херсон.

- Според ОН, за една недела Украина ја напуштиле еден милион бегалци.
- Почна втората рунда преговори меѓу Украина и Русија.
- Се водат борби за најголемата украинска нуклеарна електрана во Енерходар.

**4 март, ден 9**

- Жестоки артилериски напади од рускиот агресор врз Кијив и Запорижја.
- По нападите од руската армија, пожар во најголемата европска нуклеарка во Запорижја, закана и од нуклеарна катастрофа.
- Судот во Хаг почна со истраги за руски воени злосторства во Украина.

**5 март, ден 10**

- Руските трупи не го почитуваат прекинот на огнот, продолжуваат гранатирањата на Мариупол, евакуацијата е одложена.
- Според ОХЦХР од почетокот на руската инвазија убиени се 351 цивил.

**6 март, ден 11**

- Украинската војска жестоко ги брани Чернихив и Мариупол, руските сили запрени во напредувањето кон Днипропетровск.
- Руските проектили целосно уништија цивилен аеродром во близина на Кијив.
- Руската амбасада во Скопје со закани; евидентира „русофоби“.

**7 март, ден 12**

- Русија шири дезинформации за лаборатории за биолошко оружје во Украина.
- Спротивно на постигнатите договори, Русија повторно го запре отворањето на хуманитарни коридори за евакуација.

- Заврши третата рунда украинско - руски преговори со мали позитивни поместувања за хуманитарните коридори.
- Русија ја стави Северна Македонија на списокот на непријателски земји на Руската Федерација.

**8 март, ден 13**

- Според договорот со за воспоставување хуманитарен коридор, цивилите го напуштаат опколениот украински град Суми.
- Повеќе од сто работници во Чернобил се заробени веќе 12 дена.

**9 март, ден 14**

- Во рускиот воздушен напад врз Малин загинаа пет лица, меѓу кои и две деца.
- ОХЦХР досега евидентирала 1.335 цивилни жртви во Украина, се верува дека реалните бројки се многу повисоки.
- Во нападите од рускиот агресор оштетени или уништени 61 болница.
- Украина и Русија договорија прекин на огнот од 9 до 21 часот за да се евакуира цивилното население преку шест хуманитарни коридори.

**10 март, ден 15**

- Министрите за надворешни работи на Русија и Украина Лавров и Кулеба пристигнаа во Турција на директни разговори.
- Рускиот воздушен напад во кој загинале 47 цивили во украинскиот град Чернихив може да претставува воено злосторство.
- Ново злосторство на руските агресори - во воздушен напад уништено породилиште во центарот на Мариупол.
- Поради големиот број жртви во Мариупол, убиените се закопуваат во масовни гробници.

- Оштетена единствената линија за напојување на нуклеарната централа Чернобил, закана од радијација во наредните 48 часа.

**11 март, ден 16**

- Руските напади врз цивилите и градовите во Украина продолжуваат со несмалена жестина, агресорите пукаа врз психијатриската установа во регионот Харкив.
- Според УНХЦР, досега два и пол милиони луѓе ја напуштиле Украина.
- УНИЦЕФ: Бројот на деца бегалци од Украина надмина еден милион.

**12 март, ден 17**

- Продолжуваат руските напади врз неколку градови во Украина, се водат борби надвор од Кијив.
- Претседателот Бајден одобри нови 200 милиони долари безбедносна помош за Украина.
- Најмалку седуммина загинати откако руските војници пукале врз евакуациски конвој кој се движел по договорениот хуманитарен коридор и специјалната „зелена“ рута во близина на Кијив.

**13 март, ден 18**

- Гранатиран возот за евакуација во источна Украина, загина едно лице, а едно е повредено.
- Руската полиција уапси голем број антивоени демонстранти во Санкт Петербург и Москва.

**14 март, ден 19**

- Руските сили во Украина досега имаат претрпено сериозни загуби: 1.200 војници, 77 авиони, 90 хеликоптери, 8 беспилотни летала, 3 воени брода, 389 тенка, 1.249 оклопни возила, 150 артилериски системи и друга воена техника.
- Започна четвртата рунда преговори меѓу украинската и руската делегација, за првпат преку видео врска.

- Руската војска досега во Украина убила 90 деца, оштетила 379 образовни институции, 59 од нив се целосно уништени.
- Агенциите јавуваат за загинати и повредени цивили при руското гранатирање на станбен блок во Кијив и во ракетен напад врз Краматорск.

**15 март, ден 20**

- Руските агресори досега убиле 97 украински деца и раниле повеќе од сто.
- Околу 2.000 приватни автомобили веќе го напуштија опколениот Мариупол, уште 2.000 се на излез од градот.
- На руската новинарка Овсјаникова која упадна во програмата на Првиот канал на руската телевизија со антивоен транспарент ѝ се заканува затвор до 15 години.
- Загина дете од руска граната врз приватна куќа во регионот Харкив.
- Новинарка и камерман на Фокс њуз убиени од руски војници во близина на Кијив.

**16 март, ден 21**

- Сенатот на САД усвои резолуција со која рускиот претседател Путин се осудува како воен злосторник.
- Најмалку 10 загинати откако руски војници пукаа врз луѓето кои чекаа во редица за леб во Чернихив.
- Ужасно воено злосторство во Мариупол, во руски напад уништен театар каде се криеја стотици цивили.
- Во Украина досега загинале 103 деца, руските агресори уништиле или оштетиле 117 украински болници.
- Тројца убиени и најмалку 35 ранети новинари од руските окупатори во Украина.

**17 март, ден 22**

- 53-ца цивили загинаа во руското гранатирање во Чернихив во последните 24 часа.

- ОН соопшти дека досега повеќе од 3 милиони украински бегалци ја напуштиле својата татковина.
- Турција не ја признава руската анексија на Крим и целосно го поддржува територијалниот интегритет на Украина.
- Авионот на Лавров го прекина летот кон Пекинг и на половина пат се врати во Москва.

**18 март, ден 23**

- Руски проектили погодија фабрика во Лвив, западна Украина, област која важи за релативно безбедно засолниште.
- Речиси четвртина од населението на Украина, соопштија од ООН, е раселено поради војната, 3,2 милиони ја напуштиле земјата, а 6,5 милиони луѓе се внатрешно раселени.

**19 март, ден 24**

- Се водат борби во центарот на Мариупол, неколку илјади жители од градот и околината се насилно депортирани во Русија.
- Од почетокот на агресијата во Украина, руските војници убиле 112 деца.

**20 март, ден 25**

- Украинските сили извршија контранапади во близина на Кијив, деокупирани градовите Макарив и Мошун.
- НАТО проценува дека околу 40.000 руски војници биле убиени, повредени, заробени или исчезнати во текот на првиот месец од војната.
- СЗО предупредува на ризик од катастрофални нуклеарни и хемиски несреќи во Украина.
- Околу 100.000 луѓе остануваат во опколениот украински пристанишен град Мариупол под нехумани услови.

**21 март, ден 26**

- Над 2.000 украински деца од регионите Донецк и Луганск илегално се депортирани во Русија.
- Руските агресори срамнија со земја трговски центар во Кијив.
- 115 деца загинаа, а 148 се повредени од почетокот на руската инвазија во Украина.
- ООН објавија дека од почетокот на руската инвазија на Украина загинале
- 902 цивила и дека 1.459 се повредени.
- Денес „рускиот мир“ тропна на вратата на децата – руските војници отворија оган врз детската болница во Северодонецк
- Во Кремина, Луганск, руските трупи од тенк пукале во дом за стари лица, 56 се мртви.

**22 март, ден 27**

- Руски агресори пукаа во редицата пред продавница за храна во Северодонецк, има убиени и ранети.
- Според податоциоте на УНХЦР, од почетокот на војната земјата ја напуштиле 3.528.346 Украинци, а само границата со Полска ја минале повеќе од 2 милиони.

**23 март, ден 28**

- Русите ја уништија лабораторијата во Чернобил која преработуваше голем дел од радиоактивниот отпад.
- Руските окупатори убиле 121 дете и раниле повеќе од 167 во Украина од почетокот на целосната воена агресија.

**24 март, ден 29**

- Руските трупи не успеаја да напредуваат кон главниот град Кијив.
- УНИЦЕФ соопшто дека околу 2,5 милиони деца мораа да ги напуштат своите домови, а повеќе од 1,8 милиони ја се евакуирани во други земји.
- Според Агенцијата на ОН за бегалци УНХЦР, Украина ја напуштиле речиси 3,7 милиони луѓе.

**25 март, ден 30**

- Русија ја прекина својата копнена офанзива пред Кијив, руските сили не покажуваат знаци дека се обидуваат да напредуваат кон главниот град.
- Украинските сили соопштија дека го вратиле поголемиот дел од предградието Ирпин.
- Од почетокот на воената агресија врз Украина, во руските напади загинаа 135 деца.

**26 март, ден 31**

- Украинските власти соопштија дека автобуските конвои кои се обидувале да евакуираат цивили од Мариупол биле запрени и задржани од руските сили.
- Украински воени извори известуваат за големите загуби на агресорот, нискиот морал и зависноста од дрога и алкохол.
- Руските сили досега оштетија најмалку 59 верски објекти и образовни институции во Украина.
- Од почетокот на руската агресија врз Украина во руските напади убиени се 136 деца.
- За време на патувањето во Полска, Бајден го нарече Путин „воен злосторник“.

**27 март, ден 32**

- Украина го повика Западот да испрати тенкови и авиони за поддршка на борбата против Русија.
- Руските трупи во Украина уништиле околу 4.500 станбени згради, 100 компании, 400 образовни институции и 150 медицински установи.
- Евиденцијата на УНИЦЕФ регистрира дека секое второ дете во Украина го напуштило својот дом.
- Од почетокот на руската агресија во Украина се убиен дванаесет новинари.

**28 март, ден 33**

- По неколку неделната опсада и жестоки борби, Мариупол падна во рацете на рускиот окупатор.

- Руските сили од почетокот на војната загубија околу 17.000 персонал, 586 тенкови, 123 авиони, и се соочуваат со постојани логистички недостатоци.
- Десетици илјади цивили се заробени во Чернихов, а хуманитарните коридори се затворени поради можни руски провокации.
- Вкупно 143 деца се убиени, а 216 се повредени откако Русија ја започна инвазијата на Украина.
- Украинското обвинителство регистрира 3.085 воени злосторства извршени од страна на руската војска.

**29 март, ден 34**

- Украинските сили напредуваат во регионот на Кијив и повторно ја заземаат територијата околу главниот град, потиснувајќи ја  руската армија.
- Започнаа преговорите Русија – Украина во Истанбул, Ердоган повика на итен прекин на огнот.

**30 март, ден 35**

- И покрај ветувањето на Русија дека ќе ги намали нападите, Кијив и Чернихив сè уште се гранатираат.
- Според ОН, од почетокот на руската инвазија врз Украина убиени се 1.189 цивили меѓу кои 98 деца.
- ОН регистрира дека 3,9 милиони Украинци заминале од земјата, а 6,5 милиони се внатрешно раселени.
- Во регионот на Црното Море руската морнарица блокира повеќе од 90 цивилни бродови кои превезуваат храна за светскиот пазар.

**31 март, ден 36**

- Хуманитарен конвој од 45 автобуси со храна и други потреби за населението тргна кон опколениот Мариупол.
- Руските војници, кои на 24 февруари ја заседоа нуклеарната централа во Чернобил, денеска почнаа да го напуштаат комплексот.

**1 април, ден 37**

- Од почетокот на руската инвазија врз Украина, ОН регистрира 1.232 цивилни жртви, од кои 250 мажи, 176 жени, 18 девојчиња и 36 момчиња, 58 деца и 694 возрасни лица чиј пол сè уште не е познат.
- Тимот на Меѓународниот Црвениот крст за евакуација на цивилите од Мариупол, спречен од руската војска да ја продолжи операцијата, се врати во Запорижја.
- Велика Британија на украинските одбранбени сили ќе им испорача системи за воздушна и крајбрежна одбрана и ќе спроведе обука и логистичка поддршка.

**2 април, ден 38**

- Украинскиот фоторепортер Макс Левин кој исчезна на 13 март, е пронајден мртов во близина на селото Хута Межихирска во Кијивската област.
- Од почетокот на руската инвазија во Полска пристигнале околу 2,5 милиони Украинци.
- Повеќе од 178 луѓе низ 15 града во Русија се уапсени откако протестираа поради руската инвазија врз Украина.

**3 април, ден 39**

- 57 тела на убиени цивили се пронајдени во масовната гробница во украинскиот град Буча.
- Ирпин, Буча, Хостомел и целиот кијивски регион се ослободени од руските агресори.

**4 април, ден 40**

- Синдикатот на новинарите на Украина упати апел до странските новинари да ги прикажуваат варварските злосторства на руските вооружени сили.
- 410 тела се пронајдени во градовите во близина на Кијив, ќе бидат предмет и на истрагата за можни воени злосторства извршени од страна на Русија.
- Германското МНР протера 40 руски дипломати, вработени во руската амбасада во Берлин.

**5 април, ден 41**

- Украинската разузнавачка служба објави список со имиња на околу 2.000 руски војници за кои се смета дека извршиле злосторства врз цивили во Буча.
- Данска протера 15, Словенија 33 руски разузнавачи регистрирани како дипломати, а Летонија и Естонија затворија по два руски конзулати.
- Израел ја обвини Русија за воени злосторства во Украина.
- ЕУ прогласи 19 вработени во Постојаната мисија на Русија во Унијата за персона нон грата.

**6 април, ден 42**

- Твитер ги ограничи содржините на повеќе од 300 официјални профили на руската влада меѓу кои и на Владимир Путин.
- Германското правосудство ја затвори најголемата руска платформа за продажба на даркнет услуги „Hydra Market“ и заплени биткоини во вредност од 23 милиони евра.
- Од почетокот на руската агресија, ОН регистрира 1.480 загинати и 2.195 повредени цивили.
- Потполковникот Азат Омурбеков, командант на 64-та руска моторизирана бригада, е идентификуван како првоосомничен за масакрот во Буча.
- Преку соопштение, ЦИВИЛ изрази згрозеност и упати најостра осуда за руските воени злосторства извршени во Украина. ЦИВИЛ ги осуди и сите што ја поддржуваат руската брутална агресија.

**7 април, ден 43**

- Илјадници украински бегалци се наоѓаат во мексиканскиот пограничен град Тихуана, чекајќи да бидат прифатени во САД.
- Емитувано монтирано видео „Сделано в России“ за ширење дезинформации со кое се обидува да се покаже дека масакрот во Буча е наместен.
- 93 земји гласаа за суспендирање на Русија од Советот за човекови права на ОН, поради злосторствата во Буча и други места во Украина.

**8 април, ден 44**

- Триесетина загинати и стотина се повредени е епилогот од денешниот руски ракетен напад врз железничка станица во Краматорск каде што илјадници Украинци чекале евакуација.
- Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен го посети украинскиот град Буча.

**9 април, ден 45**

- Најмалку 132 тела на цивили се пронајдени во украинскиот град Макарив.
- Русија ги затвори сите канцеларии на 15-тина меѓународни организации меѓу кои и Хјуман Рајтс Воч, Амнести Интернешнал и Фондацијата Карнеги.
- Компанијата Гугл го блокираше рускиот канал Дума ТВ на Јутуб.

**10 април, ден 46**

- Украинската јавна обвинителка Ирина Венедиктова изјави дека се пронајдени 1.222 тела во регионот околу главниот град Кијив.

**11 април, ден 47**

- ОН соопшти дека од почетокот на руската инвазија врз Украина се убиени 1.793 цивили, а 2.439 се повредени. Меѓу убиените, 458 се мажи, 294 жени, 27 девојчиња и 46 момчиња, 69 деца и 899 возрасни чиј пол сè уште не е познат.
- ЦИВИЛ дојде до информации за 12 киднапирани украински градоначалници на кои им се губи секаква трага.
- Хрватска протера 24 вработени во руската амбасада.

**12 април, ден 48**

- Италијанската група „Манескин“,  објави песна „Ќе танцуваме на бензин“, за поддршка на Украина.
- Зеленски пред Парламентот на Литванија соопшти дека се евидентирани стотици случаи на силување, меѓу кои и малолетни девојчиња, многу мали деца, дури и бебе!

- Градоначалникот на Буча соопшти дека се пронајдени телата на 403 цивили.
- Од украинско Обвинителство соопштија дека во подрум во предградие на Кијив се пронајдени тела на шестмина застрелани цивили.
- Мониторингот на ЦИВИЛ детектира македонски сајт кој шири дезинформации и пропаганда: Freeglobe.mk.

**13 април, ден 49**

- ОН регистрира 4.450 цивилни жртви во Украина. 1.892 загинати и 2.558 повредени.
- Украинското Министерство за одбрана објави дека Русите користат 13 мобилни крематориуми за палење на убиените цивили во градот Мариупол.

**14 април, ден 50**

- ОН регистрира 4.521 цивилна жртва од почетокот на руската инвазија, 1.932 убиени и 2.589 повредени.
- Украинските власти соопштија дека телата на повеќе од 1.500 руски војници се пронајдени во украинскиот град Днипро, во југоисточна Украина.
- Зеленски изрази благодарност до САД за новиот пакет воена помош од 800 милиони долари.

**15 април, ден 51**

- Руската гордост, воениот брод „Москва“, кој беше погоден на 13 април, потона, призна руското Министерство за одбрана.
- УНХЦР соопшти дека пет милиони луѓе ја напуштиле Украина од почетокот на руската инвазија.
- МНР на Украина соопшти дека од почетокот на војната биле убиени околу 20.000 руски војници.
- Северна Македонија прогласи дополнителни шест руски дипломати за персона нон грата.

**16 април, ден 52**

- Службата за безбедност на Украина неутрализираше моќна криминална група во Одеса која соработувала со окупаторските сили.

- Портпаролката на руското МНР, Марија Захарова, се закани дека протерувањето на руските дипломати од Северна Македонија ќе има негативни последици
- Италија и Романија ги затвораат пристаништата за руските бродови

**17 април, ден 53**

- Полскиот премиер Матеуш Моравјецки ги повика Полјаците да воведат свои лични санкции кон Русија, преку бојкот на стоки од руски или странски компании кои работат во или со Русија.
- Неколку ракети го погодија центарот на градот Харкив во источна Украина, при што загинаа најмалку две, а беа повредени четири лица.
- Украина соопшти дека од почетокот на инвазијата се убиени 20.300 руски војници, уништени се 2.002 руски оклопни возила, 146 хеликоптери и 773 тенкови.

**18 април, ден 54**

- Руската армија истрела пет проектили кон Лвив. Најмалку шест лица загинаа, а уште осум, меѓу кои и едно дете, се повредени.
- За време на ракетните напади врз Лавив, погодена е установа каде што престојуваат сирачиња евакуирани од различни региони на земјата.
- Со титула за „херојство“, Путин ја одликува 64-та руска моторизирана пешадиска бригада, која е обвинета за злосторствата во Буча.
- Google Maps го отвори пристапот до руските воени и стратешки објекти, што претходно беа затемнети.

**19 април, ден 55**

- Украинскиот претседател Володимир Зеленски изјави дека Русија започнала офанзива за освојување на источниот регион Донбас.
- Пропагандистите од Кремљ шират дезинформации дека „американските специјалисти обезбедуваат борбени лекови на украинската војска за да бидат поотпорни во битката и да не чувствуваат болка“.

- Руските сили започнаа операција за освојување на челичарницата Азовстал во Мариупол каде што се наоѓаат украинските војници и цивили.
- Рускиот министер за надворешни работи Сергеј Лавров изјави дека Русија не размислува за употреба на нуклеарно оружје во Украина.

**20 април, ден 56**

- Во размена за руски затвореници ослободени се 76 Украинци.
- Војниците на чеченскиот лидер Кадиров застрелале неколку руски војници кои одбиле да се борат поради неисплатени пари.
- УНХЦР извести дека од почетокот на руската инвазија Украина ја напуштиле повеќе од 5 милиони луѓе, а над 7 милион се внатрешно раселени.
- Зеленски повика на приклучување кон кампањата #ArmUkraineNow: Заедно можеме да победиме!

**21 април, ден 57**

- Германија најави дека до крајот на годината ќе ги запре испораките на нафта од Русија, а потоа целосно ќе се откаже од увозот на руска енергија.
- Украинските власти ја идентификуваа локацијата на масовни гробници надвор од опколениот град Мариупол.

**22 април, ден 58**

- Москва ја објави својата (нова) цел во Украина: контрола на Донбас и јужна Украина вклучувајќи го и копнениот коридор кон Крим и Придністровје.
- Руската тенисерка Марија Шарапова ги повика своите поддржувачи да им помогнат на Украинците кои страдаат од руската воена агресија.
- Откриена уште една масовна гробница со околу 1.000 загинати жители на Мариупол.

**23 април, ден 59**

- Генералниот секретар на ОН, Гутереш, соопшти дека ќе се сретне со Путин на 26 април во Москва.

**24 април, ден 60**

- Според податоците на Украинското државно обвинителство, од 24-ти февруари досега руските сили убиле 213 деца.

**25 април, ден 61**

- На средбата со Зеленски во Кијив, американскиот државен секретар, Блинкен, и секретарот за одбрана, Остин, најавија дополнителни 713 милиони долари воена помош за Украина.

**26 април, ден 62**

- Руската пропаганда шири дезинформации дека ја заплениле архивата на ОБСЕ во Мариупол.
- По ослободувањето на Буча, украинските органи на прогонот започнаа истрага за преку 6.300 воени злосторства извршени од руските воени формации.
- Во Кијив е отстранет споменикот на пријателството меѓу Русите и Украинците.

**27 април, ден 63**

- САД одобри финансиска помош за справување со руското влијание во Северна Македонија, БиХ и Црна Гора.
- Претседателот на Собранието на Северна Македонија, Талат Џафери ги посети Ирпин и Гостомел во Украина.

**28 април, ден 64**

- ОН соопшти дека од почетокот на руската агресија земјата ја напуштиле 5.372.854 Украинци.
- Неколку експлозии во Кијив по средбата меѓу Зеленски и генералниот секретар на ОН, Гутереш.

**29 април, ден 65**

- Вира Хирих, новинарка на Радио Слободна Европа/Радио Слобода, загина од рускиот ракетен напад врз Кијив.
- Норвешка ја затвори границата со Русија со исклучок за рибарски и бродови за спасување.

**30 април, ден 66**

- Руските сили извршија ракетен напад врз аеродромот во Одеса.
- Украина ја обвини Русија за кражба на жито.

**1 мај, ден 67**

- Започна евакуацијата на жени и деца од фабриката за челик Азовстал во Мариупол.
- Службата за безбедност на Украина неутрализираше непријателска диверзантско-разузнавачка група која планирала да собори патнички авион над Русија или Белорусија, со цел да ја обвини украинската страна.
- Папата Франциск упати повик за воспоставување хуманитарни коридори за евакуација на цивилите од Мариупол, кој е „варварски бомбардиран и уништен“.

**2 мај, ден 68**

- Украинските власти соопштија дека ракетен напад го погодил пристанишниот град Одеса во југозападна Украина, при што загинало едно дете.
- Украинската војска јави дека нејзиниот напад со беспилотно летало потопил уште два руски воени брода во Црното Море.

**3 мај, ден 69**

- По паузата за евакуација руските агресори продолжија со нападите на територијата на фабриката за челик Азовстал во Мариупол.
- Во руските ракетни напади врз Лавов уништени се трафостаници и градот е без струја и вода.
- Десетици мртви и ранети при руското гранатирање на фабриката за кокс во Авдијивка, Донецк.

- Од почетокот на војната во Украина на должност се убиени седуммина новинари и медиумски работници.

**4 мај, ден 70**

- Продолжуваат борбите во фабриката Азовстал, последното упориште на украинските сили во стратешкиот крајбрежен град Мариупол.
- Руските окупатори украле 400.000 тони жито од окупираната украинска територија.

**5 мај, ден 71**

- Најмалку 25 цивили се повредени во руски ракетен напад врз Краматорск, регион Донецк.
- Украинските власти соопштија дека во борбите до сега се убиени 12 руски генерали.
- Украинската обвинителка Ирина Венедиктова изјави дека се идентификувани десет лица за кои се верува дека ги извршиле злосторствата во Буча.

**6 мај, ден 72**

- По крстосувачот „Москва“, погодена и руската фрегата „Адмирал Макаров“ во Црното Море.
- Во деветте размени на затвореници со Русија, ослободени се вкупно 324 Украинци.
- ОН соопшти дека околу 700.000 тони жито „исчезнале“ во Украина и дека постојат индиции дека е украдено од руската војска.
- Руското МНР пласира нова лажна вест дека таканаречените „Војници на среќата“ од Израел се борат рамо до рамо со нацистичката формација „Азов“ во Украина.

**7 мај, ден 73**

- Украинската влада соопшти дека сите жени, деца и постари луѓе се евакуирани од фабриката за челик Азовстал во Мариупол.
- Руските сили почнаа да креваат во воздух мостови за да ја забават украинската контраофанзива на североисток.

- Украинските сили со дрон „Бајрактар“ потопија уште еден руски брод кај Змискиот остров во Црно Море.

**8 мај, ден 74**

- Русија гранатираше училиште во областа Луганск каде што биле засолнети 90 луѓе, се стравува дека повеќето загинале.
- Од почетокот на војната руската армија уништи или оштети речиси 200 локации од украинското културно наследство.

**9 мај, ден 75**

- Својот говор за Денот на победата, рускиот претседател Владимир Путин го посвети на Украина, но не прогласи ниту една победа, ниту пак спомна некакви големи воени или политички промени.
- Светските лидери за Денот на Европа ветија дополнителна поддршка за Украина.
- Генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш, изрази револт поради бомбардирањето на училиште во источна Украина во кое настрадале 60 луѓе.
- Хакирани ТВ програмите ширум Русија, на ТВ екраните осамнаа натписи како „Крвта на илјадници Украинци и стотици нивни убиени деца е на вашите раце“ и „ТВ и властите лажат“.

**10 мај, ден 76**

- Во текот на ноќта, руски проектили погодија предградија на Одеса.
- Литванија стана првата земја што ја прогласи Русија за држава спонзор на тероризмот.

**11 мај, ден 77**

- Идентификуван руски војник - сторител на воени злосторства, обвинет за убиство на цивил на 28 февруари во село 180 милји источно од Кијив.
- Разрешувања во руската Федерална служба за безбедност поради неуспесите во првата фаза од офанзивата во Украина.

- Претставничкиот дом на САД го усвои нацрт-законот за распределба на 40 милијарди долари за поддршка на Украина.

**12 мај, ден 78**

- Руските војници ги блокираат излезите од подземните премини во фабриката Азовстал во Мариупол, украинските бранители започнаа со контранапади.
- Русија употреби забранети касетни бомби и фосфорна муниција во јужниот украински регион Криви Рих.
- Речиси 1,2 милиони Украинци се депортирани во Руската Федерација, бројката вклучува и 200 илјади деца.
- Обединетите нации документираат докази за извршени воени злосторства во Украина.

**13 мај, ден 79**

- Започнува првото судење за воени злосторства на 21-годишен руски војник обвинет за убиство на 62-годишен Украинец.
- Во Украина во месец април се убиени близу сто деца, а се стравува дека реалните бројки се значително повисоки, соопштува УНИЦЕФ.

**14 мај, ден 80**

- Досега се деокупирани 1.015 населени места, шест само во изминатите 24 часа.
- Руските трупи продолжуваат да ја напаѓаат челичаната Азовстал, бранителите со натчовечки напори ги одбиваат нападите.
- Украина ја добива битката кај Харкив, руските трупи ги повлекуваат силите од областа, украинските сили во контраофанзива кај Изиум.

**15 мај, ден 81**

- Победата на Евровизија им даде поттик на украинските сили во борбите со рускиот агресор.

- Украинските бранители во регионот Харкив ја потиснаа руската војска и стигнаа до границата со Русија.
- Киднапираната новинарка Данилович е мачена во седиштето на руската Федерална служба за безбедност на Крим.

**16 мај, ден 82**

- И покрај окупацијата, жителите на Херсон продолжуваат со герилски акции, во текот на ноќта го излепија градот со антируски постери.

**17 мај, ден 83**

- Меѓународниот кривичен суд испрати на терен досега најголемо распоредување на истражители за воени злосторства во Украина.
- ОН  се обидуваат да најдат решение за украинскиот извоз и да се избегне недостиг од храна во светот.

**18 мај, ден 84**

- Руските агресори гранатираа колона цивилни автомобили во регионот Херсон, со повеќецевни ракетни системи за лансирање „Град“.
- Руските окупатори уништија синагога во опколениот пристанишен град Мариупол.
- Првиот руски војник на кој му се суди за воени злосторства во Украина, целосно ја призна вината.

**19 мај, ден 85**

- Украинската армија за две недели ослободи 23 населени места во регионот Харкив.
- Најмалку 12 лица загинаа, а 40 се ранети во руското гранатирање на градот Северодонецк, источна Украина.
- Уште двајца руски војници обвинети за гранатирање на цивилните области признаа вина за „прекршување на правилата на војната“.

**20 мај, ден 86**

- Кремљ го користи предавањето на бранителите од челичарницата Азовстал за пропаганда, прикажувајќи ги Украинците како терористи и нацисти.
- Причина за кризата со храна е руската инвазија на Украина, не санкциите на ЕУ кон Русија, констатира ОН.

**21 мај, ден 87**

- Расте загриженоста за безбедноста на украинските борци заробени во Мариупол.
- Претседателот Бајден потпиша предлог закон за доделување дополнителни 40 милијарди долари помош за Украина.

**22 мај, ден 88**

- Руските сили го уништија мостот Павлоград меѓу Северодонецк и Лисичанск во областа Луганск.
- Повеќе од 11 образовни институции се оштетени во руски ракетен напад во регионот Харкив.

**23 мај, ден 89**

- Според воени експерти, Русија за три месеци во Украина претрпе загуби колку СССР во Авганистан за десет години.
- Руските трупи отворија оган врз автобус за евакуација на цивили во регионот Луганск.
- Патролите на Кадиров приведуваат и малтретираат луѓе на патиштата кон Запорижја и Бердјанск.

**24 мај, ден 90**

- Од почетокот на војната скоро 6,6 милиони луѓе ја напуштија Украина, а повеќе од 2 милиони Украинци се вратија во својата земја.
- Од 24 април досега во Украина загинале 234 деца, а над 433 се повредени.

**25 мај, ден 91**

- ОН евидентираа 3.942 цивили убиени во Украина од почетокот на војната.
- Русија се обидува да преземе целосна контрола врз регионот Донбас кој стана главен фокус на нејзината агресија.

**26 мај, ден 92**

- Остри критики за предлогот на Хенри Кисинџер Украина да ѝ отстапи територија на Русија за да се стави крај на војната.
- Руските окупатори поставија 12 големи ТВ екрани на улиците во окуприаниот град Мариупол за да емитуваат руска пропаганда.

**27 мај, ден 93**

- На Русија ѝ се заканува враќање на недостигот на основни артикли од советската ера.
- Мора да има одговорност за воените злосторства, изјави македонскиот министер Османи за време на посетата на Украина.

**28 мај, ден 94**

- Жестоки борби во јужниот и југоисточниот дел на Украина.
- Русите продолжуваат да гаѓаат цивили, воени движења во Русија и Белорусија во близина на границата со Украина и Полска.

**29 мај, ден 95**

- Интензивно руско гранатирање на клучниот град Северодонецк во регионот Луганск.
- Украинските сили почнаа контранапад јужно од Криви Рих.
- Бројот на цивилни жртви како резултат на руската војна против Украина е десет пати поголем отколку воените.

**30 мај, ден 96**

- Рускиот агресор продолжува со офанзива во источната оперативна област.
- Украинската војска започна контраофанзива против руските сили во правец на Херсон.

**31 мај, ден 97**

- Руските загуби во  Украина се 30.500 војници, 1.358 тенкови, 3.302  оклопни борбени возила, 208 авиони, 174  хеликоптери и друга воена опрема.
- Украинските сили на источното боиште елиминирале голема единица платеници на руската група Вагнер.
- Француски новинар е убиен во руски напад врз хуманитарен конвој во Украина.
- Двајца руски војници се осудени на 11,5 години затвор за гранатирање во областа Харкив.
- ОН јави дека од почетокот на руската инвазија на Украина евидентирани се 4.074 загинати цивили.

**1 јуни, ден 98**

- Папата Франциск апелираше да престане блокадата на извозот на жито од Украина.
- ОН објави дек најмалку 4.113 цивили се убиени, а уште 4.916 се повредени од почетокот на руска инвазија на Украина.
- Во регионот Луганск, руските трупи го нападнаа Северодонецк и воспоставија контрола врз дел од градот.

**2 јуни, ден 99**

- Во областа Мариупол во регионот Донецк, руските окупатори затвораа и пукаа во украински доброволци и службеници.
- Околу 20 отсто од училиштата и градинките низ целата земја се уништени, Зеленски наложи нивно обновување.
- Обединетото Кралство испрати ракетни системи во Украина за да помогне во одбраната од Русија.

**3 јуни, ден 100**

- По повод 100 дена од руската агресија, украинската амбасада во Скопје и украинската заедница се обединија под слоганите StandWithUkraine StopRussianAgression #RussiaInvadedUkraine #UkraineUnderAttack.
- Во текот на стоте дена од агресијата украинските сили ослободиле 1.017 населби од руските освојувачи.
- Соопштение на ЦИВИЛ: Сто дена брутална руска агресија и геноцид врз Украина. Херојската борба за слобода на Украина е борба за слобода на целиот свет!

**4 јуни, ден 101**

- Речиси 14 милиони Украинци беа принудени да ги напуштат своите домови од почетокот на руската инвазија, известија од ОН.
- Украина и Русија ги разменија телата на паднатите војници според формулата „160 за 160“ на линијата на фронтот во регионот Запорижја.
- Заклучно со 3 јуни 2022 година, од почетокот на руската инвазија на Украина, според ОН, 261 деца загинаа, а повеќе од 463 деца се повредени.
- За 100 дена војна во Украина, уништени 24 илјади км патишта, 7 илјади км железници, 302 автомобилски и 49 железнички мостови, 11 аеродроми се оштетени или целосно уништени, 21 железничка станица, со заземање на четири поморски пристаништа.

**5 јуни, ден 102**

- Украинскиот државен оператор „Енергоатом“ соопшти дека Русија истрелала крстосувачки проектил „критично ниско“ над нуклеарната централа во јужна Украина.
- Врховната рада соопшти дека досега во војната во Украина се убиени 262 деца, а 467 се повредени.

**6 јуни, ден 103**

- Рускиот министер за надворешни работи, Сергеј Лавров, изјави дека е без преседан одлуката за забрана за прелет на неговиот авион поради што ја откажа посетата на Србија.
- Обединетото Кралство обезбеди адвокати и полиција за поддршка на истрагата за воени злосторства во Украина.
- Во Украина досега загинале 32 локални новинари.
- Русија шири лажни вести дека Украина го продава оружјето обезбедено од западните партнери.
- Мониторинг групата на Советот за безбедност на ОН добила извештаи за 124 наводни акти на сексуално насилство поврзано со конфликтот, што се случило врз жени, девојчиња, мажи и момчиња.

**7 јуни, ден 104**

- Украинските одбранбени сили уништиле еден непријателски тенк, три артилериски системи, две оклопни возила и две складишта за муниција, две беспилотни летала.

**8 јуни, Ден 105**

- Светската банка одобри 1,49 милијарди долари дополнителна финансиска помош за Украина.
- Повеќе од 7 милиони луѓе ја напуштиле Украина од почетокот на руската агресија, соопштија од УНХЦР.

**9 јуни, ден 106**

- Десетици земји може да се соочат со недостиг на храна, а милиони луѓе може да гладуваат доколку продолжи руската блокада на украинските пристаништа на Црното Море.
- Врховниот суд на самопрогласената Народна Република Донецк изрече смртна пресуда за двајца Британци и за еден Мароканец.

**10 јуни, ден 107**

- Руските агресори крадат илјадници тони жито, сончоглед и масло од вагони уништени во руските напади врз Мариупол.
- Мониторингот на ЦИВИЛ објави извештај за проруското дејствување на партијата Левица, под наслов „Левица под темната сенка на Москва“.

**11 јуни, ден 108**

- Министерство за животна средина на Украина соопшти дека руските трупи продолжуваат да спроведуваат нуклеарен, еколошки и прехранбен терор.
- Шефицата на Европската комисија Урсула фон дер Лајен при посетата на Кијив вети дека следната недела Брисел ќе одговори на украинските амбиции да се кандидира за членство во Европската унија.

**12 јуни, ден 109**

- Како резултат на целосна вооружена агресија од страна на Русија, загинаа 287 деца, а 508 беа повредени, објави Канцеларијата на јавниот обвинител на Украина.
- Протест „Против руските убијци и мародери“ во Скопје – крвави чевлички и играчки за убиените деца, машина за перење и тоалетна школка за агресорот, пред руската амбасада во Скопје.
- Во главниот град на Литванија, Вилнус беше отворен првиот украински центар во Европската унија за граѓаните кои беа принудени да ја напуштат Украина.

**13 јуни, ден 110**

- Украина воспостави две рути за извоз на жито преку Романија и Полска.
- Руските војници убиле стотици цивили во украинскиот град Харкив, гранатирајќи станбени области со забранета касетна муниција и ракети, извести Амнести Интернешенел.
- Украинските противвоздушни единици во регионот Харкив соборија руски бомбардер Су-34.

- Фондацијата „Заев – Едно општество за сите“ испрати 20 тони хуманитарна помош за војската и за цивилното население во Украина.

**14 јуни, ден 111**

- Новинарите на украинскиот јавен радиодифузер „Суспилне“ и нивните странски колеги се најдоа под непријателски оган во центарот на Лисичанск. Украинската војска ги евакуираше.
- Два месеци по масакарот во Буча пронајдени се уште седум тела на измачувани Украинци.

**15 јуни, ден 112**

- Премиерите на Албанија и Црна Гора, Рама и Абазовиќ, ги посетија украинските градови Ирпин и Бородјанка.
- Лидерите на седум земји на НАТО ветија дека ќе го поддржат пристапувањето на Шведска и Финска во Алијансата и ќе обезбедат повеќе тешко оружје за Украина.

**16 јуни, ден 113**

- Лидерите на Франција, Германија, Италија и Романија пристигнаа во Ирпин.

**17 јуни, ден 114**

- Украинската морнарица го погоди реморкерот „Васили Бех“ на руската Црноморска флота кој превезуваше војници на окупираниот Змиски остров.
- Британскиот премиер Борис Џонсон за време на посетата на Кијив, ветри помош во обука на вооружените сили на земјата.

**18 јуни, ден 115**

- Зеленски објави дека, од 1-ви јули, Украина воведува визен режим за граѓаните на Руската Федерација.
- Русија ги обнови своите обиди со војска да продре во правец од градот Изиум во Харкивската област, а во правев на Донбас.

**19 јуни, ден 116**

- Молдавската претседателка Маја Санду потпиша закон со кој се забрануваат информативни програми од Русија.

**20 јуни, ден 117**

- Министерството за внатрешни работи на Украина објави дека 7.704.000 граѓани ја напуштиле Украина, а дека 2 милиони и 559 илјади се вратиле.
- Украинската Врховна рада ја ратификуваше Истанбулската конвенција за насилство врз жените и семејно насилство.

**21 јуни, ден 118**

- Комесарот за човекови права на Врховната Рада на Украина објави дека до 19 јуни загинале 323 деца, а повеќе од 583 биле повредени.
- Од силосите во регионот Луганск руската војска украла 15.000 тони сончоглед и 10.000 тони жито.

**22 јуни, ден 119**

- Нобеловиот медал на рускиот новинар Дмитриј Муратов се продаде на аукција за 103,5 милиони долари, а собраниот износ е за помош на раселените украински деца.
- Украински суд ја забрани проруската партија „Опозициска платформа - За живот", водена од Виктор Медведчук, близок сојузник на Путин.
- Мајкрософт соопшти дека идентификувала „стратешка шпионажа" на хакери кои работат за Русија во 42 земји кои ја поддржуваат Украина.

**23 јуни, ден 120**

- Над 150 објекти на културата се делумно или целосно уништени за време на речиси четиримесечната војна во Украина, соопшти УНЕСКО.
- ОН објави дека од почетокот на конфликтот Украина ја напуштиле над 8 милиони лица.

- Украинскиот министер за одбрана, Алексеј Резников, соопшти дека пристигнале американските артилериски ракетни системи (ХИМАРС).

**24 јуни, ден 121**

- ЕУ им додели кандидатски статус на Украина и Молдавија.
- Полска потпиша договор за заем од 450 милиони евра со Банката за развој на Советот на Европа наменет за справување со бранот бегалци од Украина.

**25 јуни, ден 122**

- Руските напаѓачи целосно го заседоа градот Северодонецк, регионот Луганск.
- Украинската армија соопшти дека пограничниот регион Чернихив е под „масовно бомбардирање“ од територијата на рускиот сојузник Белорусија.

**26 јуни, ден 123**

- Украинскиот Генералштаб соопшти дека, од 24 февруари до 25 јуни, се убиени 35.000 руски војници, уништени се или заробени 1.515 тенкови, 220 авиони, 14 бродови и 770 артилериски системи.
- Во Кијив се регистрирани четири експлозии при што е погоден станбен комплекс во близина на центарот на градот.

**27 јуни, Ден 124**

- Турција соопшти дека нема да се приклучи на западните санкции против Русија кои беа воведени поради воената агресија врз Украина.
- САД најави воведување визни ограничувања за околу 500 руски службеници, повисоки царини за руски стоки и санкции за компании кои соработуваат со Русија.
- Најмалку 10 загинати и 40 повредени при руски напад врз трговски центар во Кременчук.

**28 јуни, ден 125**

- По повод Денот на Уставот на Украина, Амбасадата и Здружението на Украинците „Лесја Украинка“ се приклучија на граѓанската иницијатива за поставување светски рекорд изведба на песната „Ој у лузи червона калина“.

**29 јуни, ден 126**

- Украинското Министерство за одбрана соопшти дека се разменети воени заробеници со што 144 украински бранители, од кои 95 од Азовстал, се вратија дома.
- Зеленски побара од лидерите на земјите-членки на НАТО финансиска и помош во оружје.

**30 јуни, Ден 127**

- По воената операција на украинските сили, руските агресори го напуштија Змиски остров.
- Европскиот суд за човекови права издаде наредба Русија да избегне изрекување смртна казна за двајцата заробени Британци.

**1 јули, ден 128**

- Најмалку 21 лице загина од руски проектили во близина на Одеса.
- Зеленски, Стефанчук и Шмихал потпишаа изјава за пристапување на Украина во ЕУ.
- Откриена е нова масовна гробница во Мариупол.

**2 јули, ден 129**

- Борбите за последниот град под украинска контрола во Луганск се во критична фаза.
- Расте извозот на жито од Украина и покрај војната.

**3 јули, ден 130**

- Украина ги повлекува трупите од Лисичанск, отстапувајќи ѝ ја на Русија контролата во регионот Луганск.

- Украинските сили со ракетен артилериски системи ХИМАРС погодија руско складиште за муниција на аеродромот Мелитопол.
- Најмалку шест лица загинаа, а 15 се повредени за време на гранатирање на источниот украински град Славјанск.

**4 јули, ден 131**

- Русија ја презеде контролата над Лисичанск, последниот град во областа Луганск.
- Украинската војска објави дека била принудена да се повлече од Лисичанск и најави дека Русија подготвува напад врз регионот Донецк.

**5 јули, ден 132**

- Украинските сили на нови позиции во Донецк чекаат помош во оружје за контраофанзива на југот од земјата.
- Повеќе од 800 руски диверзанти и саботери се уапсени од почетокот на руската инвазија на Украина.

**6 јули, ден 133**

- Се водат тешки борби во регионот Донецк.
- Во изминатите 24 часа руските гранати убиле осум цивили, а раниле 25.
- Првата група украински војници пристигна на обука во Велика Британија.

**7 јули, ден 134**

- Руските сили настапуваат кон Словјанск и најавуваат голема офанзива на регионот Донбас.
- Четири лица загинаа, а девет се повредени во руските напади врз регионот Харкив.
- Претседателот Џо Бајден одобри нови 400 милиони долари воена помош за Украина.

**8 јули, ден 135**

- Украинските го одбија нападот врз градот Словјанск во Донецката област.
- Во последните 24 часа повеќе биле нападнати повеќе од четириесет градови и села во Донбас.

**9 јули, ден 136**

- Руските трупи продолжуваат со немилосрдно гранатирање на источниот регион Донецк.
- Руска ракета погоди станбена зграда во Харкив во источна Украина.
- Од почетокот на руската инвазија загинале 347 деца, а повеќе од 646 се повредени.

**10 јули, ден 137**

- Најмалку 14 лица загинаа откако Русија изврши бран ракетни напади врз Кијив и други украински градови.
- Руските напади насочени кон критичната енергетска инфраструктура, неколку региони претрпеле прекини на електричната енергија.

**11 јули, ден 138**

- Се водат борби северно од Словјанск, Украина тврди дека напредува на југот на земјата.
- Серија експлозии го потресоа градот Нова Каховка во Херсон,кој е под руска окупација.
- Во рускиот ракетен напад врз Часив Јар загинаа 30, а шестмина во Харкив.
- Осум странски бродови пристигнаа во пристаништата во Украина за извоз на украинското жито.

**12 јули, ден 139**

- Кијив започна контранапад насочен кон руските сили и воена опрема во јужна Украина.
- Неколкумина повредени цивили во рускиот напад врз Миколаев.
- Украина од САД доби нов грант од 1.7 милијарди долари.

- Советот на ЕУ одобри дополнителни една милијарда евра за Украина.
- Единствениот преживеан од рускиот стрелачки вод избегна егзекуција преправајќи се дека е мртов.

**13 јули, ден 140**

- Нов украински напад врз руско складиште за муниција во градот Нова Каховка во Херсон.
- Украинската војска известува дека почна со офанзива на југот.
- Русите извршија 28 напади со ракетни системи во регионот на Миколаив, загинаа петмина цивили.
- На Русите им е доста од пропаганда, им недостига Запад, преплашени се за својата егзистенција.

**14 јули, ден 141**

- Најмалку 20 загинати во руски ракетен напад на станбена зграда и возила во украинска Виница.
- Во руски ракетен напад врз Запорижја повредени 14 лица.
- Во Украина регистрирани најмалку 260 случаи на „екоцид” и повеќе од 2.000 случаи на предизвикана еколошка штета од почетокот на руската агресија.
- Обвинителите од Украина, МКС и ЕУ на конференција во Хаг за да разговараат за истрагата за руските воени злосторства за време на конфликтот.

**15 јули, ден 142**

- Повеќе од 40 населби во јужниот регион Херсон се повторно под украинска контрола.
- Во ракетни напади во југоисточниот украински град Днипро загинаа најмалку три лица, а 15 се повредени.

**16 јули, ден 143**

- Најмалку 37 загинати цивили при руското гранатирање на украинскиот град Никопол.

- Украина ја доби првата серија на ракетни системи за повеќекратно лансирање М270.

**17 јули, ден 144**

- Крвава битка беснее во источна Украина, Русија се обидува да освои терен во Донецк, украинските сили ги одбиваат нападите.
- Русија изгуби повеќе од 30% од својата копнена борбена ефикасност од почетокот на војната во Украина.
- Поранешниот шеф на украинското разузнавање е уапсен под обвинение за предавство на Крим.

**18 јули, ден 145**

- Украинските сили задаваат силни контраудари на југот од земјата, руските сили се повлекоа до брегот на полуостровот Крим.
- Од почетокот на војната во Украина, загинале 353 деца, а повеќе од 662 се повредени.

**19 јули, ден 146**

- Западното оружје ја менува рамнотежата на бојното поле; за еден месец идентификувани 20 напади на украинските сили далеку зад руските линии.
- Продолжуваат борбите во регион Донецк; во изминатото деноноќие најмалку еден цивил загинал, а двајца се повредени.
- Најмалку шест цивили се повредени во руското ракетирање на регионот на Одеса.

**20 јули, ден 147**

- Руските сили прават напори да ја пробијат украинската одбрана во обид да ја обноват својата офанзива кон источниот град Словјанск.
- Тројца цивили, меѓу кои и дете, загинаа во руското гранатирање на Харкив.
- Целта на Русија веќе не е само Донбас, туку и други територии.

**21 јули, ден 148**

- Во обид да ги пробијат одбранбените линии во источниот регион Донецк, руските сили се денонокно гранатираат кон главните цели Словјанск и Краматорск.
- Бројот на загинати во рускиот ракетен напад врз Виница се зголеми на 26.
- Бизарно тврдење на Кремљ дека Русија губи затоа што Украина има експериментални мутантни трупи создадени во тајни биолаборатории.

**22 јули, ден 149**

- Руските трупи со сите сили напаѓаат во Харкив и Донецк, но не успеваат да освојат територија ниту во источниот регион, ниту во јужниот дел.
- Петмина цивили загинаа, десет се повредени од руското гранатирање на регионот Донецк.
- Од почетокот на инвазијата регистрирани 36.400 руски воени злосторства.

**23 јули, ден 150**

- Еден ден по договорот за извоз на жито, руски проектили го погодија пристаништето во Одеса.
- САД го испратија својот 16-ти пакет безбедносна помош во Украина или вкупно досега над 8 милијарди долари.

**24 јули, ден 151**

- Вооружените сили на Украина напредуваат во регионот Херсон.
- Воен приоритет на Русија е освојување или уништување на украинската енергетска и друга инфраструктура.

**25 јули, ден 152**

- Нападите врз руски командни пунктови и складишта за муниција во јужниот регион Херсон ги попречуваат одбранбените способности на агресорот.

- Во изминатите пет месеци руските војници убиле 37 претставници на медиумите.

**26 јули, ден 153**

- Украинските сили ги одбиваат нападите на руските трупи во близина на Покровске.
- Руските сили повторно го нападнаа регионот Одеса и покрај потпишаниот договор за извоз на жито.

**27 јули, ден 154**

- Уште еден украински напад на клучниот мост во јужниот регион Херсон што се користи за снабдување на руските окупатори.
- Украинската војска ја одбива руската офанзива кон градот Бахмут.
- На вториот Самит на „првите дами и господа“, собрани се над 2.3 милиони долари за возила за брза помош за Украина.

**28 јули, ден 155**

- Во последните две недели оружените сили на Украина ослободија три населени места во регионот Херсон.
- Руските окупатори продолжуваат со воздушни и ракетни напади вклучително и од Белорусија.
- Сенатот на САД побара од Стејт департментот да ја прогласи Русија за држава – спонзор на тероризмот.

**29 јули, ден 156**

- Околу 40 украински затвореници загинаа, а 130 се повредени во руското гранатирање на затворот Оленивка.
- Во руските напади во Донецк загинаа 8 цивили, 19 се повредени.
- Во Миколаив загинаа пет лица, а 13 беа ранети откако руско гранатирање погоди станица на јавен превоз.
- Северна Македонија на Украина ѝ донираше 30 тенкови Т-72.

**30 јули, ден 157**

- Во борбите во регионот Херсон украинската војска елиминирала десетици руски војници и уништила две складишта со муниција.
- Од почетокот на руската инвазија на Украина загина 358 деца, а ранети се повеќе од 693.

**31 јули, ден 158**

- Руските сили продолжуваат со нападите северозападно и југозападно од Изиум.
- Кремљ не одговори на барањето на Меѓународниот Црвен крст за пристап до затворот Оленивка со што ја попречува меѓународната истрага.

**1 август, ден 159**

- Првиот брод натоварен со жито го напушти пристаништето во Одеса и замина за Либан.
- Украина доби од уште четири високомобилни артилериски ракетни системи HIMARS од американско производство.
- Од Германија во Украина пристигнаа и повеќецевни ракетни системи МАРС 2.

**2 август, ден 160**

- Украина отвори 1.451 кривична истрага за злосторства против деца и 752 случаи на предавство и соработка со непријателот.
- Вкупно 1.054 населби веќе се ослободени од руските освојувачи во Украина.
- САД најавија нова, седумнаесетта транша по ред за воена помош на Украина во висина од 550 милиони долари.

**3 август, ден 161**

- Над 10 милиони лица ја напуштиле Украина од почетокот на руската инвазија, информира ОН.

- Од 24 февруари до 3 август вооружените сили на Украина убиле 41.350 руски војници од кои 180 само вчера, соопшти украинската армија.

**4 август, ден 162**

- Меѓународниот комитет на Црвениот крст соопшти дека не може да гарантира за безбедноста на украинските бранители на челичарницата Азовстал кои се во руско заробеништво.
- Русите гранатираа преполна автобуска постојка во Торецк при што загинаа осум лица, а меѓу повредените се и три деца.

**5 август, ден 163**

- Првиот конвој бродови натоварени со 57.000 тони пченка од украинско производство ги напушти пристаништа на Одеса на пат за Турција, Велика Британија и Ирска.
- Зеленски објави дека над 160 милиони евра во донации се собрани преку платформата за собирање средства UNITED24 за поддршка на Украина, со помош од 110 земји. ЦИВИЛ на својата медиумска платформа постави банер на акцијата од првиот ден.
- 18 земји членки на ЕУ евакуираа 1.000 пациенти од украинските болници.

**6 август, ден 164**

- Украинската нуклеарна агенција соопшти дека руски проектили оштетиле дел од големата нуклеарна централа во Запорижја што сега е под руска контрола.

**7 август, ден 165**

- Украинското разузнавање потврди дека руската армија ги минирала енергетските единици на нуклеарната централа Запорижја.
- Регистрирани се 46 случаи на гранатирање во кои загинаа 16 лица, десетици се ранети, соопшти украинското МВР.

- Над 3,5 милиони Украинци останаа без покрив над главата поради руската вооружена агресија.

**8 август, ден 166**

- Русите им ветуваат на жителите на Херсон 10.000 рубљи за учество на псевдо референдумот.
- 361 дете загина, а повеќе од 703 деца се повредени, додека 3,5 милиони Украинци останаа без покрив над главата поради гранатирањето од руските окупатори, соопшти прес службата на платформата United24.

**9 август, ден 167**

- Украинската безбедносна служба уапси две лица поради сомнение кои дека работеле за руските разузнавачки служби и планирале да ги убијат министерот за одбрана на Украина и шефот на украинската воена разузнавачка агенција.
- Руските дезинформации се шират и покрај забраните. Идентификувани се нови 250 веб-страници кои активно шират руски дезинформации за војната.

**10 август, ден 168**

- Во украинската нуклеарна централа Запорожје Русија започна со инсталирање систем за противвоздушна одбрана.
- 11 загинати и 13 повреден од руски ракетни напади во областа Никопол.
- Украинската амбасадорка во Северна Македонија додели четири благодарници на пријателите на Украина. Еден од добитниците е претседателот на ЦИВИЛ, Џабир Дерала.
- Движењето за јавен отпор „Жолта лента“ ги повика жителите на Херсон да ги спречат руските трупи да одржат псевдореферендум во окупираните области на Украина.

**11 август, ден 169**

- Парламентот на Латвија ги прогласил за тероризам бруталните дејствија на Русија против цивилите во Украина.
- Земјите членки на ЕУ повеќе нема да смеат да увезуваат јаглен од Русија.
- Украинската државна компанија која управува со нуклеарната централа Запорижја објави дека областа била погодена пет пати вклучително и во близина на местото каде што се складирани радиоактивни материјали.

**12 август, ден 170**

- 361 дете загина, а 706 се повредени како резултат на целосната вооружена агресија на Русија во Украина.
- Од Велика Британија во Украина пристигнаа ракетни фрлачи М270.

**13 август, ден 171**

- Финска ќе учествува во реконструкцијата на регионот Чернихив, ослободен од руските освојувачи во април.
- Од украинските пристаништа тргна петтиот караван бродови со 63.000 тони земјоделски производи.

**14 август, ден 172**

- Поради интензивните руски гранатирања во изминатото денонокќие, има загинати и повредени жители во реоните Харкивск, Днипропетровск, Донецк и Миколаивск.
- Врховната Рада ги поддржа нацрт законите со кои се предлага продолжување на воената состојба и општа мобилизација во земјата за 90 дена.

**15 август, Ден 173**

- Службата за безбедност на Украина спречи обид на криминалци од Русија да се приклучат на редовите на волонтерски единици со седиште во Кијив.
- Украинската армија го уништи седиштето на Вагнер во Луганск.

**16 август, Ден 174**

- Во соопштение на украинската одбрана се наведува дека досега се уништени 1.880 руски тенкови и дека загинале 43.900 руски војници.
- Руски ракети погодија рекреативен центар во областа Одеса при што тројца цивили се повредени, а непријателските проектили го погодија универзитетот во Миколаив.

**17 август, ден 175**

- НАТО ја повика Русија да се согласи за проверки на електраната Запорижја.
- Украинската служба за безбедност уапси руски агент кој собирал информации за распоредување на единиците на украинската армија во Запорижја.

**18 август, ден 176**

- Руските окупатори удрија во студентски дом во областа Слобидски во градот Харкив, 18 лица се повредени, од кои две се деца, а едно лице загина.
- Вкупно 361 деца се убиени, а над 714 повредени во Украина од почетокот на руската инвазија, информира Украинското државно обвинителство.

**19 август, ден 177**

- 17 цивили се убиени во руските ракетни напади врз градот Харкив и уште двајца цивили загинаа во ракетниот напад на Русија врз градот Краснохрад.
- САД најавија близу 800 милиони долари нова воена помош, вклучително и најмалку 10 извидувачки беспилотни летала.
- Вооружените сили на Украина досега елиминирале околу 44.700 руски војници, јави украинскиот Генералштаб.

**20 август, ден 178**

- Украинско беспилотно летало го погоди штабот на руската црноморската флота.

- Украинското јавно обвинителство регистрира 29.194 злосторства на агресија и на воени злосторства извршени од Руската Федерација.
- Путин изјави дека на претставници на ОН ќе им биде дозволено да го посетат и да го проверат нуклеарниот комплекс Запорижја.

**21 август, ден 179**

- По повод 54 годишнината од инвазијата на силите на Варшавскиот пакт и на советската окупација на тогашна Чехословачка, Чесите на Украина ѝ испратија симболични уплати од по 1.968 круни за купување оружје.
- Од почетокот на инвазијата, украинските сили елиминирале 1.912 руски тенкови, 4.224 оклопни транспортери, 1.028 артилериски системи, 234 авиони, 197 хеликоптери, 806 оперативно-тактички беспилотни летала, 190 крстосувачки ракети, 15 воени бродови и чамци.

**22 август, Ден 180**

- Руските напаѓачи убија двајца цивили во регионот на Донецк, а гранатирани се и инфраструктурни објекти во Харкив.

**23 август, Ден 181**

- Амбасадата на САД во Кијив ги повика американските граѓани кои сè уште се во Украина веднаш да ја напуштат земјата, а по информации дека Русија ги засилува подготовките за напади врз украинската цивилна инфраструктура и владини објекти.
- Се одржа Вториот онлајн самит на Кримската платформа на кој свое обраќање имаше и премиерот на Северна Македонија, Димитар Ковачевски.
- Над 1.000 деца од Мариупол, град што го заседе руската војска, нелегално им се предадени на странци во Тјумењ, Иркутск, Кемерово и во Алтајскиот регион во Сибир, соопшти украинското МНР.

**24 август, ден 182**

- Во Скопје се одбележа Денот на независноста на Украина со присуство на голем број граѓани, претставници на украинската заедница, дипломатски претставници, медиуми и тимот на ЦИВИЛ.
- Европскиот суд за човекови права ја обврза Русија да ги обезбеди правата на заробените бранители на Азовстал.
- САД најавија пакет воена помош од три милијарди долари на Денот на независноста на Украина.

**25 август, ден 183**

- Убиени и ранети деца во руското гранатирање на четири области во регионот Днипропетровск, а во Чаплине загинаа 22 лица.
- Најмалку 98 лица загинаа при напади врз здравствени објекти во Украина од почетокот на руската инвазија, соопшти СЗО.

**26 август, ден 184**

- Дејствијата на руските агресори предизвикаа целосно исклучување на АЕЦ Запорижја од електричната мрежа.
- Службата за безбедност на Украина поднесе обвинение за воени злосторства против шефот на Чеченската Република, Рамзан Кадиров.
- Тајван ѝ предаде на Украина 800 беспилотни летала бомбардери со краток дострел од типот Revolver 860.

**27 август, ден 185**

- Комплексот на нуклеарната централа Запорижја е повторно гранатиран од руските сили.
- Русија го блокираше нуклеарниот договор на ОН поради клаузулата за Запорижја.

**28 август, ден 186**

- Приведено лице со шпионска апликација во телефонот додека фотографирало училиште во Чернихив.
- Руската армија го гранатираше регионот Днипропетровск користејќи ги системите Град, Ураган и тешка артилерија; регионот Суми е гранатиран 122 пати.

**29 август, ден 187**

- Во регионот Запорижја, руските агресори планираат да одржат анкета наместо референдум.
- Најмалку пет непријателски проектили се истрелани кон Украина од воздушниот простор на Белорусија.
- Осум цивили загинаа, а седум се повредени во руското гранатирање на регионот Донецк.

**30 август, ден 188**

- Започна украинската офанзива за ослободување на Херсон, руската пропаганда побрза да ја прогласи за неуспешна.

**31 август, ден 189**

- Во руските напади во областа Никопол во регионот Донецк загинаа четворица цивили, а една жена е повредена.
- Обиди за подметнување пожар во прифатилиште и градинка за деца на украински бегалци во Лајпциг, Германија.
- Македонската државна компанијата „Електродистрибуција“ на Украина ѝ испорача шест електроенергетски трансформатори.

**1 септември, ден 190**

- Украинската војска продолжува со притисок врз руските сили во регионот Херсон.
- Еден од двата оперативни реактори на нуклеарната централа Запорижја е исклучен поради руско гранатирање.

- Поради недостиг од човечки ресурси во војната во Украина, Русија ќе регрутира и затвореници.

**2 септември, ден 191**

- По украинската контраофанзива во јужниот регион Херсон, руските сили претрпеа значителни загуби.
- Тим од инспектори на МААЕ останува во нуклеарната централа Запорижја.

**3 септември, ден 192**

- На линијата на фронтот во текот на ноќта руските сили ги гранатираа позициите вдолж линијата.
- Енергетската криза во Европа се продлабочува откако Русија го затвори гасоводот.

**4 септември, ден 193**

- Украинските сили ослободиле две населби во јужна Украина и една во Донецката област и ја вратија територијата на левиот брег на реката Сиверски Донецк.
- Руските војници од првиот армиски корпус на самопрогласената Донецка Народна Република одбиле да се борат поради недостаток на залихи.

**5 септември, ден 194**

- Во реонот на Харкив украинската војска уништи складиште со руски ракетите С-300.
- Загинати цивили во руските гранатирања во регионите Харкив, Дохецк и Кривиј.

**6 септември, ден 195**

- Украинската војска одби неколку руски офанзиви во Донецк и уништи повеќе руски цели.
- Од почетокот на руската инвазија на Украина, 236 деца се сметаат за исчезнати, а 7.343 се депортирани.
- Убиена е жена во руското ракетирање на Харкив, повредени се цивили во гранатирањето на Никопол; уништено училиште во регионот Донецк.

**7 септември, ден 196**

- Украинската војска напредува кон источниот дел на земјата.
- Во руските напади во Донецк убиени се тројца цивили, гранатирани се Краматорск, Словјанск, Константинивка и регионот Днипропетровск.

**8 септември, ден 197**

- Украинската  контраофанзива напредува во североисточниот регион Харкив, ослободувајќи 20 населени места како и клучниот град Балаклија.
- 2,5 милиони луѓе, меѓу кои 38.000 деца, се насилно депортирани од земјата во рамките на руската програма за „филтрација“.

**9 септември, ден 198**

- Украинската војска деокупирала повеќе од 1.000 квадратни километри територија од почетокот на септември.
- Украинските војници стигнале и до градот Купјанск клучен логистички и снабдувачки центар за руските сили во регионот.

**10 септември, ден 199**

- Украинските сили влегоа во стратешкиот град Изиум по пет месеци руска окупација.
- По успесите на украинската контраофанзива, руското МО донесе одлука за прегрупирање на руските трупи и нивно пренасочување во регионот на Донецк.
- Главната артерија за руските сили низ регионот Харкив е отсечена,  украинските сили отвораат нов фронт на границата на регионите Донецк и Луганск.

**11 септември, ден 200**

- Откако Украина со брза офанзива им нанесе голем удар на руските агресори во источните делови од земјата, војната влегува во нова фаза.
- Руските сили се принудени панично да бегаат од Изиум и од други окупирани подрачја само пет дена

откако украинските сили започнаа нова операција кон исток низ регионот Харкив.

**12 септември, ден 201**

- Украинските одбранбени сили во изминатите 24 часа успеаја да го избркаат непријателот од повеќе од 20 населени места.
- Украинските сили ѝ нанесоа голем оперативен пораз на Русија враќајќи ја речиси целата Харкивска област во брза контраофанзива.
- Руските сили извршија пет ракетни напади, повеќе од 10 воздушни напади и над 20 напади од ракетни системи врз воени и цивилни цели во Украина.

**13 септември, ден 202**

- Русите се повлекуваат на исток, Украина продолжува со протерување на руските војници од голем дел од стратешката територија.
- Руските војници ја напуштаат Кремина во Луганската област, окупаторите ги евакуираат семејствата од Крим и јужна Украина.
- Најмалку осум цивили загинаа во руските напади на регионите Харкив и Донецк.

**14 септември, ден 203**

- Зеленски го подигна украинското знаме во ослободениот Изиум.
- Огромни делови од источниот дел на Украина се ослободени, панично повлекување на руските окупатори.
- Две лица загинаа, тројца се ранети во синоќешното гранатирање на Миколаив, пет цивили загинаа во регионот Донецк.
- Тела на цивили со траги од тортура се пронајдени во регионот Харкив, а во ослободената Балаклија пронајдена комора за мачење цивили.

**15 септември, ден 204**

- Сто уништени тенкови за сто часа, украинските сили ја уништија најдобрата руска тенковска армија.

- Германија во Украина испраќа два повеќецевни ракетни фрлачи МАРС II и 50 оклопни транспортери „Динго“.

**16 септември, ден 205**

- Областите на југот и на истокот на земјата кои беа деокупирани силно се гранатирани од руските сили.
- Украинските власти пронајдоа масовна гробница со 440 тела во североисточниот град Изиум.
- Петмина цивили загинаа во руското гранатирање на регионот Донецк, две деца се повредени во ракетните напади врз Харкив.

**17 септември, ден 206**

- Руските сили подготвуваат рути за повлекување од областа Херсон.
- Знаци на насилна смрт имаат 99 отсто од телата ексхумирани во Изиум, град во источниот дел на Украина, кој беше повторно заземен од украинската армија.
- Поради руските напади, најмалку 30 посто од инфраструктурата на Украина е оштетена.

**18 септември, ден 207**

- Во ослободените делови на регионот Харков пронајдени се повеќе од 10 комори за мачење.
- Осум цивили загинаа, 33 се повредени во руското гранатирање на Украина, а четворица здравствени работници загинаа при евакуација на цивили во регионот Харков.

**19 септември, ден 208**

- Украина собори 55 руски авиони од почетокот на војната, соопштија американски и британски официјални лица.
- Руските сили продолжуваат да изведуваат воздушни напади врз цивилна инфраструктура.

- Руски проектил погоди индустриската локација на нуклеарната централа во Јужна Украина на само 300 метри од реакторите.
- Тројца цивили загинаа во регионот Донецк, шест се повредени во експлозии на мини во регионот Харкив.

**20 септември, ден 209**

- Проруските власти најавуваат референдуми на окупираните украински територии Донецк и Луганск за приклучување кон Руската федерација, а Украина одговори со: „Само обидете се“.
- Од масовната гробница во близина на Изиум веќе се ексхумирани 146 тела на жртви на руската агресија.
- Во руските напади низ Украина загинале седум цивили, ракетиран станбен блок во Бахмут, две лица заробени под урнатините.

**21 септември, ден 210**

- Путин прогласи делумна мобилизација во Русија, планот е да се мобилизираат 300.000 војници.
- Во размена на заробеници меѓу Русија и Украина ослободени се и двајца Американци и петмина британски државјани.

**22 септември, ден 211**

- Ослободени се 215 украински војници од руско заробеништво, 108 од нив се борци на полкот Азов.
- Во изминатите 24 часа убиени се седум цивили во руските напади на Запорижја, Донецк и Днипропетровск.

**23 септември, ден 212**

- Русија одржува псевдореферендуми за отцепување на окупираните територии во Украина.
- Кадиров, близок сојузник на Путин, одби мобилизација во Чеченија.

- 436 тела беа ексхумирани од масовна гробница во Изиум, повеќето покажуваат знаци на насилна смрт, најмалку 30 се со траги од тортура.

**24 септември, ден 213**

- Украинските сили воспоставија контрола врз мостовите преку реката Днипро во регионот Херсон и уништија резерви на руско оружје.
- Русите истрелаа проектили врз инфраструктурата во црноморското пристаниште Очакив, Миколаив и гранатираа станбени згради во Марханец.
- Украинската армија собори шест ирански беспилотни летала Шахед и едно беспилотно летало Мохаџер-6.

**25 септември, ден 214**

- Руските трупи продолжија со ракетни и авијациски напади врз воени и цивилни цели во регионот Донецк.
- Русија држи во заробеништбо околу 2.500 Украинци, од кои голем број се цивили.

**26 септември, ден 215**

- Во руските напади убиени тројца и повредени 11 жители во Донецк, регионот Одеса нападнат со беспилотни летала „Камиказа".
- ОН известува дека од почетокот на руската инвазија на Украина, 391 дете загина, а повеќе од 773 се повредени.
- Руската војска во Украина уби 38 новинари, повредени се 14, а зароби и киднапираше 18 медиумски работници.

**27 септември, ден 216**

- Украинската војска напредува во повеќе делови од фронтот.
- Сѐ уште нема објаснување за истекувањата од двата руски подморски гасоводи кон Европа.

**28 септември, ден 217**

- Украинските трупи продолжија со офанзивните операции околу Купјанск.
- САД најавија нов пакет оружје во вредност од 1.1 милијарда долари за Украина.

**29 септември, ден 218**

- Продолжува украинската контраофанзива по должината на реката Оскил во североисточната Харкивска област.
- Во руското гранатирање на регионот Донецк загинаа шест цивили, во Днипро тројца цивили, меѓу кои и едно дете.

**30 септември, ден 219**

- Украинските сили продолжија да напаѓаат руски воени цели со системите HIMARS во Луганска област.
- Путин објави анексија на четири области на окупирана Украина по завршените лажни референдуми.
- Најмалку 23 лица загинаа, 28 се повредени во руски ракетен напад врз хуманитарен конвој во Запорижја.
- Двајца цивили загинати, 12 се повредени со руска касетна муниција во Миколаив.

**1 октомври, ден 220**

- Русите го приведоа генералниот директор на нуклеарната централа Запорижја.
- Украинските сили го опколија Лиман, кој со месеци служел како логистички и транспортен центар за руските операции во северниот дел на регионот.
- Управата за разузнавање работи при Министерството за одбрана потврди дека Белорусија се подготвува да прими до 20.000 руски војници.
- Марш за поддршка на Украина во Париз.

**2 октомври, ден 221**

- Пендаровски и претседателите на НАТО земји членки излегоа со заедничка изјава за непризнавање на руската анексија на украински територии.
- Околу 10.000 украински граѓани го напуштија Крим откако окупаторите почнаа присилна мобилизација.

**3 октомври, ден 222**

- Премиерот на Северна Македонија Димитар Ковачевски се сретна со Лариса Дир, новоименуваната амбасадорка на Украина во земјава.
- Украинската војска зазема упоришта во ослободените области во регионот Херсон.

**4 октомври, ден 223**

- На состанокот на Советот за национална безбедност и одбрана Зеленски донесе одлука да не се преговора со Путин.
- 83 отсто од Украинците сакаат нивната земја да се приклучи кон НАТО алијансата, објави кијивската Агенција за испитување на јавното мислење.

**5 октомври, ден 224**

- Еден цивил е убиен во руското гранатирање на регионот Донецк, пронајдени четири тела на цивили при ексхумација во ослободениот Свјатохирск.
- Околу 700.000 луѓе ја напуштиле Руската Федерација по објавата за „делумната“ мобилизација на 21 септември.
- Казахстан го отфрли барањето на Русија за протерување на амбасадорот на Украина поради неговите коментари за убиствата на Руси.

**6 октомври, ден 225**

- Европската Унија го усвои осмиот пакет санкции против Русија, како одговор на нелегалната анексија на четири украински региони.

- Во Прага, македонскиот премиер Ковачевски и украинскиот Денис Шмихал, ги потпишаа одлуките со кои се дополнува Договорот за слободна трговија меѓу двете земји.
- Ракетниот напад на Русија врз градот Запорижја.

**7 октомври, ден 226**

- Бројот на загинати во рускиот ракетен напад врз Запорижја се искачи на 11.
- Советот на ОН за човекови права одлучи да именува независен експерт поради детално испитување на состојбата со човековите права во Русија.
- Во Северна Македонија се издадени 358 дозволи за привремен престој од хуманитарни причини за украински бегалци.

**8 октомври, ден 227**

- Кримскиот мост кој го поврзува полуостровот Крим со Русија беше погоден од голема експлозија при што се урна дел од неговата конструкција.
- Поради новите гранатирања, украинската нуклеарна централа Запорижја остана без својот последен извор на надворешно електрично напојување.
- Десетици луѓе загинаа и се повредени во гранатирањето на градот Запорижја во југоистокот на Украина.

**9 октомври, ден 228**

- Украинските сили водат жестоки одбранбени битки за важниот источен град Бахмут.
- Канцеларијата на Високиот комесаријат за човекови права на ОН регистрира 15.592 цивилни жртви во Украина и тоа 6.221 загинати и 9.371 повредени

**10 октомври, ден 229**

- Најмалку четири експлозии се слушнаа околу центарот на Кијив.

- Експлозии и во Житомир, Хмелницки, Днипро, Лвов, Тернопил. Според Суспилне, Хмелницки, Житомир и Лавов.
- Здружението на Украинците „Лесја Украинка" одржа мирен протест пред руската амбасада во Скопје.

**11 октомври, ден 230**

- Лидерите она земјите Г7 оддржаа итна средба по повод новите руски напади во Украина.
- Украинските сили напредуваа во регионот Херсон, руските окупатори се повлекуваат.
- Кабинетот на Зеленски соопшти дека како дел од размената на заробеници со Русија е договорено ослободување на 32 украински војници.

**12 октомври, ден 231**

- Нови докази за руските воени злосторства - во деокупираните Свјатохирск и Лиман откриена комора за мачење и ексхумирани се 78 тела, вклучително и на деца.
- Во руските гранатирања на регионите Донецк и Запорижја загинаа 13 цивили, а повредено е и едно шестгодишно дете.

**13 октомври, ден 232**

- Масовни руски напади врз цивилни цели во Кијив, Миколаив, Никопол, има загинати и повредени.
- Парламентарното собрание на Советот на Европа едногласно ја усвои резолуцијата за прогласување на Русија за терористички режим.

**14 октомври, ден 233**

- Седум лица загинаа во руското ракетирање на Миколаев, нападнат регионот Днипропетровск со камикази беспилотни летала и ракетните сисеми „Град".
- Бројот на загинати цивили во рускиот ракетен напад врз Миколаив се искачи на осум, а 15 тела се извлечени под урнатините на станбен блок во Запорижја.

**15 октомври, ден 234**

- Првите руски војници на новата заедничка воена група на Москва и Минск пристигнаа во Белорусија.
- Франција на нејзина територија ќе обучи околу 2.000 украински војници.

**16 октомври, ден 235**

- ОН потврди повеќе од 100 случаи на сексуални напади во Украина, но и дека бројот на случаи е неспоредливо повисок.
- Две училишта уништени од руски ракети во областа Запорижја.
- Србија привремено ја затвора амбасадата во Кијив.
- Кина со повик до своите граѓани да ја напуштат Украина.

**17 октомври, ден 236**

- Русија испраќа 170 тенкови и 200 оклопни возила во Белорусија.
- Москва и Кијив разменија 218 заробеници.
- Украинското МНР го повика Техеран да престане да ја снабдува Русија со оружје.

**18 октомври, ден 237**

- Во руското ракетирање на Суми убиени се 5 цивили, а во Миколаив загина едно лице.
- Повеќе од 600 тела се ексхумирани на територијата на деокупираната Харкивска област.
- Естонскиот Парламент ја прогласи Русија за „терористички режим“.

**19 октомври, ден 238**

- Од 7 до 18 октомври, Русија лансираше околу 190 масивни проектили и напади со беспилотни летала камикази врз 16 региони низ Украина и Кијив.
- Во девет региони во Украина руските војници убиле 17 цивили, а 29 се повредени.

**20 октомври, ден 239**

- Пронајдени се 12 тела на цивили убиени од Русите за време на окупацијата во регионот Донецк.
- Општина Кавадарци потпиша официјален Договор за збратимување со Општина Буча, Украина.
- ЕУ воведува санкции против Иран заради дроновите испорачани за Русија.

**21 октомври, ден 240**

- Украдените шведски радари за одредување брзина завршиле во руските дронови над Украина.
- Украина ги повика Белорусите да не учествуваат во валканата војна на Русија.

**22 октомври, ден 241**

- Украинската 60-та пешадиска бригада запени повеќе од 30 руски оклопни возила, илјада проектили за тенкови и три топа.
- Зеленски му додели орден „Јарослав мудриот“ на претседателот на македонското собрание Талат Џафери.

**23 октомври, ден 242**

- ОН потврдија 6.322 убиени и 9.634 повредени во Украина од 24 февруари до денес.
- Украинските власти го уапсија Вјачеслав Богуслајев, шеф на големата украинска компанија Мотор Сич со седиште во Запорижја поради соработка со Русија.

**24 октомври, ден 243**

- Фон дер Лајен и Шолц повикаа на „Маршалов план“ за обнова на Украина.
- Руските окупатори ги зајакнаа одбранбените позиции на левиот брег на реката Днипро во регионот Херсон во обид да ги задржат окупираните територии.

**25 октомври, ден 244**

- Уништена база на „Кадировци“ во регионот Херсон откако си ја открија локацијата комуницирајќи на TikTok.
- Зеленски се обрати на Кримскиот самит во Загреб.
- Талат Џафери се обрати на Првиот парламентарен самит на Меѓународната кримска платформа.
- Генералштабот на вооружените сили на Украина соопшти дека од почетокот на руската агресија украинската армија елиминирала околу 68.420 непријателски војници.

**26 октомври, ден 245**

- Најмалку две лица загинаа во рускиот ракетен напад врз Днипро, а се пронајдени и четири тела на цивили, жртви на руската окупација во регионот Донецк.
- Руското гранатирање уништи 270 верски и 783 културни објекти, соопшти Амбасадорката на Украина во Северна Македонија, Ларис Дир.
- Сенатот на Полска ја прогласи руската влада за терористички режим.

**27 октомври, ден 246**

- Словенечката Влада ги демантира руските тврдења дека радиоактивниот отпад во Словенија се користи за производство на „валкани бомби“.
- Службата за безбедност на Украина разоткри 33 руски соработници кои работат под маската на свештеници.

**28 октомври, ден 247**

- Четворица цивили загинаа во руското гранатирање на регионот Донецк, а откриени се и пет тела на цивили убиени за време на руската окупација.
- Кулеба ги повика парламентите на сите народи да го прогласат советскиот Гладомор како геноцид врз Украинците.
- Канада воведе санкции уште за 35 Руси и шест руски компании.

**29 октомври, ден 248**

- Европската унија замрзна повеќе од 17 милијарди евра руски имот како дел од пакетот санкции против Русија.
- Министерството за одбрана во Москва соопшти дека нападите врз бродови на Крим во текот на минатата ноќ предизвикале прекин на учеството на Русија во договорот за извоз на жито.

**30 октомври, ден 249**

- ЕУ апелираше до Москва да се врати на договорот за извоз на жито од Украина.
- Русија мора да ги повлече сите свои војници од територијата на Украина пред да има какви било преговори, соопшти украинското МНР.

**31 октомври, ден 250**

- Руските терористи извршија напад врз енергетската инфраструктура на државата, соопштија украинските власти.
- Украина, Турција и ОН договорија план за движење на 16 бродови како дел од договорот за транспорт на житото.
- Во руските гранатирања на Днипропетровск загинаа четворица мажи и една жена.

**1 ноември, ден 251**

- Единиците на украинската воздушна одбрана низ Украина соборија четири хеликоптери, две беспилотни летала и 45 крстаречки ракети.
- Руската војска во изминатите 24 часа уби тројца цивили и рани уште тројца во регионот Донецк.

**2 ноември, ден 252**

- Во текот на осумте месеци агресија, Русија извршила 457 злосторства против новинари и медиуми во Украина, соопшти украинското МНР.
- Во регионот Харкив се реокупирани 568 населби.

- Русија ги блокира товарните бродови со украинско жито.
- Во руските напади низ Украина убиени се дсет цивили, а 16 се повредени.

**3 ноември, ден 253**

- Советот за безбедност на ОН ја отфрли руската резолуција за биолошко оружје.
- Поради гранатирање, нуклеарната централа во Запорижја е целосно исклучена.
- Руските сили напуштија повеќе контролни пунктови во регионот Херсон.
- Во изминатото денонoќие руските агресори убиле девет цивили и повределе 16.

**4 ноември, ден 254**

- Украина ја повика меѓународната заедница да ја осуди Руската Федерација за депортацијата на украинските граѓани од Херсон и Запорижја.
- Руските агресори ги затворија контролните пунктови и канцеларијата на командантот во Камианка во регионот Запорижја.

**5 ноември, ден 255**

- Иран призна дека и`испорачала дронови на Русија, но пред почетокот на агресијата против Украина.

**6 ноември, ден 256**

- Украинските власти планираат евакуација на Кијив во случај на целосен прекин на струјата.

**7 ноември, ден 257**

- Во изминатите 48 часа во руски напади во Украина загинаа 13 цивили, а 11 се повредени.
- Русија досега во Украина извршила 45.000 воени злосторства и над 2.200 злосторства против животната средина.

**8 ноември, ден 258**

- АД ЕСМ ќе помогне за обновување на електро-енергетскиот систем на Украина.
- Русија ги утврдува позициите околу Мариупол кај Херсон со цел да спречи брз украински пробив, јавува британското МО.

**9 номеври, ден 259**

- Четири милиони Украинци се без електрична енергија, соопшти претседателот Зеленски.
- Руската команда нареди повлекување од Херсон.
- Брисел предложи пакет помош за Украина од 18 милијарди евра.

**10 номеври, ден 260**

- Велика Британија замрзна руски имот во вредност од над 20 милијарди долари.
- Русија шири лажни вести за наводна заразена донаторска крв од НАТО за украинската армија.
- Двајца цивили загинаа, а пет беа повредени во руското гранатирање на регионот Донецк.

**11 ноември, ден 261**

- Украина напредува на фронтот во регионот Херсон во јужна Украина.
- Унгарија со уцена блокира европски 18 милијарди евра помош за Украина.
- Украинската војска влезе во деокупираниот Херсон.

**12 ноември, ден 262**

- Русите пред бегството ја уништиле инфраструктурата за струја, вода и греење во регионот Херсон, соопшти Зеленски.
- Украинската војска воспостави контрола врз повеќе од 60 населени места во регионот Херсон.

**13 ноември, ден 263**

- Во текот на изминатата недела украинските сили на десниот брег на Днипро ослободиле 179 населби на повеќе од 4,5 илјади квадратни километри.
- Истражителите во Херсон веќе документираа повеќе од 400 руски воени злосторства, соопшти Зеленски.

**14 ноември, ден 264**

- ОН донесоа резолуција Русија да ѝ плати воена отштета на Украина.
- Белорусија нарачала печатење на 50.000 покани за мобилизација, соопшти Генералштабот на вооружените сили на Украина.
- По ослободувањето на Херсон, првиот хуманитарен конвој на ОН пристигна во градот.

**15 ноември, ден 265**

- Зеленски се обрати на самитот на Г20.
- Северна Македонија гласаше „ЗА“ Резолуцијата на Генералното собрание на ОН „за обезбедување на механизми за репарации во врска со агресијата врз Украина.“
- Русија истрела повеќе од 100 ракети врз градови низ цела Украина во серија одмазднички напади што следеа по повлекувањето од Херсон.
- Проектили паднаа во Полска, двајца загинати во близина на границата со Украина.

**16 ноември, ден 266**

- Нема индикации дека синоќешниот инцидент во Полска бил намерен, ниту дека Русија подготвува воен напад врз НАТО, изјави генералниот секретар Столтенберг.
- Украински волонтери во знак на благодарност за хуманитарната помош од Северна Македонија рачно сошиле македонско знаме.

**17 ноември, ден 267**

- Руска ракета ја погоди Одеса, во опасност е и Спомен куќата на Мисирков.
- Украинската полиција утврди докази за злосторства и тортура, во ослободената област Херсон.

**18 ноември, ден 268**

- Во Кијив падна првиот снег, 10 милиони Украинци без струја.
- ЕУ ќе обезбеди привремени засолништа од студ, генератори и комплети за поправка на електричната мрежа за Украина.

**19 ноември, ден 269**

- Украинската влада ќе ги плати сите трошоци за доброволната евакуација од областите на јужните региони Херсон и Миколаив кои се ослободени од руските сили.
- Велика Британија најави воена опрема за Украина за воздушна одбрана во вредност од 60 милиони долари.

**20 ноември, ден 270**

- Русија постигнала договор со Иран за започнување со производство на стотици беспилотни летала на руска територија, објави Вашингтон пост.
- Најмалку 12 напади врз инфраструктурни објекти на нуклеарната централа Запорижја.

**21 ноември, ден 271**

- Од почетокот на руската агресија врз Украина СЗО документирала 703 напади врз здравствената инфраструктура.
- Во близина на полската граница со Украина, Полска и Германија ќе распоредат дополнителни ракетни системи „Патриот“.
- Започна евакуација на цивилите од регионот Херсон и провинцијата Миколаев.

**22 ноември, ден 272**

- Парламентарното собрание на НАТО ги повика членките да ја прогласат Русија за терористичка држава.
- Руската армија уби четворица цивили во Донецката област, а двајца се повредени во гранатирањето на Вовчанск.

**23 ноември, ден 273**

- Бебе загина кога руски проектили погодија породилно одделение во регионот Запорижја, а двајца цивили загинаа и во гранатирањето на Купјанск.
- Европскиот парламент ја прогласи Русија за „државен спонзор на тероризмот“ поради бруталните и нехумани дејствија нанесени врз цивилите во Украина.

**24 номеври, ден 274**

- ЦИВИЛ издаде соопштение под наслов „Слободата на Украина значи слободата на Европа и на светот“, осудувајќи ја руската брутална агресија која трае веќе 9 месеци.
- Украинскиот град Лвив доби статус на младинска престолнина на Европа за 2025 година.
- Во руски ракетен напад врз Украина погодени три станбени згради, десет лица загинаа, убиени двајца жители на регионот Донецк.

**25 ноември, ден 275**

- Руското гранатирање уби десет лица во регионот Херсон, повредени се тројца жители на Донецката област.
- Повеќе од 15 илјади луѓе исчезнале од почетокот на војната во Украина, изјави претставник на Меѓународната комисија за исчезнати лица.

**26 ноември, ден 276**

- Околу 150 милиони долари собрани за време на самитот за безбедност на храната под иницијативата „Жито од Украина“, соопшти Зеленски.
- 12 Украинци се ослободени во размена на затвореници со Русија.

**27 ноември, ден 277**

- Затишје на фронтот, руските агресори ги компензираат поразите со ракетирање на цивилни цели.
- 32.000 цивилни цели се оштетени од руското гранатирање од почетокот на војната.

**28 ноември, ден 278**

- Седуммина загинати, а 35 повредени цивили меѓу кои и шест деца во рускиот ракетен напад во регионот Вишхород.
- Зеленски соопшти дека над 700 инфраструктурни објекти се оштетени и предупреди на нови ракетни напади.

**29 ноември, ден 279**

- Во регионот Херсон е обновена електрична енергија за 40 проценти.
- Г7 се согласи да формира мрежа за координирање на истрагите за воените злосторства.
- Руските војници убиле пет и раниле 21 украински цивил.

**30 ноември, ден 280**

- „Генератори на надеж“ – кампања за донирање генератори за струја на Украинците погодени од руските терористички напади на електричната инфраструктура.
- При експлозијата на поштенска пратка во амбасадата на Украина во Мадрид полесно е повреден еден дипломат.
- Бундестагот го призна Гладоморот за геноцид врз украинскиот народ.

**1 декември, ден 281**

- Почна кампањата „Генератори на надеж“, помош од европските градови за Украина, за олеснување на состојбата со прекините на електрична енергија кои се последица од рускиот ракетен терор.
- Околу 40 проценти од украинската електрична мрежа е надвор од функција, десетици работници се убиени или повредени во ракетните напади на Русија.

**2 декември, ден 282**

- Според украинските власти, во војната со Русија досега загинале од 10.000 до 13.000 украински војници.

**3 декември, ден 283**

- 17 украински амбасади ширум светот примиле писма бомби или пакети кои содржат делови од животни, вклучително и кравји очи.
- Украинските вооружени сили го кренаа првото знаме на Украина на левиот брег на реката Днипро во регионот Херсон.

**4 декември, ден 284**

- Од 24 февруари до денеска се убиени 91.550 руски војници, вклучувајќи 550 во текот на изминатото деноноќие.
- Германија очекува нов бран украински бегалци поради ниските температури.

**5 декември, ден 285**

- Експлозии во руската воздухопловна база кај Рјазан, оштетени два стратешки бомбардери.
- Во руските гранатирања досега се убиени над 9.400 цивили.

**6 декември, ден 286**

- Во руските нападите изминатиот ден се убиени тројца цивили, а 16 се повредени.

- Украинскиот јавен обвинител Андриј Костин го осуди сексуалното насилство извршено од руските војници.

**7 декември, ден 287**

- Нови седум загинати и 19 повредени во ноќешните руските напади.
- Американскиот Конгрес усвои предлог-закон со кој се одобрува дополнителна воена помош за Украина.

**8 декември, ден 288**

- Во руската воена агресија врз Украина досега настрадаа над 1.303 деца.
- Штетата за животната средина во регионот Харкив надмина 2,7 милијарди американски долари.

**9 декември, ден 289**

- ООН излезе со извештај со наслов „Убиства на цивили“ што е резиме на егзекуции и напади врз цивили во украинските Кијив, Чернихив и регионот Суми.
- Во Украина се евидентирани 154 случаи на сексуално насилство од страна на руските војници.

**10 декември, ден 290**

- Украинските сили ја ја погодија руската база во областа Запорижја, повредени се 150 руски војници, соопшти украинскиот Генералштаб.
- Украинските безбедносни агенти спроведоа контраразузнавачки операции во повеќе катедрали и манастири во регионот Харкив.
- Мотото на ЦИВИЛ по повод Меѓународниот ден на човековите права оваа година е: „Дезинформациите и пропагандата ги кршат човековите права. Спротивставете се!“ По тој повод, ЦИВИЛ и германските организации Media Dialogue и Youth4Media, со учество на претставници од Германија, Украина, Косово, Ерменија и Северна

Македонија, организираа прес конференција и панел дискусија. Фокус на панел дискусијата и на еднонеделниот меѓународен семинар „Градење отпорно новинарство против дезинформациите и пропагандата“ е руската воена агресија против Украина.

**11 декември, ден 291**

- Руските агресори во текот на ноќта гранатираа цивилни цели во регионот Днипропетровск.

**12 декември, ден 292**

- Херсон и Хирник под масивен руски ракетен напад, четица цивили се убиени, а 12 се ранети.

**13 декември, ден 293**

- Пропагандна војна на Кремљ - преку проруските канали на „Телеграм“ се обидува да ги деморализираат Украинците.
- Украинските сили го оштетија клучниот мост во близина на Мелитопол.

**14 декември, ден 294**

- Кијив повторно нападнат со беспилотни летала, на удар цивилната инфраструктура.
- Чешкиот Сенат го прогласи Гладоморот за геноцид врз украинскиот народ.

**15 декември, ден 295**

- Според сателитски снимки од НАСА, Украина загубила најмалку милијарда долари од кражбата на житни култури што ја спроведоа Русите на окупираните територии.
- Европскиот парламент го прогласи Гладоморот за геноцид врз украинскиот народ.

**16 декември, ден 296**

- Сирените за воздушен напад активирани низ цела Украина; тревога во Кијив, Харкив, Житомир, Виницја, Чернихив, Миколаив и Кировохрад.

- ЕУ донираше 100 милиони евра за обнова на училиштата во Украина.

**17 декември, ден 297**

- Пронајдено тело на едно и пол годишно дете убиено во вчерашниот руски напад, нови експлозии во Одеса.
- Почна кампањата „Светлина за Украина“ за собирање средства за генератори за украинските болници.

**18 декември, ден 298**

- Украина го избра поп дуото Творчи за свој претставник на Евровизија.
- Претседателскиот кабинет на Украина со критика до ФИФА која одби да ја пренесе пораката од претседателот Зеленски на стадионот во Катар пред финалето на Светското фудбалско првенство.

**19 декември, ден 299**

- Напади врз инфраструктурата во Кијивската и Миколајивската област со повеќе од 30 камикази дронови од иранско производство.
- Путин во посета на Белорусија.

**20 декември, ден 300**

- Окупаторите во Мелитопол го повторуваат сценариото за повлекување од Херсон.
- Во деокупираниот регион Харкив треба да се идентификуваат уште над 200 тела.

**21 декември, ден 301**

- Украинскиот претседател во посета на САД на средба со американскиот претседател.
- Зеленски се обрати пред американскиот Конгрес во Вашингтон.
- Најпопуларните локации во светот ги изгаснаа светлата во знак на солидарност со Украина.

**22 декември, ден 302**

- Русија загуби повеќе од 100.000 војници во војната против Украина, соопшти Генералштабот на украинската армија.
- Г7 ветија 32 милијарди долари помош за Украина во 2023 година.

**23 декември, ден 303**

- Путин за првпат јавно го употреби зборот „војна“ за руската агресија врз Украина.
- Украина ќе добие 2,65 милијарди долари помош од Холандија.

**24 декмеври, ден 304**

- Стотици луѓе се собраа во Белград за да побараат итно повлекување на руските трупи од Украина.
- Во 2022 година европските земји понудиле повеќе од 1.000 генератори на електрична енергија на Украина кои обезбедуваат електрична енергија за домовите и болниците.

**25 декември, ден 305**

- На Божиќ градската управа на Кијив ги повика луѓето да одат во засолништа по објавувањето на воздушна тревога.

**26 декември, ден 306**

- Под силен притисок на украинската армија, од Кремина во Рубижне се повлече командата на руските окупаторски сили на дури 15 километри од фронтот.
- Лажни објави за протестен митинг во Словачка против испораките на оружје за Украина.
- Украинско МНР соопшти дека Украина иницирала постапка за исфрлање на Русија од ОН.

**27 декември, ден 307**

- Осумчлено семејство застрелано во окупираната Макиивка, најмладиот член имал само една година.

- Италија му вети на Зеленски воена, политичка и економска поддршка.

**28 декември, ден 308**

- ОН евидентираа 17.831 цивилна жртва во Украина вклучувајќи 6.884 убиени и 10.947 повредени од почетокот на руската инвазија.
- Министерството за култура на Украина документирало уништување на над 1.100 објекти од културната инфраструктура на Украина.

**29 декември, ден 309**

- 100 ракети се испукани кон Украина, експлозии во Кијив, Житомир и Одеса.
- Репортери без граници соопштија дека Украина е на второто место од најопасните земји за новинарите во Европа. На прво место е Русија.

**30 декември, ден 310**

- Резервниот далновод до нуклеарната централа Запорижја синоќа беше прекинат поради гранатирање, соопшти Меѓународната агенција за атомска енергија.
- Украинската армија објави дека спречила напад со руски беспилотни летала.

**31 декември, ден 311**

- Украина под нов ракетен напад во регионите Кијив, Харкив, Запорижја, Херсон, Хмелницки, Виница.
- Во напад на Кијив загина едно лице, најмалку тројца ранети.

# 2023

**1 јануари, ден 312**

- Украинските воени извори јавија дека на 31 декември, последниот ден од 2022 година, Русите изведоа 12 воздушни и повеќе од 70 ракетни напади низ целата земја.
- Според украинската воена команда, од 24 февруари 2022 година Русија изгубила 106.720 војници.

**2 јануари, ден 313**

- Русија повторно ја нападна енергетската инфраструктура во Украина; уништени сите дронови од нападот на Кијив.
- Руски ракетен напад уништи лизгалиште во градот Дружкивка во регионот Донецк.

**3 јануари, ден 314**

- Украинците успеале да вратат 40 отсто од окупираната територија.
- Откриени логори за мачење во ослободениот украински град Харкив.

**4 јануари, Ден 315**

- Службата за безбедност на Украина јави дека четворица руски агенти кои во Донецката област собирале податоци за енергетски објекти, се осудени на 6 и 8 години затвор.
- Локалната полиција извести дека руската артилерија убила две жени во градот Бахмут, Донецка област.

**5 јануари, ден 316**

- Бројот на украински бегалци во Европа достигна речиси 8 милиони, соопштија од УНХЦР.
- Докази за руските злосторства откриени во деокупираните украински региони, пронајдени се и нови ќелии за мачење во Херсон и Миколаив.

**6 јануари, ден 317**

- САД и Германија одлучија да испратат борбени возила како помош на Украина.
- Украина ја отфрли понудата на Русија за 36-часовен прекин на огнот.

**7 јануари, Ден 318**

- САД одобри нови 3,75 милијарди долари воена помош за Украина и за земјите погодени од руската инвазија.
- Најмалку 453 деца се убиени, а 877 се повредени од почетокот на војната во Украина.

**8 јануари, ден 319**

- Германија испрати 7 генератори во Херсон.
- 111.170 руски војници и воен персонал се убиени во Украина откако Русија ја нападна земјата.
- Руската армија лансирала 144 проектили врз пет погранични места во северниот регион на земјата.
- Противвоздушните сили во источна Украина соборија руски хеликоптер и дрон.

**9 јануари, Ден 320**

- Македонскиот премиер Димитар Ковачевски разговараше со Претседателот на Украина, Володимир Зеленски, за разни прашања во пресрет на претседавањето на Северна Македонија со ОБСЕ.
- Во руски напад на пазар во регионот Харкив убиени се две жени, меѓу повредените е и десетгодишно девојче.

**10 јануари, ден 321**

- Разобличени руските тврдења за убиени украински војници во одмазднички напад.

**11 јануари, ден 322**

- Во изминатото денонoќие руситe истрелале повеќе од 40 ракети во регионот на Миколаев.

- Украинските вооружени сили ги негираа руските тврдења дека Русија веќе го контролира малиот град Соледар во источна Украина.
- Во Лвив средба на Зеленски со претседателите на Полска и Литванија.

**12 јануари, ден 323**

- Украинските сили уништија руски авион Су-25 и беспилотно летало Орлан 10.
- Шпанија прими 225 украински војници на обука за воздушна одбрана.
- По една година, од руски притвор е ослободен припадник на американската морнарица.

**13 јануари, ден 324**

- Франција најави дека за два месеца на Украина ќе и` испорача борбени тенкови AMX 10-RC.
- НАТО од Германија во Романија ќе премести извидувачки авиони за да ги надгледува руските борбени активности.

**14 јануари, ден 325**

- Велика Британија најави дека во Украина ќе испрати тенкови од типот Челинџер 2.
- Погодени повеќе цивилни и инфраструктурни објекти во Кијив, Харкив и Днипро.

**15 јануари, ден 326**

- Бројот на загинати цивили во ракетниот напад на Русија врз станбен блок во градот Днипро се искачи на 21, а 73 се повредени.
- Руските сили ја гранатираа болницата во Херсон.

**16 јануари, ден 327**

- Во својство на претседавач на ОБСЕ, Османи отпатува во посета на Украина.
- Бројот на загинати во рускиот ракетен напад на Днипро се искачи на 40, меѓу кои и три деца.
- Германија бара формирање на специјален суд за руските злосторства во Украина.

**17 јануари, ден 328**

- Првиот извидувачки авион АВАКС слета во 90-та романска воздухопловна база во Отопени.
- Уплатени се првите три милијарди евра на Украина од предвидените 18 милијарди од ЕУ.

**18 јануари, ден 329**

- Спасувачката акција во Днипро е запрена, 20 лица се водат за исчезнати.
- Холандија потврди дека на Украина ќе ѝ испрати ракетни системи Патриот.
- Најмалку 16 лица меѓу кои и министерот за внатрешни работи на Украина загинаа при уривање на хеликоптер во градот Бровари во Кијивската област.
- Командант на руската паравоена група „Вагнер“ побарал азил во Норвешка откако дезертирал.

**19 јануари, ден 330**

- Европскиот парламент бара да се формира трибунал за истрага на Русија и Белорусија.
- Данска ќе ѝ донира на Украина артилериски системи од типот „Цезар”.

**20 јануари, ден 331**

- „Времето е од суштинско значење“ за испраќање на тенкови во Украина, пред Русија да ја започне очекуваната пролетна офанзива. Овие тенкови ни требаат сега“, изјави украинската амбасадорка во САД, Оксана Маркарова, за Волф Блицер од Си-Ен-Ен.
- Американскиот претседател Џо Бајден одговори на извиканото прашање дали поддржува испраќање тенкови Леопард во Украина, велејќи дека земјата ќе ја добие „сета помош“ што ѝ е потребна за да се бори против руската агресија.

**21 јануари, ден 332**

- Автомобил нагази мина во село во регионот на Миколаив, четири лица се повредени, меѓу кои и едно бебе.

- Француското Министерство за финансии изјави за Си-Ен-Ен дека ги замрзнало банкарските сметки на француската филијала на руската државна телевизија RT во согласност со санкциите на Европската унија кои беа усвоени во декември 2022 година. Министерството рече дека „мерките се директна примена на европската регулатива".
- Руските трупи продолжија со нападот на украинските позиции во близина на Бахмут и Соледар во источниот регион Донецк, изјави украинското Министерство за одбрана. Москва минатата недела објави дека нејзините сили го зазеле Соледар, но Кијив го отфрли тоа тврдење. Градот е само неколку милји североисточно од Бахмут, кој стана сцена на некои од најжестоките борби во војната.
- Руските сили се обидуваат да извршат офанзива во јужниот регион Запорижја; се обидуваат да напредуваат и во делови од Донецк на исток, објави украинската војска.

**22 јануари, ден 333**

- Украина го одбележува Денот на украинското единство.
- Британскиот експремиер, Борис Џонсон, изјави дека достапноста на модерното оружје во украинската армија нема да доведе до ескалација на војната со Русија, во обраќање пред студентите и професорите на Националниот универзитет Тарас Шевченко во Кијив. „Бев во Буча. Како можеме да ја ескалираме конфронтацијата, каде што едната страна веќе користи најнапредни авиони за бомбардирање на станбени области? Украина ја заслужува сета можна помош", рече Џонсон.

**23 јануари, ден 334**

- Русија испрати десетици илјади нови војници за да ги зајакне линиите на фронтот во Украина во последните неколку месеци, изјави во понеделникот висок американски воен претставник. Војниците направија мала разлика во конфликтот, рече тој,

пристигнувајќи на фронтот „неопремени, лошо обучени“ и „во брзаница кон бојното поле“.

- Шефот за надворешна политика на ЕУ, Жозеп Борел, ги претстави плановите на блокот да продолжи да ја поддржува Украина - постигнат е договор за обезбедување дополнителни 500 милиони евра и дополнителна воена обука во вредност од 45 милиони евра. Вкупниот износ на воена поддршка на ЕУ за Украина, изнесува 3,6 милијарди евра.
- Холандија ќе испрати осум борбени авиони Ф-35 во Полска на крајот на овој месец, од кои четири ќе патролираат во воздушниот простор на Источна Европа, а останатите четири ќе учествуваат во програма за обука со сојузниците, соопшти Министерството за одбрана на Холандија.
- Заменик министерот за одбрана на Украина поднесе оставка по корупцискиот скандал; Министерството купувало храна по многукратно повисоки цени од редовните.
- Латвија ќе ги намали своите дипломатски врски со Русија, објави во понеделникот министерот за надворешни работи Едгарс Ринкевикс на Твитер. Оваа одлука е донесена во знак на солидарност со Естонија, а ќе стапи на сила на 24 февруари, додаде тој. Овој потег доаѓа откако Москва ги намали дипломатските односи со Естонија и го протера естонскиот амбасадор поради наводите за „русофобија“.

**24 јануари, ден 335**

- Администрацијата на Бајден ги финализира плановите за испраќање приближно 30 тенкови Абрамс во Украина; постои можност тоа да се објави уште оваа недела.
- Шефот на приватната воена компанија „Вагнер“ апелираше до руската Државна дума да издаде заштита за доброволците и осудениците кои се борат како платеници на компанијата во Украина.
- Не се складира воена опрема во украинските нуклеарни централи кои ги проверува Меѓународната

агенција за атомска енергија, изјави во вторникот пред пратениците на Европскиот парламент шефот на агенцијата, Рафаел Гроси. Ова е одговор на руските дезинформации ден порано, дека наводно Украина дека користи нуклеарна централа за складирање на оружје испорачано од Запад.

**25 јануари, ден 336**

- Германските тенкови Леопард ќе бидат на теренот во Украина побрзо од американските тенкови Абрамс, изјави Џон Кирби, координатор за стратешки комуникации на Белата куќа за национална безбедност.
- Се огласија сирени за воздушен напад низ поголем дел од централна и источна Украина; властите ги предупредуваат жителите да се засолнат од можен руски напад.

**26 јануари, ен 337**

- Руски ракетен терор, погодени е и Кијив,  мета се цивилите и цивилната инфраструктура.
- Украинските власти јавуваат дека Русија ги интензивира непријателствата во југоисточниот дел на регионот Донецк, околу градовите Авдиивка и Вуледар. Бахмут останува област каде што борбите се најжестоки.
- САД воведоа нови санкции за руската криминална организација „Вагнер“.

**27 јануари, ден 338**

- По смртоносните ракетни напади, Јапонија ги заостри санкциите спрема Русија.
- Советот на Европа бара судење за руските и белоруските лидери.
- Белгија на Украина ќе ѝ обезбеди нови 92 милиони евра помош.

**28 јануари, ден 339**

- Германија и Холандија ќе испорачаат шест дополнителни хаубици за Украина.

- Лисичанск под засилено бомбардирање на руските сили.
- Бугарија протера 70 Руси вработени во руската амбасада.

**29 јануари, ден 340**

- Украински тенковски екипажи пристигнаа во Британија на наменска воена обука.

**30 јануари, ден 341**

- Поранешен платеник на Вагнер вели дека бруталноста на која бил сведок во Украина на крајот го натерала да пребега. „Платениците на Вагнер честопати беа испраќани во битка без информации, а третманот на компанијата кон неволните регрути беше безмилосен, ги убиваа пред новодојденците, изјави Андреј Медведев за Андерсон Купер на Си-Ен-Ен од главниот град на Норвешка Осло, каде што бара азил откако избега од Русија.
- Франција и Австралија објавија планови заеднички да произведат и да испратат контингент артилериски гранати во Украина.
- Расте јазот меѓу официјалната војска на Путин и платеничките сили кои постигнаа одредени воени успеси во Украина. Олигархот, сопственик на приватната воена компанија Вагнер Груп, Евгениј Пригожин, отворено ја критикува руската војска и нејзината бирократија.
- Брачна двојка во југозападниот руски град Краснодар е уапсена поради изразување антивоени чувства за време на приватен разговор во ресторан, според независната руска мониторинг група ОВД-Инфо.

**31 јануари, ден 342**

- Украинскиот министер за надворешни работи Дмитро Кулеба изјави дека Кијив очекува да добие 120 до 140 тенкови во „првиот бран“ испораки од коалиција составена од 12 држави.

- Руските сили продолжија со нападите на позиции низ линијата на фронтот во близина на источните градови Бахмут и Донецк.

**1 февруари, ден 343**

- 2,3 милијарди фунти од продажбата на Челзи на Роман Абрамович ќе одат за помош на Украина.
- САД воведоа санкции против 22 поединци и компании поради непочитување санкции за Русија.
- Земјите членки на ЕУ дополнително ќе обучуваат уште 15.000 украински војници.

**2 февруари, ден 344**

- Европската Унија планира нов пакет санкции против Москва.
- Тројца загинати и 20 ранети по гранатирање во Краматорск.
- Зеленски ја пофали тековната антикорупциска акција, откако украинските власти претресоа повеќе локации поврзани со членови украинската влада.

**3 февруари, ден 345**

- Се одржува самит на ЕУ во Украина. На врвот на агендата на самитот меѓу Зеленски и високите претставници на ЕУ ќе бидат разговорите за пристапување на Украина во блокот. ЕУ е клучен сојузник за Кијив во одбраната од руската инвазија и таа ја прифати Украина како земја кандидат, но на Зеленски веројатно нема да му биде понуден брз влез.
- Сирени за воздушен напад се огласија во Кијив и во други украински градови непосредно пред почетокот на средбата на врвот ЕУ за Украина.
- ЕК ќе одвои една милијарда евра за брзо закрепнување на Украина.
- Германската Влада издаде дозвола за испраќање на борбените тенкови Леопард 1 во Украина.

- Европската унија ќе обезбеди дополнителни 27 милиони долари за поддршка на Украина за деминирање на ослободените територии.

**4 февруари, ден 346**

- Пречекани украинските бранители ослободени од руско заробеништво.
- Руски Миг полета од Белорусија, објавена е тревога.
- 500.000 луѓе останаа без струја во Одеса.

**5 февруари, ден 347**

- Продолжуваат руските напади врз цивилното население и инфраструктурта, на удар Харкив, Херсон, Запорижја и Донецк.
- Зеленски им одзеде државјанства на неколку поранешни проруски политичари.
- Скоро 279 милиони долари се собрани преку платформата за собирање средства United24 за поддршка на Украина.

**6 февруари, ден 348**

- Грко-католичката црква на Украина дека се префрла на нов календар, почнувајќи од оваа година, за да го слави Божиќ на 25 декември наместо на 7 јануари, како што е традиционално во православните заедници - потег за прекин на културните врски со Русија.
- Лидерот на екстремно десничарската Алтернатива за Германија (AfD), Тино Чрупала, ја прослави 10-годишнината од основањето на партијата, критикувајќи ја поддршката на владата на земјата за Украина.
- Украина очекува Русија да мобилизира до половина милион дополнителни војници во следните месеци, изјави висок претставник на украинското разузнавање.
- Шефот на ОН, Гутереш, со мрачен тон, ги предупреди лидерите свикани во Њујорк на Генералното собрание дека светот свесно маршира во „поширока војна“.

- Теренот околу Бахмут обезбедува природна одбрана што го прави „ непобедлива тврдина“, изјави генерал-полковник Олександр Сирскиј, командант на копнените сили на вооружените сили на Украина. „Никој нема да го предаде Бахмут – ќе се бориме се додека можеме“, изјави Зеленски претходно. Битката за Бахмут е во тек.

**7 февруари, ден 349**

- Украинските власти известија за најмалку шест експлозии во Харкив. И во текот на изминатите 24 часа, повеќе од 30 населби во регионите Донецк, Харкив и Луганск беа под оган, а неколку области и села околу Бахмут беа исто така нападнати.
- Украина ги отфрли тврдењата на Русија дека презела контрола врз неколку мали населби во регионите Донецк и Запорижја.
- Украинската војска соопшти дека имало тешки борби низ неколку области на источните фронтови, како и обновено руско гранатирање на југот на земјата.

**8 февруари, ден 350**

- Како резултат на целосната вооружена агресија на Русија, во Украина се убиени 461 дете, а уште 920 се повредени.
- Поранешниот чеченски командант, Даниил Мартинов, баран од Украина за воени злосторства, сега советник во руското министерство за вонредни ситуации, ја предводи руската помош за санирање на последиците од земјотресот во Турција.
- Францускиот претседател Емануел Макрон и германскиот канцелар Олаф Шолц за време на заедничката прес-конференција му потврдија на Зеленски дека земјите ќе продолжат да обезбедуваат воена помош за Украина.
- Руското гранатирање се зголемува во делови од регионот Харкив што беа ослободени минатиот септември, како и во други области на северна Украина. Во близина на градот Семенивка во

северниот регион Чернихив, двајца украински цивили беа убиени во ракетен напад.

**9 февруарим ден 351**

- Зеленски во посета на Франција, Макрон му додели орден „Легија на честа“.
- Украинските сили ги одбиваат непријателските напади во три региони, бројот на загинати руски војници надмина 135.0000.
- Зеленски учествува на Самиот на ЕУ во Брисел.

**10 февруари, ден 352**

- Запорижја под најголем ракетен напад од почетокот на војната.
- Во Украина се вратени телата на 61 бранител.
- Соборени се десет руски проектили над Кијив.
- Руските трупи извршија нов ракетен напад врз критичната инфраструктура во Харкив.

**11 февруари, ден 353**

- Патувањето на Зеленски на средби со европските и светските лидери, вклучува длабоко емотивни апели, но и внимателен државнички став. Тој води кампања за приоритетите на својата нација - обезбедување поголема воена огнена моќ од сојузниците и долго бараниот пристап на Украина во Европската унија. Европскиот Парламент го дочека со овации.
- Зеленски го разреши Руслан Џиуба од местото заменик командант на Националната гарда.
- Руски ракете бараж кон Запорижја и Харкив.
- Рускиот воен пропагандист и блогер Игор Гиркин во објава на Телеграм ги критикуваше воените генерали и наведе дека рускиот „пораз кај Вуледар е веќе нашироко познат“.

**12 февруари, ден 354**

- Унгарија, како и за сите претходни, се противи на идејата за воведување и на десетти пакет ЕУ санкции против Русија.

- Руската војска лансираше 106 проектили, вклучувајќи 32 ракети Ц-300.

**13 февруари, ден 355**

- Експлозии се слушнале вчера во Мариупол, погодени се локации на руските окупатори.
- Речиси 90% од се Украинците подготвени да продолжат да се борат против руската агресија.
- Во нападот на Вуледар Русија загуби цела елитна бригада, соопшти украинскиот функционер Олексеј Дмитрашкивски.

**14 февруари, ден 356**

- Фијаско на руските сили во обид да го освојат Вуледар на истокот од Украина, „Само дебили напаѓаат директно во одбраната", изјави поранешниот министер на проруската Донецка република Игор Стрелков.
- Путин не се подготвува за мир или преговори што би го почитувале територијалниот интегритет и суверенитет на Украина, изјави Столтенберг на прес конференција на почетокот на Состанокот на министрите за одбрана на НАТО во Брисел.

**15 февруари, ден 357**

- Високи претставници на одбраната и министри од сите земји членки и партнерите, едногласни во заложбите за целосна воена поддршка на Украина, јавува известувачот на ЦИВИЛ од Состанокот на министрите за одбрана на НАТО во Брисел.
- ЕУ ќе ги интензивира напорите, по основ на репарации, замрзнатите руски имоти да ги користи за реконструкција на Украина, се вели во соопштението на претседателите на европскиот совет и на европската комисија Мишел и Дер Лајен.
- Украина објави дека со помош на ЕУ почнала да ги менува милионите класични сијалици со енергетски

штедливите ЛЕД со цел да се штеди струја во услови на принудни рестрикции.

**16 февруари, ден 358**

- Путин прифаќа огромни загуби, недостатокот од квалитет го надополнува со квантитет, оценуваат воени аналитичари.
- Вкупно 100 украински војници и еден цивил ослободени од руско заробеништво во размена на затвореници меѓу Украина и Русија.

**17 февруари, ден 359**

- Последните податоци на ОН евидентираат речиси 18 илјади цивилни жртви во Украина од почетокот на руската инвазија.
- Холандија, Германија и Данска ќе ѝ дадат на Украина речиси 100 тенкови Леопард, германските ќе пристигнат кон крајот на март.

**18 февруари, ден 360**

- ЕУ најави нов пакет санкции за Русија и стратегија за дополнителна континуирана помош за Украина.
- Иран шверцува беспилотни летала во Русија користејќи чамци и државна авио компанија, јавуваат дел од светските медиуми.

**19 февруари, ден 361**

- Од почетокот на руската агресија, украинската армија елиминирала околу 142.860 непријателски трупи, 3.310 тенкови, 6.545 оклопни борбени возила, 298 авиони, 287 хеликоптери, соборени се вкупно 873 непријателски крстосувачки ракети.
- Руските агресори гранатираа 10 населби во регионот Харкив, регионот Херсон гранатиран 55 пати, има повредени и загинати цивили.

**20 февруари, ден 362**

- Најновиот американски пакет оружје е во вредност од 2.2 милијарди долари, а во пакетот се и муницијата за ракетните системи ХИМАРС со кои Украинците можат да стрелаат и зад руските фронтални линии.
- Канада воведе санкции против 38 поединци и 16 ентитети кои „шират руски дезинформации и пропаганди“.

**21 февруари, ден 363**

- Обраќање на Путин во Руското Федерално собрание.
- Глобалниот енергетски центар на Атлантскиот совет е домаќин на панел на високо ниво за влијанието на војната врз украинскиот сектор за нуклеарна енергија во Букурешт, Романија. Една од темите на дискусијата е руската злоупотреба на енергијата како оружје на војната. На агендата се и украинската енергетска безбедност, особено во секторот за нуклеарна енергија, и улогата на другите земји во регионот во помагањето на Украина во обновата.

**22 февруари, ден 364**

- Европската Унија организира специјален настан посветен на годишнината од руската инвазија против Украина во Истанбул.

**23 февруари, ден 365**

- На денот на почетокот на руската агресија врз Украина 24-ти февруари 2022 година утре во Скопје во домот на македонската армија, во организација на невладината Цивил и во соработка со украинската амбасада во Република Северна Македонија, ќе биде одбележана годишнината на непокорот на украинскиот народ.
- Покрај украинската амбасадорка во земјава Лариса Дир, присуство на конференцијата најавија и дел од највисоките државни претставници на Северна Македонија, евроамбасадорот Гир и амбасадори од земјите членки на ЕУ и други дипломатски

претставници и домашни политички, општествени и јавни личности.

- Собирот ќе го отвори претседателот на Цивил, Џабир Дерала кој е и автор на книгата „Украина - Година на хероизмот“ што ќе биде промовирана утре во Домот на Армијата во Скопје на собирот по повод 365 дена од руската агресија врз независна и суверена Република Украина.

CIVIL



CIVIL MEDIA

ISBN-10 608-4815-38-3
ISBN-13 978-608-4815-38-9
EAN 9786084815389